# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Осмата седница на Собранието на Република Македонија
## одржана на 28 јануари 1999 година

Седницата се одржа во салата за седници на Владата на Република Македонија, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Ја отворам Осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Данило Глигоровски, Гулистана Марковска и Наталија Марковиќ Димкова ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Исто така министерот за развој Лилјана Даневска, министерот за стопанство Жанко Чадо и министерот за внатрешни работи Павле Трајанов, ме известија дека од оправдани причинине се во можност да присуствуваат на оваа седница.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република

Македонија г-динот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет.

Бидејки министерот за животна средина Тони Поповски, поради службени обврски не беше присутен на минатата седница,го молам да даде свечена изјава.

Ве молам да станете.

Текстот на свечената изјава гласи: Изјавувам дека функцијата министер за животна средина во Владата на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија.

Почитувани дами и господа пратеници, согласно член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 6 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, а во врска со член 98 од истиот закон , констатирам дека со именвуањето на пратеникот Љупчо Јакимовски за генерален директор на Јавното претпријатие МТВ, му престана функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејки пратеникот Љупчо Јакимовски, беше избран одлиста на кандидати, потребно е ДИК да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно членот 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија ги повлече предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата на мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за ратификација на дополнителниот протокол на Спогодбата за мултинационалните мировни сили во Југоиеточна Европа, со Предлог на закон и истовремено достави единствен текст на предлогот за доенсување на закон за ратификација на Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа со дополнителен протокол, со Предлог на закон кој Ви е поделен.Владата на Република Македонија предлага ово] закон да биде разгледан на денешната седница.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака?

103 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? ( Нема)

Дали некоЈ е воздржан? (Нема)

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашаша на изборите и именвуањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на

членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, овој предлог го повлекувам. Ке го ставиме овој предлог на одлука на една од наредните седници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Констатирам дека Комисијата го повлече овој предлог од дневниот ред

Пратеникот Горан Невеновски, предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за овгласување избор на судија на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

114 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Според тоа констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување на членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие МТВ и Предлог на одлука за избори и именвуања на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие МТВ.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? ( 36)

Дали е некој воздржан? (1)

Според тоа констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеничката група на ПДП достави предлог на резолуција и предлага тој да биде разгледан на оваа седница.

Предлогот на резолуцијата, Ви е доставен односно поделен. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, разбирлива е загриженоста на пратеничакта група на ПДП, во врска со целокупните настани и војната коај од ден на ден се разгорува во Косово. Истата загриженост е и кај сите други политички партии кои седат во овие клупи, нормално и на целокупната јавност во Република Македонија, со загриженост ги следат сите настани кои се случуваат во Косово.

Со оглед дека ова е едно прашање кое ги тангира сите чинители во државата, а со оглед дека оваа Предлог резолуција до Владата е доставена вчера, имаме предлог резолуцијата прво да се разгледа пред Владата на Република Македонија, а после тоа да се даде виза, сигнал по истата да се расправа во Парламентот на Република Македонија.

Колку што успејав јас да ја прочитам резолуцијата таа е содржајна но пред се треба да се запази овој ред, Владата ќе се произнесе по истата и највероватно ќе му предложи на Собранието по истата да се произнесе.

Затоа предлагам на наредна седница да се разгледа оваа точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата, тој бара да се одложи оваа точка за да расправа Владата.

Сакам патем да Ви кажам дека предлогот е доставен до сите пратеници и ќе треба да се произнесат соодветните работни тела на Собранието.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, мислам дека

разбирлив е ставот на Владата да има време да се произнесе по текстот на Предлогот на резолуцијата, меѓутоа, би сакал да се прецизира, до-колку Владата може да се произнесе до наредната прва седница на Собранието, тогаш е во ред да се одложи за првата наредна седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш ќе заклучиме оваaточка да оди во дневниот ред на првата седница на Парламентот, а до тогаш и работните тела на Парламентот ќе се произнесат по резолуцијата.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за доенсување на закон за спречување на корупцијата?

2. Предлог за доенсување на закон за престанок на важењето на Законот за зголемвуање на вработувашето, со Предлог на закон?

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа со дополнителен протокол , со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за соработка во областа на науката и технологиите меѓу Владата на Република Македонија и Владата на белорусија со , предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за уредување на имотно правните односи, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на

договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на заштитата на растенијата, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Албанската Влада , со Предлог на закон;

8. Предлог за доенсување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на карантинот за заштита на растенијата, со Предлог на закон;

9.Предлог за доенсување на закон за ратификацијата на Спогодбата за меѓусебно признавање на сведителства, дипломи, квалификации,научни степени и звања стекнати во Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;

10. Предлог за доенсување на закон за ратификација на Конвенцијата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на здравјето на животнтие, со Предлог на закон;

11. Предлог за доенсување на закон за ратификација на договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;

12. Предлог за доенсување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Малезија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестиции , со Предлог на закон;

13. предлог за доенсување на закон за ратификација на договорот за трговска соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Малезија, со Предлог на закон;

14. Предлог за доенсување на закон за ратификација на договорот меѓу РМ и Република Словенија за уредување на меѓусебните имотноправни односи, со Предлог на закон;

15. предлог на одлука за изменвување на Одлуката за оснвоање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на министерствата, Владата и Собранието на Република Македонија;

16. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Советот на меѓунационални односи;

17. предлог за разрешување на судија и претседател на Апелациониот суд во Битола;

18. Предлог за

разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје;

19. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје I Скопје;

20. Предлог аз разрешување на заменик на јавниот обвинител на Република Македонија;

21. Предлог на одлука за избор на судија на Апелациониот суд во Битола;

22. Предлог на одлука за разрешување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие МТВ;

23. Предлог на одлука за избор и именвување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие МТВ;

Дали има за изменвуање и дополнување на дневниот ред.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, Пратеничката група на СДСМ му предлага на Собранието на денешната седница под итна постапка и тоа како прва точка во дневниот ред да се разгледа владина информација и по неја парламентот да заземе свој став, како највисок законодавен дом на Република Македонија, во однос на последниот од серијата скандали што се случуваат на планот на надворешната политика на Република Македонија, а тоа е вчерашното воспоставување на дипломатски односи со Тајван.

Образложение. Народна Република Кина е една од најсилните, најмоќните меѓународни фактори и на политички, и на економски и на безбедносен план. Секоја држава која води сметка за своите меѓународни позиции, за својот суверенитет и интегритет, мора секогаш во предвид да ги има и ставовите и позициите на Народна Република Кина. Впрочем, Кина е и постојана членка на Советот за безбедност, држава која има право да стави вето на секоја одлука на највисокиот орган на 00Н.

За потсетување. На 12 октомври 1993 година се воспоста-вија дипломатски односи помеѓу Република Македонија и Народна Република Кина притоа, за сите оние што заборавија, а не верувам дека има такви , да потсетам дека тоа беше направено под уставното име на нашата држава. Во целиот изминат период , во процесот на меѓународното интегрирање на нашата земја ја уживавме принципиелната поддршка на Народна Република Кина и впрочем, еден од најглавните аргументи кои што беа во нашите раце во битката на меѓународен и билатерален план со Република Грција околу спорот за нашето име беше тоа што две од постојаните членки на Советот за безбедност , а тоа се Кина и Руската Федерација , нас не признаа под Уставното име. Со актот со кој што се воспоставија дипломатските *окмрси* помеѓу двете земји 1993 година ние исто така и во заедничкото комунике помегу претседателите на двете држави , на Македонија и Кина, потпишан 1997 година, меѓу другото од наша страна, беше искажан принципијалниот став на Република Македонија, дозволете да цитирам, Македонската страна повторно ја потврди својата континуирана заложба за принципиелна позиција за една Кина , признавајки дека има замо една Кина во светот, дека Тајлант е неотуѓив дел од Кина и дека Владата на Република Кина е единствена легална Влада која го претставува целиот кинески народ.

Република Македонија се обврза да не стапува во официјални односи , ниту да одржув аофицијални контакти со Тајван. Што значи дека на овој начин , од наша страна е веќе преземена меѓународна правна обврска по однос на ова прашање.

Понатаму, токму врз основа на овие акти , со кој што се воспоставија дипломатските односи меѓу двете земји во сите овие изминати години билатералните односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина доживеја свој подем на сите полиња: на економски план, на политички план, на културен план и сметаме дека тие односи кој што ги изградивме, со еден исклучителен моќен фактор, со оваа постапка од страна на Владата на Република Македонија, не само што се дове-дуваат во прашање туку дефинитивно се разрешуваат бидејќи знаеме која е праксата, која што ја има Народна Република Кина, во однос на оние држави кои што пристапиле кон признавање на Тајван.

Уште едно потсетување. За неколку за нас исклучително битни прашања. Затоа што околу спорот со Република Грција околу разликите со името кои што преговори се водат под покровителство на генералниот секретар на Обединетите нации и Советот за безбедност, понатаму, околу прашањето на продолжувањето на престојот на УНПРЕДЕП во Република Македонија, ќе одлучува токму Советот за безбедност каде што Кина го има правото за вето при донесување на одлуката.

Мислам дека на сите ни е јасно кои огромни штети ќенастанат и на билатерален но и на мултилатирален план од една ваква постапка од страна на нашата Влада.

Нам ни е познато дека Тајланд и не само Тајван туку и други меѓународно не признати територии се подготвени воспоставувањето на дипломатски односи со некои држави на разни начини, па дури и преку давање на финансиска поддршка односно да се купи воспоставувањето на дипломатските односи.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**
(Продолжение)

Впрочем, такви понуди имало и во претходниот период, што се разбира од наша страна биле одбивани и тоа од разбирливи причини бидејќи сме сосема свесни кои несогледливи, долгорочни последици можат да настанат за нашата држава во делот, не само на нејзината меѓународна позиција,туку воопшто за зачувување на нејзиниот суверенит и државност.

Имајќи го предвид составот на Делегацијата која што престојуваше во Тајланд и карактерниот нејзин склоп, не се сомневаме дека се работи за некако сличен финансиски пакет, кој што се договорил. Меѓутоа, во меѓународната заедница постојат пишани и непишани правила. Секоја држава која што води сметка за својата позиција на меѓународен план, тие правила мора да ги почитува. Не е точно дека принципот, кој што важи на кванташките пазари, а тоа е дека се може да се купи и да се продаде, може да се применува на планот на меѓународната политика.

Впрочем, фактот што тоа ниту една друга земја освен Ватикан во Европа не го има направено говори сам за себе. Дали некој овдека, почитувани пратеници смета дека нема други земји во Европа на кои што им се потребни пари. Или дали некој смета дека Тајван не го има понудено тоа и на други држави. И дали некој смета дека во само нашата држава има такви дипломатски виртуози, кои што ќе се решат на еден ваков скандалозен чекор. Впрочем, вчера домашната јавност имашо прилика да слушне која е таа група на земји кои тоа го имаат направено со воспоставувањето на дипломатски односи со Тајван. За илустрација јас само би спомнал некој од нивг само да знаеме во чие друштво од денес се наоѓаме. Тоа се земји од типот на Науру, Тувалу, Бурина Фасо, Белизе, Доминика и тн.

Македонската влада со својата постапка од вчера на меѓународен план не вклучи и не вброи во ваква група на држави.

Ние знаеме дека силни меѓународни фактори кои што имале во изминатиов период и во актуелниов момент големи политички разлики со политиката на НР Кина, па дури сме биле свесни и информирани за тоа дека постоеле и политички конфронтации со Пекинг, на пример, САД, членките на Европката Унија, Руската федерација и тн., за кои што не треба да говорам каква е нивната меѓународна позиција во однос на РМ, во однос на позицијата на РМ, ниту една од нив не се решила да го направи овој чекор, кој што еве, Република Македонија се реши да го направи во текот на вчерашниот ден.

Се поставува прашањето дали владината коалиција, се разбира, доколку владината коалиција стои зад оваа постапка како коалиција и Влада, бидејќи до сега не добивме соопштение дека таква одлука е донесена на Владата на РМ, дали е свесна за тежината на последиците што од ова може да произлезат. Дали е свесна за тоа што ќе се случи со меѓунаордната позиција на РМ. Што ќе се случи кога ќе го имаме предвид целиот механизам на меѓународен план кој што ќе го покрене НР Кина во однос на РМ. Дали сме свесни кои ќе бидат послециите и на политички, и на безбедносен, и на економски план заради оваа одлука. Токму од тие причини, заради сериозноста на последиците, долгорочност на последиците пратеничката група на СДСМ предлага на денешнава седница Владата да не информира, да ги искаже сите свои аргументи "за" и "против", да го чуеме билансот за позитивните и

негативните работи што произлегуваат од една ваква постапка. Потоа, Собранието на РМ по таа Информација да заземе свој став како највисок законодавен дом на РМ.

На крајот на краиштата и секој од нас од пратениците да ја преземе и својата индивидуална одговорност за иднината на РМ и сите оние последици кои ќе настанат со, по мое мислење, едно вакво неодговорно однесување на Владата на РМ. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Бранко Црвенковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по предлогот за дополнување на дневниот ред.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Право на секој пратеник и пратеничка група е да побара информации од страна на Владата, па и за комплетната информација. Не е коректно, пред да се добие информација од Влада да се дадат разни неодржливи квалификации по однос на посетата што, ете, е извршена во Тајван. Непримерно е да се каже дека пред да се добие информација по однос на официјалноста или не официјалноста на посетата дека се доведуваат во прашање нарушувања на односите помеѓу РМ и Републка Кина. Неодржлива е квалификациајта дека се доведуваво прашање дури и престојот на силите на УНПРЕДЕП во РМ, а уште понеодржлива е квалификацијата дека овде се расподаваат интересите на РМ како на кванташки пазар. Тие квалификации, најверојатно, тие зборови би требало да се употребуваат на тој пазар или на улица, а не во салата на овој Парламент.

Со оглед на тоа што Делегацијата сеуште не е вратена од Тајван, ќе треба да почекаме Делегацијата да се врати, да изготви информација и Парламентот ќе биде известен за оваа посета. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот г-динот Стојан Андов бара збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ние исто така сметаме дека се работи за прашање од исклучително голема важност за непосредната и долгорочна иднина на земјата. Мене ми е жал ако тоа не се сфаќа дека е така. Ми е жал ако секој од пратениците не сфаќа што ова значи. Ова значи најголем удар на македонската независнот и меѓународна политика од влегувањето во ООН наваму. И, ако сакате, тоа да го расправиме ставете точка на дневен ред и тоа да го расправиме. И, немојте да не упатувате на делегацијата да поднесува извештај. Овде се бара информација од Владата, дали Владата одлучила. кога одлучила Владата за тоа да се преговара, од што се раководела, кои биле нејзините оценки, кои се нејзините очекувања и кои задачи и директиви и ги дала на оваа Делегација. Тао е она што Владата овде информира, а не Делегациите. Делегацијата си е на Владата. Туку, немојте ова да го сфатите како некои меѓупартиски конфронтирања. Ова воопшто нема врска со политичките непосредни интереси денешни на оваа партија, на онаа партија итн. Се работи за длабоки и долгорочни и непосредни интереси на државата. Да се дигнеме над дневните меѓупартиски интереси. Можеби нешто е направено од незнаење, можеби е нешто направено, пак, од општиот авантуристички приод во меѓунаорндата политика на некои од група луѓе. Јас незнам зошто е тоа нрпавено, но така стојат работите. Дајте Владата да може да ги исправи работите. Владата е единствен фактор кој може да ги исправи. Јас мислам дека Владата е најмногу оштетена. Сега и е нанесен најголем удар на Владата. Дали тие луѓе се свени, јас незнам. Затоа, дајте инфомрација, дајте да го ставиме на дневен ред. Најдобронамерно ќе укажеме како стојат работите и што треба да се направи. Луѓе, не се работи за политички поени. Работата е многу сериозна. Јас сакам да ви кажам дека, се вели, Ватикан имал воспоставено дипломатски односи и сега Македонија. Ватикан неиа воспоставено дипломатски односи. Тој ги одржува дипломатските односи уште не ги прекинал од исфрлањето на таканаречената Република Кина од ООН. Тој само ги одржува и чека прилика, бидејќи таму има католици, во таа држава, кога да ги прекине. И овие другите што ги наброја г-динот Црвенковски, некои од тие имаат воспотавено дипломатски односи со Република Кина кога се нашле под пресија од некои маоистички групи и имале

конкретни поводи зошто го направиле. Ние немаме ама никаков повод, освен илузиите на некои оти така ќе се збогати. Па, верувајте, ако воведиме морал нам да ни платат валкани работи да работиме во меѓународната политика, ние ќе бидеме жртва на таква политика. Па, секој друг од нас има повеќе пари да плати некој друг така да му заврши работа спрема нас. Јас сега не одам во расправа по ова прашање, само ве молам ова да го ставиме на дневен ред. Благодарам

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Андов.

Дали уште некој бара збор?

Потпретседателот Бедредин Ибраими бара збор.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Очигледно е дека е недоразбирање. Не реков дека Делегацијата ќе подготви информација до Пармаментот, туку откако ќе пристигне Делегацијата, Владата ќе изготви информација за Парламентот. Затоа, предлагам оваа точка да се одложи за наредната седница, за првата наредна седница на ова Собрание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе вемолам, јас имам предлог да не водиме ние веќе материјална расправа пред да изгласаме дали ќе ја ставиме точката на дневен ред. Според тоа, ние сега имаме предлог од пратеничката група на СДСМ и од ЛДП. Ве молам да се изјасниме.

Кој е за предлогот да биде ставен на дневен ред денеска на оваа седница?

Кој е за предлогот да се стави предлогот на пратеничката група на СДСМ да се расправа на оваа седница?

38 пратеници гласаа "за".

Молам, кој е против?

66 пратеници гласаа "против".

Дали има воздржани?

1 пратеник се воздржал од гласањето.

Според тоа, оваа точка на денешнава седница неможеме со мнозинство гласови да ја ставиме, меѓутоа, ќе се расправа на една од наредните седници.

Процедурално господинот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Со оглед на фактот дека ние сме предлагачи на точката на денвен ред да се расправа за владина информација, ние треба да одлучиме дали ќе се расправа на оваа седница односно дали останува ме на својот предлог или на правата наредна седница. Заради значењето на проблематиката, заради сериозностас на проблематиката сакам да ве информирам дека ние сега веднаш ќе поднесеме барање за свикување на итна седница на Собранеито на РМ да не чекаме некоја од наредните седници, бидејќи овдека последиците се големи и треба брзо да се одреагира. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, кога сме веќе кај итните седници, сакам да ве потсетам на член 97, став 3 каде што се вели дека "по исклучок во итни случаи претседателот на Собранието може да свика заедничка седница и во покус рок од 15 дена, а дневниот ред за оваа седница да го предложи и на самата седница". Според тоа, вие можете да предложите итна седница, а претседателот на Собранието одлучува за свикувањето на итната седница. Добро, сега, претседателот на Собранието не значи дека и нема даја прифати таа. Сакам само да ве потсетам ова како пишува овде во Деловникот, кој што го имаме усвоено.

Според тоа, јас ја прифаќам итноста на седницата и штом добијам информации од Владата истиот, ден јас ќе закажам седница на Собранието.

Одиме понатаму.

Тоа е тоа, сега го ставам дневниот ред на гласање.

Повелете, ако има други предлози за измена и дополнување на дневниот ред?

Г-динот Горѓи Спасов бара збор по дневниот ред.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, во име на пратеничката група на СДСМ барам на денешната седница Владата да даде информација за посетата на министрите Горѓи Наумов и Георги Боев на Штип за време на која со нивните гости од Македонската патриотическа организација му се поклонија на споменикот на Тодор Александров, кој е напишан на бугарски јазик и подигнат од

страна на бугарските фашисти во време на бугарската окупација на Македонија во 1942 година.

СДСМ уште во време на изборот на министерот Мартин Треневски, меѓудругото укажа дека, морам да дадам образложение зошто бараме таква информација. Исто така, давам и образложение. Образложението ни е потребно, затоа што СДСМ уште во време на изборот на Мартин Треневски укажа дека политичкото присуство на министрите покрај луѓе кои што бараат редефинирање на македонската историја, промена на македонската азбука и воздигнување на Тодор Александров и Ванчо Нихајлов за најголеми великани на македонкста историја претставува давање на политички легитимитет на таквата политика и претставува политичко арбитрирање во историјата на Македонија. Тоа не беше доволно да се свати, тогаш се оглуши и Владата и премиерот, меѓутоа затоа после 2 дена овие министри во истото друштво се 50-тина души отидоа и се поклонија пред плочата на Тодор Александров во Штип.

Истовремено, македонскат јавностае фознемирена, меѓудругото од таквио однос на минситри во Владата меѓудругото што коментатор односно заменикот главен уредник на Македонското радио, кој што се спротистави и критички ја оцени таквата постапка беше отстранет од сопственатафункција со образложението дека не делува во согласност со програмските определи на Македонската радио телевизија. Владата е должна по овој повод, меѓу другото да даде оценка какви се тоа програмските определби на Македонската радио телевизија. Истовремено, да, ова е образложение на барањето да се даде информација за таа посета, затоа што практично Владата со таа информација треба да каже, меѓудрогото и дополнителни информации дали е точно она што сето се говори во јавноста за поврзаноста на голем број министри со луѓе кои што оваа политика апсолутно ја застапуваат низ сопствените статии. Како што е политиката на г-динот Тодор Богданов, брат на актуелнио министер Стојан Богданов, како што е политиката на Александар Стојменов од Друштвото"Тодор Алек-сандров" во Брисел, што е брат на г-динот Борис Стојменов, односно братучед на Борис Стојменов, како што е г-динот Горѓи Боев, чија што сестра била секретар на Ванчо Михајлов, како што е г-динот Ле-павцев од политичката партија. И, треба да знаеме што навистина подготвува.г таа Влада. Таа дали отстаспува од сопствените пропагандни пароли и мисијата што ја имаше во време на изборите или пак на Маке-донија вистина и подготвува редефинирање на политичката истроија односно создаваше на политика со која што македонскиот народ никогаш нема да се согласи.

Молам, информацијата да биде поднесена на оваа седница. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по ова прашање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Изгледа дека, нормално, опозицијата користи секој момент и тоа што е приватно и неприватно да го пласира од говорница на ова Собрание. Имавме можност преку средствата за јавно информирање да се запознаеме со прашањето за кое, ете, господинот Спасов сега тоа го постави и мислам дека од тоа што јас го чув и го разбрав, тао е приватна посета на споменастите министри. Владата не е должна за такви посети да изготвува посебни информации. Ако некој мисли дека одреден министер во неговиот приватен живот ќе се огреши или ќе прави одредена повреда, се знае каде треба да се бара одговорноста. Затоа, мислам дека Владата не е должна по ова да изготви одредена информација. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Мислам дека овде се мешаат некои работи. Не знам дали се работи за пратеничко прашање или се работи за барање за изготвување на некоја информација за некоја наредна седница, или пак предлагаат некој материјал во писмена форма, па итноста ја образлагаат, на оваа седница да се разгледа.

Како што гледам овде од сите предлагачи не се предлага материјал во писмена форма па ние да го имаме на маса и тогаш врз основа на

образложението на предлагачот да утврдиме дали е потребно да се разгледува итно, или пак треба да се разгледува на некоја од наредните седници. Дали имате некој материјал за ова? Гледам дека никој нема материјал. Понатаму, дали може сега Владата, вие баравте од Владата некоја информација, потпретседателот на Владата рече дека таа информација ќе ја изготви за една од наредните седници. На таа седница ние ќе ја гледаме таа информација. Тоа е за првиот предлог.

За вториот предлог конкретно прашање се поставува на министерот. Министерот на прашањето може да одговори или не мора да одговори и тоа прашањата треба да се однесуваат на неговата работа, односно на работата што ја работи од неговиот делокруг, а не општи прашања дали бил некаде или не бил. Мислам дека не би требало вака да се поставуваат. Ако имате предлог во врска со овој материјал, писмен предлог поднесете па можеме да расправаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Кирил Андоновски.

Дали уште некој бара збор во врска со предлогот на господинот Спасов.

Има збор господинот Горѓи Спасов. Претпоставувам дека деловничко ви е барањето.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Секако работа е на потпретседателот на Владата да оцени дали е приватна работа на еден министер во друштво со гости на Владата да оди и да покренува плочи на Тодор Александров и да им се поклонува и да дава политички легитимитет на ставовите што таквите гости на Владата што овде се на сметка на Владата дојдени и се организираат на тој начин. Меѓутоа, тоа е сепак нешто што предизвикува голема вознемиреност кај македонскиот народ и ние како пратеничка група имаме право навистина да бараме од Владата да ни поднесе информација и да го изнесе сопствениот став дали тоа го смета само за чисто приватен став на тие министри. Нивните министри до пладне се министри, а попладне се приватни лица кои што можат да прават се што сакаат и да кажуваат се што сакаат, независно од нивната функција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега веќе ни е прецизиран предлогот. Господинот пратеник бара информација од Владата. Го молам претставникот да
се произнесе дали Владата е спремна да поднесе информација на денешната седница или пак ќе се одложи за наредната седница.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас бев јасен и реков дека Владата не осеќа обврска да изготви информација во врска со, пак ќе кажам, приватниот живот, приватната посета на двајцата министри кои се во состав на оваа Влада. Така да ако министрите осетат за потреба да одговорат на тоа прашање, тоа е нивна лична одлука, но не верувам дека до тоа може да дојде. Затоа уште еднаш повторувам. Владата не осеќа обврска да изготви ваква информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сум должен сепак предлогот да го ставам на гласање.

Молам, кој е за предлогот на пратеникот Горѓи Спасов, по овие прашања Владата да поднесе информација? (25 пратеника).

Дали има некој против?

(68 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање?

(15 пратеника).

Според тоа, не е прифатен предлогот на пратеникот Спасов, да се подготви информација и да се расправа на седницата на Парламентот.

Дали има уште некој предлог?

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ :**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

На последната седница на Собранието на Република Македо-нија поставив барање Владата на Република Македонија да изготви информација за состојбите со откупот на тутунот од минатогодишната реколта. Мотив за покренување на ова барање беше и беа проблемите кои што настанаа во врска со продавањето на тутунот од тутунопроизводителите, при што скоро еден месец тутунот не дојде во откупните станици.

Од информацијата гледаме дека во тој период откупени се само 2000 тони, а уште околу 30000 тони стојат кај приватните про-изводители.

Во целиот овој период низ градовите и селата се шетаат разно разни додворувачи во името на заштитници на тутунопроизводи-телите кои ги изнесоа тутунопроизводителите да штрајкуваат и ветуваа цени кои на широко се промовираа во предизборните активности, а после, избегаа и ги оставија сами.

Намерата на барањето, односно информацијата беше да се спречат тие разни лицитанти на цени и на класи на тутунот. Цените и класите да ги определат надлежните органи кои согласно Законот се за тоа надлежни и да се добие информација од право место на тутунопроизводителите. Само на таков начин тутунот ќе влезе во откупните станици .

Веќе е очигледно дека сега со оваа информација искажани се само состојбите околу цените на тутунот, а не е кажано како дојде до тоа тутунопроизводителите да штрајкуваат и кој тоа го направи. Значи во информацијата немаме ниакви податоци за таа состојба. Гледам дека Владата на Република Макдонија оваа информација ја дава само за запознавање на пратениците. Според тоа немаме прилика пошироко да расправаме за оваа состојба за да си го кажеме својот збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали има уште некој предлог?

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Предлагам Собранието на оваа седница да донесе заклучок според кој Владата на Република Македонија за првата наредна седница да подготви информација за почитување на меѓудржавните договори со Република Словенија, особено оние кои се однесуваат на слободното патување на граѓаните без притоа да се обезбеуваат влезни визи во Република Словенија.

Од средствата за јавно информирање во последниве неколку дена сведоци сме, можеме да слушнеме и да прочитаме дека еден голем број на граѓани во Република Македонија кои од разни причини и свои потреби имаат потреба да патуваат во Република Словенија, немаат можност да влезат во оваа држава, туку вракани се од самата граница. Притоа граѓаните на Република Македонија изложени се на големи трошоци кои значат плаќање на авионски карти, возни, автобуски карти и тн. Според мое сознание за влез во Република Словенија не треба граѓаните на Република Македонија да имаат влезна виза. Така да тие не само што се враќани, туку барем според она што можевме да го прочитаме од средствата за јавно информирање, се и малтретирани, притоа и омаловажувани како граѓани на оваа држава. Ова го поставувам од една единствена причина што најголемиот број на граѓани кои имаат потреба да патуваат во Словенија се од западниот дел на Република Македонија. Всушност и еден поголем број на граѓани од Западна Македонија подолго време работат во Словенија, така да членови на нивните потесни семејства не можат да одат таму. Според некои мои сознанија од западниот дел на Република Македонија некои граѓани дури се изложени на барање на соодветни решенија како можат да влезат во Словенија. Така да веќе во Гостивар има појава, одредени приватни лица да продаваат некакви си хуманитарни пасоши, ни помалку ни повеќе туку за 080 марки, со ветување дека баш со тие хуманитарни пасоши ќе можат да влезат во тие држави каде всушност и нема потреба од влезна виза за граѓаните од Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, ова повеќе да се сфати како пратеничко прашање.

Дали може претставникот на Владата да одговори на ова пратеничко прашање, бидејќи немаше потреба од информација, иако денес на дневен ред немаме пратенички прашања. Тоа ќе го имаме после Стоте дена од формирањето на Владата.

Дали претставникот на Владата сака да одговори? (Нема потреба)

Има збор пратеникот Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Во врска со конституирањето на дневниот ред на денешната седница сакам да потсетам на обврската што претседателот на Собранието ја презеде на Првата конститутивна седница на пратеничката група на Собранието на РМ во Интерпарламентарната унија.

Обврската што во таа прилика беше преземена е до денешната седница на Собранието на Република Македонија да се подготви Информација, врз основа на претходни разговори и договори со координаторите на пратеничките групи за составот на делегациите на Република Македонија, како и визија за дополнување на пратеничката група на Парламентарната унија со конституирање на делегацијата за избор на потпретседатели. Тоа во овој рок не е направено, а вам ви е познат принципиелниот став на пратеничката група на СДСМ по однос на нејзиното учество во делегациите што ова Собрание го претставуваат во меѓународните институции. Имено, морам да го повторам овој став бидејќи тоа е поткрепа на потсетувањето што на денешната седница го упатувам до вас и до претседателот на Собранието на РМ. Имено, принципиелниот став на пратеничката група на СДСМ е дека таа нема да учествува во ниедна делегација што го претставува Собранието до колку не биде обезбедено нејзино учество во сите делегации, сходно резултатите, како втора по бројност пратеничка група и сходно на меѓународната практика и она што беше практика на ова Собрание, опозицијата да влегува во композицијата на сите делегации. Во таа смисла како илустрација сакам да потсетам дека делегации од ова Собрание во Советот на Европа, во ОБСЕ и тн. веќе функционираат, притоа ние да не сме го завршиле договорот со претседателот на Собранието. Во таа смисла, бидејќи очигледно нема претходни подготовки оваа точка да се стави на дневен ред на денешнава седница на Собранието, би барала од страна на претседателот на Собранието да го дефинира рокот. Мој предлог е на пример за тоа да се разговара на наредната седница на Парламентот, рокот во кој што оваа ситуација во Парламентот би била следена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претседателот на Собранието го прифати овој предлог и на наредната седница ќе добиете опширна информација, откако ќе ги допрецизирам уште консултациите со сите пратенички групи одделно, а околу составите на делегациите и тогаш за прв пат ќе одиме, ќе го прекршиме правилото и оние делегации кои во минатото ги усвојуваше Претседателството, ќе ги изнесеме овде на Собранието, па ќе водиме расправа. Тоа ќе биде следниот четврток и тоа како предрасправа по повод редовната седница во Собранието.

Дали уште некој бара збор во врска со дневниот ред?

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитузани пратеници.

Јас би сакал овде јавно да се каже дали се изјасни Парламентот за тоа дека Информацијата за откупот

на тутунот, односно по таа Информација дали ќе се отвара расправа, или останува само како интерна информација за нас пратениците, со оглед на тоа што предлагачот кога го предлагаше тоа да влезе како информациј.а во дневниот ред, тој бараше да се расправа на седницата. Морам да кажам дека и моето лично убедување, па и барањето на одредени заинтересирани страни во врска со овој проблем е, тие бараа да се раиправа и Владата покрај тоа што ќе го изнесе својот став околу начинот како мисли да го реши проблемот со откупот на тутунот, би требало да се расправа и околу тоа што е визијата и перспективата на оваа стопанска гранка затоа што и во Информацијата стои дека е една од најбитните стопански гранки. Според тоа јас барам да се расправа, или веќе заклучивме тоа да биде само интерно за пратениците што инаку, по мое длабоко убедување не ги задоволува потребите на заинтересираните.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Љатиф Пајковски.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе јас побарав информација од Владата, не пратеничко прашање и барам Владата да се изјасни дали на оваа седница ќе може да ја подготви таа информација од која ќе може да се видат многу податоци, колку граѓани се вратени од границата на Словенија, кои се причините за непочитување на меѓудржавните договори и тн.

Дали Владата ќе може да ја подготви таа инфорамција на оваа седница и таа да биде составен дел на дневниот ред, или тоа ќе биде за првата наредна седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи веќе е конкретизирано како информација.

Дали уште некој бара збор во врска со утврдувањето на дневниот ред.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, претседателство, пратеници, дами и господа министри.

Господине претседателе мислам дека не деловнички ја водите седницата во утврдување на дневниот ред. До колку ја водевте деловнички ќе немаше потреба да интервенирам. Веднаш да ви укажам. Не би сакал со тоа да ја злоупотребувам оваа говорница и вашето де-ловничко водење, но треба седницата да си добие нормален ред.

Во колку се води расправа за дополнуваше на дневниот ред, пратениците овде стануваат и даваат предлози. По секој предлог од пратеникот не се води расправа и треба Собранието да се изјасни дали го прифаќа или не го прифаќа.

Јас во конкретниов случај имам забелешка по однос на предлогот на господинот Кирил Настевски, потоа и на предлогот на госпо-динот Ризван Сулејмани во врска со Информацијата за состојбите со откупот на тутунот за родот 97 година во Република Македонија што е доставен од Владата на Република Македонија до ова Собрание и како што вели Владата за запознавање, да се запознаат пратениците во Собранието на Република Македонија.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ: (**продолжение)

Овие пратеници дадоа предлог од оваа говорница да расправа Собранието по оваа Информација, затоа што очигледно според мене, сега се впуштам во материјална расправа за изменување и дополнување на дневниот ред, очигледно произлегува од Информациајта дека е потребна расправа по оваа тема. А и состојбите на теренот онакви какви што се мислам дека треба ова Собрание да расправа за севкуп-ната состојба во врска со откупот, а веројано во расправата ке про-излезат и одредени насоки за понатамошната дефиниција на тутунската индустрија во РМ, производството, откупот и преработката и продажбата на тутун, онака како што чувте во одредени насоки и декларативни залагања од одредени претсетавници на Владат ана РМ во претходниот период од овие две-три недели.

Мислам дека и обврските од Законот за тутун го налагаат тоа прашање, затоа што во една одредба од почтните членови на Законот за тутун се кажува дека Владата до 31.01. од тековната производна година треба д адонесе Програма со која ќе го дефинира призводството на суровиот тутун во РМ за тековната година, од кои произлегуваат сите проблеми со сета силина, како што излегоа сега во овој период.

Затоа г-дине претседателе мислам дека не се работи за политичко прашање, се работи за актуелно прашње во РМ од податоците кои се изнесени во Информацијата е и што дефакто ова прашање тангира огромен број на грагани во РМ и се работи за култура која 60 години и повеќе егзистира во РМ на пазарните услови од која се остварува што е изнесено и во Информацијата, околу 200 милиони марки годишно девизен прилив за РМ. Еден сегмент за кој мислам дека првично треба да биде заинтересирана Владата на РМ. Мислам дека никој политички не треба да ќари, треба да ќарат граѓаните и пред се ако треба некои политички да ќари, тоа е оваа Влада која треба да ќари и да се отвори оваа расправа во Собранието на РМ. Мислам дека не треба да се бега и да се смета дека е тоа полиитчка тема која на некој начин е испумпана во овој период од познатите состојби итн. Се работи за реални состојби кои се настанати и кои егзистираат одамна во РМ. Впрочем, јас од оваа говорница имам разговарано за тој проблем и во изминатите период кога се носеша Законот за тутун и измените и дополнување на Законот за тутун и мислам дека тоа прашање и понатаму останува отворено. Ако не сакаме празен ход треба да се договориме како Парламент да се отвори сериозна расправа по ова прашање, да се донесат соодветни заклучоци и така да постапи актуелната Влада.

Затоа конкретно предлагам, бидејќи имаме информација од Владата, значи вложила напори да направи нешто и да не запознае со состојбите онакви какви што ги гледа Владата. Друго е прашањето кој колку се согласува со тие податоци што се изнесени, дали тие кореспондираат со реалната состојба во РМ, мислам дека има адекватна потреба тоа прашање да се отвори овде и Парламентот да се изјасни по состојбите во врска со откупот, а веројано, бидејки и времето си тече и понатамошното производство на тутунот за нареднат агодина и дефинирање на вкупната политика во тој сегмент од земјоделитето во Република Македонија.

Затоа конкретниот предлог ми е Парламентот да се изјасни да се стави оваа Инфорамција, која е готова, не само за запознавање на пратениците, туку и за расправа на Парламентот на оваа седница како точка на дневен ред. Всушност, се приклучувам кон предлогот што го изнесоа претходните двајца пратеници за кој деловнички Собранието не се изјасни. Јас инсистирам по овој предлог деловнички Собранието да се изјасни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Стојаноски Наќе за корисните

сугестии и ги молам пратениците кога ке побараат збор да се произнесат дали е тоа пратеничко прашање, дали бараат информација или каков друг облик затоа што во нивното излагање честопати не е дефинирано.

Во конкретниот случај имаме јасен предлог и јас сакам Соб-ранието, бидаејки Владата се произнесе, поднесе информација, Собранието да се произнесе со гласање дали да ја ставиме оваа точка на дневен ред и по неа да водиме расправа, како што предложија претходните двајца пратеници.

Предлогот на пратнеикот Наќе Стојановкси го ставам на глаање.

Кој е за денеска да водиме расправа...?

Претставникот на Владата побара збор.

**БЕДРЕХИМ ИБРАИМИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Од страна на еден од пратениците беше побарана информација за состојбата за тутунот. Таа инофмација е доставена и моментално од оправдани причини ресорниот министер не е присутен на оваа седница, јас не знам како може да се постави на дневен ред и да се расправа по истата а да не биде присутен ресорниот министер кој треба да одговори евентуално на прашања кои би се отовриле во случај на расправа по Информацијата.

Држи предлогот по Информацијата да се расправа но на една од наредните седници или на првата наредна седница.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Може на наредната седница, се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, решено и по ова прашање. На наредната седница да се расправа и доколку има други сознанија, Владата ке ги достави до наредната седница.

Ве молам, имаме ли друга информација, но,

Молам кој е за наредната седница да се води расправа во врска со Информацијат за тутунот.

Г-динот Томсислав Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа немам ништо против да се расрпава по Инфорамцијата, мегутоа говориме за еден принцип. Дали не го нарушуваме тој принцип. Ако се даде можност на Владата 100 дена да биде оставена на мира и да работи, ќе треба да дојде овде и во тој рок што и е даден во мир да се спреми и да работи, ќе можеме да расправаме дали нема да го нарушиме правото на некој втор. Тоа е едно.

Второ, господата прашува кој го прави штрајкот, кој го тоа чини? Одговарам од овде, ќе гласам да стои и да се расправа по ова но ќе отворам едно прашање - Опозицијата бидејќи нема друга работа оди и прави штрајкови.

(реагирање на пратениците)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам претставникот на Владата го прифати предлогот. Г-динот Наќе Стојановски бара збор - деловнички.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Претседателе навистина ми е жал што морам да интервенирам. Не би сакал да се експонирам во смисла на тоа да бидам кавгаџија, сакам рационален придонес да дадам и на овој Парламент.

Кој има други анмери тоа си е негов проблем. Нема расправа по Предлогот за дополнување и изменување на дневниот ред, има мислење од Владата и точка. Заота што, ако отовриме расправа секој ке бара согласно Деловникот. Нема расправа, не се води расправа. Оттаму јас се осврнувам на мислењето на Владата и предлогот што го даде.

Го прифакам предлогот на Владата и мислењето по Информацијач за состојбите со откупот на тутунот за родот од 1998 година во РМ да се расправа на првата редовна наредна седница на Собранието на Република Македонија.

Благодарам, го повлекувам мојот предлог во делот да се расправа на оваа сендица. Значи, се согласувам со мислењето на владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа на наредната седница, за што имаме и согласност на Владата, ќе се расправа.

Денеска имаме уште еден предлог за друга информација, тоа е Информацијата за состојбите со визниот режим и проблемите што ги имаат нашите граѓани со Република Словнеија.

Веќе е формулирана како информација. Дали владата може на оваа седнидца да одговори.

**БЕДРЕДИН ИБРАХИМИ:**

Очигледно се работи за наследени проблеми од старата власт кои сега се поставуваат на новата власт.

Владата зема обврска за една од наредните сендици, на наредната седница да ја изготви бараната Информација од г-динот Латив Пајкоски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Бедредин Ибраими. За збор се јави пратеникот Амди бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Предлагам по предлогот на Словенија, бидејќи Словенија за нашите граѓани воведува визи, спротивно да се земе во предвид за граѓаните од Република Словенија кога доагата од Словенија да им се бара виза. Не само ние кога идеме оддтука да отидеме како падобранци како од Албанија што бегаат преку Италија со бродови и чамци, така ги малтретираат нашите грагани во Р Словенија. Има и други такви работи, но конкретно сакам да кажам за Словенците. Словенците кога ќе дојдат кај наса сакам истиот режим да им се спроведе овде. Што е кај нас ? Ние демократија продаваме, а они сите нас култура ни продаваат. И за нив следува виза да се спроведе.

Предлагам да се гласа по предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Абди Бајрам за сугестијата. Таа е во рамките на оваа Информација, која

Владата ја прифати.

Молам, дали уште некој бара збор во врока со ова прашање?

За збор се јави предлагачот Латив Пајкоски.

**ЛАТИВ ПАЈКОСКИ:**

Г-дине претседателе, прифаќам Валдата да ја подготви таа информација, мегутоа за првата наредна седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Владата вели на една од наредните седници. ( Томислав Стојановски - нема 100 дена луѓе)

Ако е така тогаш како Информацијата ке ја прифатиме и на една од наредните седници ке ја разгледаме.

Молам, дали има уште предлози, сугестии вов рска со предложениот дневен ред? (нема)

Ако нема, го ставам дневниот ред на гласање.

Кој е за предложениот дневен ред, како што е предложен.

93 пратеници се изјаснија за предложениот дневен ред.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека со 93 гласа "за" Собранието го усвои дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Минуваме на точката 1.

Предлог за донесување на закон за спречување на корупцијата.

Предлогот за двнесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Владо Камбовски, министер за правда.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани господа пратеници и пратенички,

Донесувашето на законот за спречуваше на корупција ке биде проследено според планот на владата со поширок комплекс на измени во законодавството кој ги опфаќа измените во Кривичниот законик по однос на кривичните дела поврзани со злоупотребата на службената положба, Законот за кривичната постапка со создавање на законски претпоставки за примена на современи техники и мерки за поефикасно откривање и гонење на сторителите на дела за организиран криминал, вклучувајки ја и корипцијата, Законот за Јавното обвинителство по однос на овластувањеата на Јавниот обвинител; законите во областа на финансиското и банкарското работење; Законот за јавните набавки. Исто така ќе биде донесен и еден посебен закон за перење на пари.

Корупцијата претставува еден од основните проблеми на современата правна држава која како феномен особено го загрозува кревкиот организам на земјите во транзиција. На корупцијата, како и на организираниот криминал во земјите во транзиција им погодуваат повеќе фактори, како што се економските промени, приватизацијата, недоволно етабрираните државно-правни основи на новиот економски и правен систем, слабеењето на одговорноста и непостоењето на ефикасни контролни механизми и систем на взаемна контрола меѓу носите-лите на власта, а одлучувачките фактори се главно разместени на линијата економија-политика-држава. Помеѓу нив постои едно взаемно, обусловено и вкрстено дејство.

Имено, слабата материјална економска основа на општеството во периодот на транзиција од една страна елимитирачки фактор за етабрирање на демократски односи и развиен правен систем, а од друга страна е стимулативен фактор за започнување на една безпоштедна трка во прераспределбата на и така лимитираниот капитал и можен профит.

Од друга страна политиката која нема подолга демократска традиција е подложна на тенденцијата на краен утичатилатиризам. Целта, освојувањето на власта,па и останувањето на власт ги оправ-дува сите можни средства за постигнување на таа цел. Државата изгра-дувана врз партиски монопол кој подразбира и монопол врз капиталот не може лесно да и одолее на таквата инерција. Оттука, за сите земји за транзиција, па и за РМ иахерентен дел на реформите претста-вува парирањето на ваквите појави, како што е корупцијата, кои можат да го доведат во прашање и самото успешно одвивање на тие реформи. Се покажа дури дека постои една закономерност колку поврзо се

спро-ведуваат тие реформи и се воспоставува систем на пазарно стопанство, демократија и правна држава, толку повеќе се стеснува просторот за корупција и други негативни општествени појави. Тоа го илустрираат и споредбение показатели со присуството и порастот на корупцијата во одделни држави.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ: (**продолжение)

Во Република Македонија,во отсуство на статистички евиденирано отсуство на корупцијата, низ статистиките нема да ја најдете никаде, внимание залужуваат низа индикатори во сверата на промената на законите, слабеењето и неефикасноста на откирвањето на казниците дела, што доведува до тоа да останат неоткриени низа тешки дела. Ширењето на наркоманијата пред очите на чуварите на редот, неефикасноста и спороста на казнената постапка, во економскиот живот упорно остојува сивата економија, според низа компетентни мислења во над 50% од економската сфера, за што сега Владата подготвува мерки за незино потиснување. Јавните нарачки, другите јавни работи се вршеа без прецизна законска регулатива што би обезбедила еднаква достапност на сите субјекти кон нивното изведување.

Општо познати беа фирмите што го уживале благословот на владеачката или некоја друга партија. Постапката на приватизација на одделни општествени фирми со право го заслужува епитетот на криминален потфат. Може да се приведат и бројни други појави што предупредуваат на едно крајно сериозно проникнување на корупцијата во , речиси, сите општествени пори , дотолку поопасно зашто РМ е мала држава, држава во транзиција, држава што допрва го развива начелото на владеење на правото и држава што не го заокружила процесот на економските и општествените реформи и не го завршила тој процес.

Сето тоа се факти по однос на кои не е изненадувачка една не многу поволна меѓународна оценка, какви што во последно време веќе започнаа да се даваат за нашата држава.

Борбата против корупцијата, поттикната од алармантните размери што ги добива самата појава се води на два фронта: на планот на превенција и на планот на репресија.

Репресивната активност ги покрива подрачјата на материјалното и процесното казнено право. И двете подрачја денеска се зафатени со реформи од типот на појава на нови дела, инкриминации, статуирање на одговорност на правните лица, нови процесни решенија во правец на поефикасно откривање на делата на корупција итн.

За сите промени во современите законодавства стои јасно изразена политичка волја за искоренување на корупцијата со атакување врз следниве сектори: законодавството, организацијата и ефикасноста на органите за откривање и гонење.

Владите и парламентите на европските држави јасно ги дефинираа приоритетите за борба против корупцијата и организираниот криминал. Советот на Европа и Европската унија јасно и недвосмислено и во случајот на РМ го условија процесот на брзината на интегрирање на поранешните социјалистички држави, па така и РМ во европскиот круг со конкретни резултати во превенцијата и сузбивањето на корупцијата и другите облици на криминал.

Потребата од реформата на законската регулатива не ги заобиколила и развиените земји, при што посебно внимание е посветено таму на регулативата што има превентивно значење и ги затвора, особено во финансискотоработење, можностите за инфилтрирање на незаконитите профити во легалниот бизнис. Се работи за мерки од типот на обврска за пријавуваше на финансиски трансакции над определен износ, обврска на финансиските институции аз пријавување на секоја сомнителна трансакција, зајакнување на контролата над банкарските операции и тн.

Составен дел на тоа ново антикорупциско законодавство претставува и усвојување на регулатива за конфликтот на интереси во јавните служби односно изработка на кодекс на однесување на јав-ните службеници. Во 00Н има усвоено Меѓународен кодекс за однесување на јавните службеници, што треба да служи како модел за такво законодавство и содржи одредби за конфликтот на интереси и дисквалификацијата , пријавување на имотот, обврска за пријавување на личниот имот и имотот на нивните

сопружници и лица зависни од нив, примање подароци и други услуги, користење доверливи информации и други политички активности.

Сузбивањето на корупцијата претставува една од главните преокупации на последните конгреси на 00Н за сузбивање на криминалот и постапувашето со претстапниците.

Во рамките на Комисијата за спречување на криминалот и за казнена правда на ОН и неговото Одделение за спречување на криминалот во Виена подготвен е и еден модел , посебен модел на законодавство против корупцијата кој содржи, помеѓу другото и препораки за основа-ње на национално тело против корупцијата , чија што надлежност би опфаќала од градење на стратегија за сузбивање на корупцијата, до обврски на други органи да го известуваат тоа тело, заштита на доверливоста на податоците, а тој модел содржи една листа на дела на корупција, сродни дела и тн.

За нас е особено релевантна активноста во Советот на Европа, каде што низ 3 и 4 ноември минатата година е усвоена Казнена конвенција против корупцијата од страна на Комитетот на министрите. Таа Конвенција, со Законот за ратификација наскоро ќе се најде на дневен ред пред нашето Собрание. Оваа Конвенција содржи мерки што треба да бидат преземени на планот на националното казнено законодавство во прв ред преку инкриминирање на делата на поткуп во јавниот и приватниот сектор, против законитото посредување , перењето на пари и сродните дела.

Државите треба да воспостава и казници или административни санкции за правни лица во чија корист е извршено делото од страна на орган , член на орган или друг претставник. Таа одговорност не ја исклучува казнената одговорност на извршителот. Секоја држава, натаму , треба да воспостави специјални органи за борба против корупцијата, во согласност со сопствените уставни принципи и основниот концепт на правниот систем.

Таквиот независен орган ќе има потребна самостојност во рамките на Уставниот систем на државата за да може да ја врши својата функција, ослободен од било каква неоснована присилба, а особено од политичките партии и државната администрација. Државата треба, на крајот, да обезбеди и соодветен тренинг на персоналот и финансиски избори на неговата работа.

Во рамките на Комитетот на министрите е формирана и посебна Група за спречување на корупцијата ГРЕКО, кон која наскоро треба да

пристапи, со изјава за пристапување и нашата држава.

Сузбивањето на корупцијата не е на страна и од интересот на Европската унија. Заради успешното сузбивање на измамите на штета на различните фондови во 1995 година, веќе е усвоена Конвенција за заштита на финансиските интереси на ЕУ, а во 1997 година, е усвоена Конвенција за борба против корупцијата што инволвира службени лица на ЕУ или на земјите членки на ЕУ.

Светските финансиски институции се меѓу првите кои реагираат на зака дефинираните ставови на Меѓународната заедница. Така, ММФ веќе во 1997 година, за прв пат прекина заеми на одделни држави за кои се сомнева дека се зафатени со корупција. А, остра борба против корупцијата најавува и светската банка.

Уважувањето на оваа јасна определба на меѓународната заедница за преземање ефикасни мерки за спречување , казнување на корупцијата, претставува една и тоа особено важна причина за донесување на закон за спречување на корупцијата. Неговото донесување, сепак, не е само во функција на формално задоволување на некои меѓународни постојни или идни обврски на нашата дражва.

Тоа треба да значи, што е многу поважно од задоволувањето на мегународниот аспект, природна реакција на една внатрешна потреба или состојба за која е евидентно постоењето на голем број корупциски афери во редовите на власта, во стопанството, во политичките партии, во приватизацијата на општествениот капитал, во здравството, јасни знаци на контаминираност на Упра-вата, полицијата, судството и тн.

Постојната правна регулатива и степенот на оргнаизираност на државните служби, како и нивната определеност да се фатат во кос-тец со корупцијата и организираниот криминал се далеку под рамништето на нормалното функционирање на една современа

правна држава. Не случајно, затоа Европската унија во своите , на повеќе пати повторени ставови по однос на шансите за европска интеграција на нашата држава им даваше приоритет на прашањата за корупциските афери што беше ставено, речиси, во истиот ред со тие на економските реформи и меѓунационалните односи.

Така на пример, Европската комисија уште во 1997 година, до Владата на РМ достави јасни препораки и упатства за акција во рамкит на заедничкиот проект помеѓу Комисијата на ЕУ и Советот на Европа, наречен "Корупција и организиран криминал во државите во транзиција ОКТОБУС Препораките се однесуваат на повеќе правци на авдија, од унапредување на проценката на корупција и организиран криминал, до унапредуваше на ефикасноста и ефективноста на меѓународната соработка.

Основните забелешки во врска со реализацијата на тој проект се однесуваат главно на недоволно развиени регулаторни превентивни инструменти, за разлика од веќе востановените механизми на казненоправна репресија. Тие забелешки, според мене, беа сосема оправдани и објективни, зашто ако ја погледаме состојбата и во нашето законо-давство ќе може да констатираме дека не се донесени за ова прашање особено значајни закони во областа на државната управа, не се подготвени нови законски решенија за банкарското работење, за финансиите, за финансиската полиција, и тн. што токму ја тангираат превен-цијата на корупцијата и потребните механизми за нејзиното спречување и откривање.

Одтука, според мене, не треба да предизвикува дилеми прашањето дали е потребно антикорупциско законодавство? дали е потребна регулатива на превентивните и други мерки за поефикасно спречување на корупцијата, и не е прифатлива концепцијата ова прашање да биде оставено на некоја посебна програма и да не се подига на законодавно рамниште, зашто низа прашања од јавниот сектор или воопшто досега не биле предмет на законска регулатива или се предмет на една таква регулатива која е под рамништето на еден пожелен европски модел.

Донесувањето на овој закон, како што спомнав на почетокот, не исклучува потреба и од други интервенции, не исклучува потреба и од концепирање пак на целовита програма или стратегија за сузбивање на корупцијата која би содржела мерки и активности на повеќе рамништа: регулаторно рамниште низ доградба на правниот систем организационо рамниште низ поставеност на посебните тела и тн. оперативно рамниште низ посебни техники за спречување и откривање, едукативно рамниште, тренинг на лицата и тн.

Од другите превентивни инструменти што треба да бидат раз-виени на легислативен план, особено е заначајно преиспитувањето на спомнатите закони за банкарското работрење, платниот промет и контролата на јавните приходи, со цел да се блокираат финансиските извори и текови на корупцијата.

При тоа, можни решенија би претставувале:

- забраната на отвораше и работење со сметки под лажно име или на име на друг;
- забраната за отворање на нови сметки на правните лица без постапка на проверка на другите сметки;
- проверка на исплатите кон и од странство;
- задолжително пријавување за потеклото на парите при поголеми исплати;
- задолжителни исплати преку сметки било која поголема трансакција, и тн.

Сето тоа се мерки што постапно се веќе воведени во сите современи финансиски системи и банкарски системи во Европа.

Исто така, посебно треба да бидат опсервирани од аспект на можностите за корупција, правните лица чија што дејност содржи висок степен на ризик на граѓаните, како што се осигурителните друштва, штедилниците и др, со цел за воспоставување на инструменти за превентивна контрола од страна на државата.

На крајот , само неколку зборови по однос на содржината и подрачјето на примената на законот.

Законот поаѓа од дефиницијата на корупцијата како постапување со кое се злоупотребува посебната службена или општествена положба или влијание , заради

остварување на некаква лична корист за себе  или за друг. Одтука, основно подрачје за примена на законот претставувг јавниот сектор. Политичките партии, изборите, вршењето на власта и управувањето со државните работи, јавните претпријатија, претпријатијата што располагаат со државен или општествен капитал, вршењето работи во здравството, образованието, јавното информирање и другите дејности од јавен односно посебен општествен интерес.

Приватниот сектор треба да биде опфатени во мерка во која нема да се пречекорат границите на пазарните законитости, слободата на пазарот и пазарната конкуренција.

Основна премиса од која треба да поаѓаат законските решенија во оваа област е следнава простор за инперативни забранувачки норми постои замо таму каде што државата има определени функции.

Тие подрачја можат да бидат и се сериозно нападнати било во взаемните односи меѓу правните лица и државата, било меѓу самите правни лица што остава широк простор за корупција. Од друга страна основна карактеристика на корупцијата и новите форми на криминал е токму нивното инволвирање во легалниот бизнис и воспоставување контрола над компаниите од приватниот сектор.

Основан цел на законот претставува превенцијата, така што мерките и забраните и механизмите на контрола и обливите на одговорност што ги содржи, мораат да бидат прилагодени на таа цел. Законот предвидува повеќе превентивни контролни механизми што се поставени на линијата на обврски, претходни забрани, некаква тековна контрола итн. што паѓаат во една поранешна фаза на една развојна линија што може да резултира со акт на корупција. А, покрај тоа, законот содржи и некои инструменти на поефикасно откривање на актите на корупција и покренуваше н апостапка на одговорност.

На крајот се предвидени казнени одредби  за прекршоци, при што релативно малиот број на такви одредби може да се објасни со определбата за поподробна разработка на претходните забрани и инструменти за спречување на актите на корупција како противтежа на казнените тела.

Поаѓајќи од еден ваков концепт, поаѓајќи од убедувањето дека се работи за еден мошне чувствителен закон кој треба да повлече низа гранични линии, како што е прашањето на одговорноста од една страна и авторитетот на носителите на јавните функции, како што е прашањето на јавниот сектор и приватниот сектор, Владата предлага Законот за спречување на корупцијата да се донесе во три фази да биде следен со една широка расправа, во втората фаза, врз основа на нацрт што ќе го подготви Владата, со една толерантна расправа за сите предложени решенија во таа расправа би требало да се ислушаат сите аргументи, забелешки и ставови што ќе бидат, сигурно, земени предвид при крајното формулирање на законскиот текст.

Благодарам на трпението и на малку подолгото излагање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за правда г-динот Камбовски на исцрпното излагање по повод Предлогот за донесување на законт за спречување на корупцијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Инаку збор побара по писмен пат пратеникот Михајло Ѓоргиевски

**МИХАЈЛО ЃОРГИЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, претставници на Владата. Со дозвола на почитуваното претседателство имам чест и можност овде да изнесам некои мои размислувања, опсервации по Предлог законот за спречување на корупцијата.

Моите размислувања се насочени кон следните појдовни гледишта:

Прво, условите во кои се донесува овој закон;

Второ, согледби за дополнување на Законот;

Трето, целисходноста на овој многу значаен закон.

По првото гледиште сакам да укажам дека овој Закон се донесува во време кога крајно се изострени и загрозени материјалните и духовни вредности на луѓето во нашата прекрасна татковина Македонија. Нарушени се основните човечки достоинства, изгубена е вербата дека може нешто да

се заврши без мито и корупција. Кај луѓето има завладеано тотална апатија и депресија на безнадежност. Денес, како што вели народот, не можеш никаде да појдеш и нешто да направиш без мито, корупција, уцени, врски и слично. Чесните луѓе се изложени на невидени грабежи и понижувања како во материјална така и во духовна смисла. Но, овде се наметнува, почитувани пратеници, едно суштинско прашање. Кој го доведе нашиот народ на оваа трагична, за нас, положба. Секако дека чесниот и обичен работен човек не, туку доскорешните властодршци кои се заборавија во своето долгогодишно владеење узурпирајќи ја целокупната власт во државата македонска овозможија секакви манипулации и злосторници во државата да вршат невидени грабежи, уцени и разни други злодела и да го доведат народот во тотален материјален и морален колапс. Сепак среќа во несреќа е што ништо нема вечно, па и до скорешните властодршци не можеа да се сокријат од големото око на народот кој ги казни со тоа што не им дадоа своја доверба за натамошно нивно владеење. Со тоа им се стави крај на можноста за нивни нови злоупотреби и нечовечности од позиција на власт.

Второто гледиште што сакам овде да го искажам почитувани мои колеги пратеници е мојата размисла за дополнување на законот што е предмет на нашиот денешен општ претрес.

Како што стои во начелните определби на Предлог законот, во него се кажува дека се донесува за да послужи како заштитен механизам од корупцијата во јавниот и приватниот сектор на стопанствотч без да се загрози слободата на пазарот. Дадени се одредби во кои е речено се она што се смета за корупција посебно во материјалната сфера член 7 и други. Меѓутоа, според мене, малку е речено, па дури и ништо за она што се смета за корупција во духовната сфера, а тоа е културата,науката и образованието.

Корупцијата во духовната сфера доведува до двојна штета материјална и духовна. Таа има подолготрајни последици така на пример по пат на корупција во културата се шири и зазема широк замав шундот во литературата и уметноста. Денес се корумпирани рецензенти, се издаваат и финансираат безвредни литературни дела и никој за тоа не одговара ниту оди на суд. Со корумпирани жиро комисии се наградуваат и форсираат безвредни или просечни уметнички остварувања, со тоа се форсира просечноста, а не високото, квалитетното. Во земјата македонска денеска тешко некаде може да се слушне убава македонска песна како главен културен белег на овој народ. Секаде, по сите кафеани, автобуси приватни радиа и други јавни места ечат најлошите новокомпонирани српски и босански песни што го навикнуваат ушето на младото поколение да слуша и да ја бара токму оваа најлоша музика. Се поставуваат на сцените на Македонија претстави со сомнителни уметнички карактери и се наградуваат просечни театарски претстави од корумпирани жири комисии и се оди по онаа линија јас тебе ти мене. Тоа е жестока корупција во културата, на која треба да и се стави крај ако сакаме да изградиме културно и цивилизирано општество.

Слична е положбата и во науката. И таму корупцијата има пуштено длабоки корени. Се финансираат и издаваат научни дела обично од општествените науки што им служат пристрасно на една мината идеологија. Сето тоа се прави со помош на корумпирани рецензенти и автори.

Во образованието корупцијата е најжестока. Има најдалекусежни последици. Ниските примања на просветните работници ги става во понижувачка положба да им ставаат високи оценки на просечните и потпросечните ученици за некои услуги и поткупи од нивните родители, а со тоа се нарушува правичноста и етичноста и се создаваат неквалитетни кадри во општеството. Овде може да се постави прашањето кој е полош оној кој поткупува или оној што е поткупен.

Поради сите злодела што се правени до сега по пат на поткупи и корупција на мислење сум дека овој закон доаѓа во вистинско време и неговата целисходност е многустрана. Се надевам дека со него ќе се стави, барем до некаде, крај на безочната материјална и духовна корупција што била зафатена со тешка заразна болест на нашето општеств се разбира ако се почитува од сите нас за што ако ставиме дека не сме способни да се казниме, божјата казна е неизбежна.

Со овој закон мислам дека ќе се врати вербата кај народот во правичноста и ќе

завладеат поправедни етички и морални норми . Нашиот човек мора да се навикне да ги почитува човечките и божјите закони, зашто само така може да се опстане. Ви благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот г-дин Михајло Горгиевски.

За збор се јави г-динот Слободан Даневски, а потоа пратенико г-дин Азиз Положани.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, дами и господа пратеници, господа министри.

Сигурно дека ова е прво читање на законот и сигурно во самата најава и министерот најави дека ќе се води една поширока расправа, дека ќе оди во три фази, ќе има транспарентност со тоа што ќб се направи една општа расправа, ќе се сослушаат многу институции и структури на луѓе да направиме еден модерен закон. Иако искуствата во Европа кажуваат тренд е се води општа војна против корупцијата, дрогата, наркоманијата, шверцот со оружје, перењето на пари сигурно дека со овој закон не почнува борбата против корупцијата, затоа што сведоци сме, дека во изминатиот период имавме многу закони кои исто влијаеја за спречување на корупцијата, митото, но дали функционира тоа е друго прашање. Сигурно дека законот се меша во некои ингеренции на други подзаконски решенија поаѓајќи од тоа дека со новите измени во Кривичниот законик, Законот за кривична постапка, Законот за јавното обвинителство, Законот за јавните набавки, како и во сферата на банкарството во делот на платниот промет, во делот на финансовата инспекција, законот ќе биде тој кој со подобрување на овие законски регулативи и дополнување на законите да не се мешаат и да не се преклопуваат ингеренциите од овој закон да не навлегуваат во сферата на другите законски решенија. Сигурно мора да се напомене дека ажурноста во постапката на органите на прогонот, независноста на судството се тие кои треба да влијаат во делот на спречувањето на корупцијата.

Во општите формулации, декларации постои прашањето кое треба да се излегулира и со други законски и подзаконски акти, збор ми е овој закон не влегува во сферата на другите закони и подзаконски акти. Искуствата кажуваат дека Европа ваков закон нема ни една држава. Сличнс вакво има во САД,нешто подетално обработено во Европа нема, во Европа се водат некои комисии, тела, единствено што мене како човек ми пречи е тоа да се прават напори да се направат паралелни институции. Нешто ме иритира тие паралелни институции, не прифаќам паралелна војска, паралелен универзитет, да не биде ова во начело национална комисија, да не биде паралелен орган на Владата и на целата законска регулатива националната комисија, а знаеме како ќе се составува, како ја предлага предлагачот да не биде со таа функција што ќе ги покрива политичарите и дел од оние кои ќе бидат заштитени во делот на корупцијата.

Бевме сведоци дека и во изминатиот период и во минатиот состав на Собранието покренавме некои иницијативи во врска со работењето и злоупотреба на јавните функции, злоупотреба на пратеници и министри имавме и една смешна ситуација потпишувавме анкетни листови, тоа беше случај со еден пратеник од СДСМ Вељо Тантаров, потпишувавме анкетен лист и направивме фарса дали сме штедачи или не сме штедачи во Штедилницата ТАТ. Тоа помина така бегло и знаеме како заврши целата работа. Никој не објави во јавноста дали штедеа министри, дали штедеа пратеници, дали штедеа заменици министри, дали началници на полиција, остана така бегло.

Во самото законско решение кое го дава предлагачот, бидејќи зафаќа повеќе глави и опфаќа повеќе сегменти на живеење, потенцирана е работата во делот на политиката, зафаќа дел на политичките партии, се зафаќа работата на израните и именуваните лица и дали од преголема жблба се навлегува во делот на некои ингеренции кои оваа национална комисија или тело, како ќе биде, ќе влегува и ќе се коси со постојните законски регулативи почнувајќи од Законот за избор на пратеници и советници, во делот на другите законски регулативи би поминал бегло по членови затоа што предлагачот ќе ги земе во предвид сите укажувања ќе ги прегледа и ќе изготви нов текст сигурно овој текст ќе се пегла, ова е прво читање, ќе се делува во амандманската расправа, ќе се поправа текстот.

Јас би пошол поединечно по членови. Во членот 11 став 2 во текот на изборна кампања на избори на претседател на држава, за избор на пратеници, градоначалник или членови на совети на единицата на Локалната самоуправа не може да започне изградба со средства од Буџетот или од јавните фондови или со средства на јавните претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објект во инфраструктурата како патишта, водоводи, далекуводи, канализации и други објекти или на објекти од општествена дејност како училишта, градинки и други објекти, освен доколку не се обезбедат средства од Буџетот и не се работи за реализација на програмата донесена врз основа на законот во тековната година".

Мислам дека овој член не држи. Зошто? Сведоци сме дека

скоро секоја година ќе имаме избори. Оваа годива не чекаат претседателски избори, до година ќе не чекаат локални избори, после две години може да има вонредни избори, па ќе дојдат редовни парламентарни избори, така што скорс? секоја година или меѓу две години ќе имаме избори. Ако знаеме дека тајмингот се работи за време од три до шест месеци се стопира работата во инфраструктурата, мислам дека се прави штета со овој член на она што треба да значи работа и живот во општините, во месните заедници, во Републиката, затоа што шест месеци не е мал период, знаеме дека кампањите можат еден месец пред тоа по завршувањето сведоци сме дека се пролонгира избор на еден пратеник веќе помина и Нова година, четири до пет месеци. Значи се губи драгоцено време и оваа формулација сигурно предлагачот ќе ја види затоа што не може да влијае претседателот ако имаме кампања, претседателот на државата од,и во кампања и се направат сто сали, мислам дека би била прекрасна работа или ако се направат сто училишта. Не треба да го лимитираме ова. Камо да може да се гради, тоа е позитивен ефект да можат да работат комплетно. Нека бидат во функција токму овие предизборни активности оти за време на изборите се направија многу инфраструктурни објекти патишта, што со години не беа направени во изминатиот период од педесет години. Предлагачот ќе има шанса да го погледа овој член.

Кога станува збор за членот "забрана за користење на средства од нелегалните извори и поткупување на избирачите". Во ставот 2 се дава дека треба да се направи пријава до националната комисија таа да покрене механизам ѕа да се отпочне со оние дејствија во делот на гонењето. Сигурно дека секоја политичка партија и секој можен кандидат како и ДИК беа тие кои можеа да покренат иницијатива за било која нерегуларност во делот на изборната кампања.

Предлагачот треба да ги преформулира членовите 13 и 14.

Во членот 16 "политичка партија или лице што истапува во името на политичката партија не смее да врши жритисок спротивно на Законот при избор или именување или сменување или разрешување на лице на службена, раководна и друга општествена значајна функција или должност наводно во случаеви во кои со закон е определена надлежноста на претседателот на Републиката, Собранието и Владата на РМ или органите на единиците на Локалната самоуправа да вршат избори и именувања или да дадат мислење и согласност". Мислам дека овој член 16 апсолутно се коси со она што значи промени во државата. Ќе се отвори фронт сите именувани, избрани и сменети лица без разлика на оваа или идната Влада ќе се отвори парница против државата, против Владата, затоа што не држи.

Знаеме дека секоја политичка партија се бори за власт и тука нема што да се тактизира, нема декларативност или демагогија. Функцијата е во тоа да се добие власта, да се стават луѓе. Овој член 1 се коси комплетно целата иницијатива што значи овој член 16 ќе ги суспендира сите можни промени на избрани и именувани лица. Апсолутно сум против овој член 16 и како таков да отпадне.

Кога станува збор за членот 21 "забрана за вршење на други дејности", мислам дека таксативно може да се набројат многу други работи во делот на забрана за функции, тука се зборува само за избор на именувани и избрани функционери. Сега влегуваме во многу широко поле, треба децидно да се обработи кој каде и што би можел. За многумина корупција во државата е ако еден пратеник или еден доктор на науки кој е случајно пратеник во ова Собрание издаде книга, па му спонзорираат многу фирми, еден претставник пратеник кој е

доктор на науки, научен признат стручњак може да обезбеди 50 до 100 илјади ДМ и тоа е мито и тоа е корупција за еден дел од граѓаните. Навлегуваме во еден дел на работите дали предавањето на професорите обавуваат двојна функција. Дали не треба да им престане функцијата професор или функцијата министри. Не е дефиниран овој член 21, па може да се направи не шминка, туку добро дотерување, односно попрецизна регулатив.

Во членот 27 "избрани или именувани функционери или службени лица кои во рок од 3 години пд престанувањето на функцијата ќе основа трговско друштво или ќе започнат да се занимаваат со профитабилна дејност во областа во која работеле се должни да ја информираат националната комисија". Апсолутно не држи. Што се случува во пракса. Сите се тука избрани и именувани лица. Ги бира народото, народни пратеници. По престанувањето на мандатот една година имааат апанажа. За три години со овој закон се забранува на сите пратеници да работат било која функција да основаат фирми, претпријатија. Тогаш државата треба да обезбеди апанажа за три години на сите пратеници. Или не само за пратениците, туку за сите избрани и именувани лица. Тука доаѓа делот и за судиите, началници, министри, заменици министри. Овој член апсолутно не држи. Она што збунува и загрижува тоа е што стои меѓу редови дека секој избран и именуван функционер во делот кога ќе се фати за било која работа да ја работи во делот на промената на имотната состојба, во делот на носење проекти, инвестиции треба да се јавува кај националната комисија. Во што би ја претвориле националната комисија. Би направиле од националната комисија да се бави секој пратеник да се губи драгоцено време. Министрите треба повеќе време да се занимаваат со националната комисија да пријавуваат било што да направат или пратениците или било кој избран и именуван функционер, бидејќи во државата именувани функционери се над илјадници. Ќе ја збуниме и Комисјата, ќе ги збуниме и луѓето, некако ме враќа на минато свршено време како нешто удбашко. Не би сакал такво нешто. Ако се бориме да биде демократија и слобода, тоа не значи дека не можат да интервенираат правосудните органи, органите за прогон, Јавното обвинителство, Финансовата полиција, Заводот за платен промет, сите кои имаат надлежност да контролираат, можат да дејствуваат во делот на исправноста на работата на секој именуван функционер. Ова некако многу ги обврзува луѓето. Нема нешто креативно во ова. Без разлика кој ќе бидат членовите, сите тие кои ќе бидат во националната комисија ќе бидат политички определени. Немојте да ни се случува таа национална комисија да се бави и врши прогон на вештици. Ако сега вршиме на едните, ќе дојдат другите. Имавме случај едните прогонуваат, па видовме сега малку боли, но тоа е реалноста. Дајте да се ослободиме од тие догми и нема потреба националната комисија да биде во таа функција да се растерети тоа тело. Ако треба нека биде над партиско тело, нека биде од редот на избрани и именувани судии имаме научни работници, да не бидат од Парламентот, од Владата. Тоа е мој личен предлог да не се обремени ова тело со политика затоа што ќе носи и ќе прави грешки. Сведоци сме дека грешки прават и едните и другите и потоа боли затоа што осветата доаѓа на овие простори стоструко.

Зборува за анкетниот лист. Анкетниот лист тоа е членот 35 да не биде злоупотребен да се врши тортура и присила на именуваните и избраните луѓе Може да се случи да не им се допаѓа Слободан Даневски ќе го пријави некој службеник како пишува во членот 58 подигнал 10.000 денари, не сум му симпатичен во националната комисија ќе се формиора тело овој е шпиун против Македонија, злоупотреби тоа и тоа ајде на сослушување, ајде анкетни комисии. Мислам дека треба да се тргнат некои работи од текстот, тоа е во членот 58. Секој вработен на шалтер може да се сомнева дека претседателот на државата подигнал пари и бргу кај националната комисија, е, го фативме претседателот на државата во негово име подигнати, дајте да отвориме сега. Мислам дека треба да се ослободиме од такви работи, ова не држи, се обременува овој закон со периферни работи.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (Продолжение)

Во принцип сум да се донесе законот, затоа што тоа го бара и Советот на Европа, и граѓантие, тоа го бара и новото време, но законот да не биде оптоварен со многу политика и ми пречи ако биде нешто паралелно. Во принцип сум против паралелизми, било каде да се јавуваат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Слободан Даневски.

Има збор пратеникот г-дин Азис Положани, а се пријави и пратеникот г-дин Стојменов.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине претседателе, членови на Влада, дами и господа пратеници, најнапред ја поздравувам иницијативата за донесување на овој закон, кој предвидува да даде свој придонес во сузбивањето на еден вид инкриминирани дејствија, кои во последно време беа во значителен пораст и се закануваат да ги нарушат највиталните сегменти во општеството, дури и да ја поткопува и самата смисла на деморкатијата.Во таа смисла сакам да укажам на некои моменти, кои ќе послужат како придонес за покомплексно размислување на овој аудиториум, за потребата и неминовноста за донесување на овој закон и дали со донесувањето на овој закон може да се постигне целта. Ова пред се и од следното.

Најнапред, и со самиот Кривичен закон на РМ е регулирано скоро целосно инкриминаторското делување во поглед на корупцијата како во диспозитивниот дел, исто така и во делот на неговото санкционирање, Ако се има предвид дека нагкорупцијата можат да бидат подложни скоро единствено лицата со посебна службена или друга позиција, тогаш е сосема јасно дека е потребна само доследна и принципиелна примена на тој закон, за да се постигне целта. Следователно, сметам дека е потребно да се интензивира и подигне на повисок степен одкривањето на сторителите на овој вид инкриминација и истовремено да се заостри казнено поправната политика, која и онака останува во сферата на постојното законодавство. Значи, предложениот закон може да послужи како основа за доградуваше и евентуално дополнување или изменување на постојниот Кривичен закон, а за да не претставува оптоварување или повторување на веќе донесените јавни прописи од другите закони, со што би се создавала можност за евентуалнз. колизија; меѓу прописите. Имам впечаток дека со донесувањето на овој закон ќе се задира во самостојноста на органите за откривање и сузбивање на корупцијата, како на пример Јавното обвинителство, инспекцијата, органите за внатрешни работи и сл. Од друга страна, утврдувањето на одговорноста на одговорните лица носители на јавни функции, службени лица и слично пред Собранието сметам исто така дека ќе задира во самостојноста на судските органи, јавните претпријатија и други служби, посебно и пѕради фактот што прашашето на одговорност за корупција како недативна појава скоро секогаш носи во себе и елементи на кривично дело, стопански престап, прекршок и слично, што може да се утврди само во контрадикторна постапка предвидена со закон, пред која неминовно се почитува начелото на непосредност и контрадикторност во таа постапка, бидејки само на тој начин може да се заштити личноста и начелото на невиност, и воедно со квалитетна сигурност да се прави одбраната на осомниченото лице. Сметам дека формирањето нови институции во сегмен-тите на откиравњето на криминалот во сферата на корупцијата, во секој случај, претставува дополнително оптоварување на државната администрација и повеќекратно повторување на постојните прописи од истата област

Имајки предвид дека постојат изрични одредби во повеќе закони кои го забрануваат противзаконитото однесување било во областа на користење на службени овластувања на одговорните лица, било во областа на управување на јавни претпријатија, општествен капитал и слично, а постојат изрични одредби за забрана на корупција и други негативни влијанија, па сметам дека со зајакнувањето на контролата и примената на тие одредби може и те како да се придонесе во сузбивањето на ваквите однесувања.

Принципиелно не сум против доенсувањето на ваков закон, бидејки е очигледно дека предлагачот вложилнапори и се обидува да најде посоодветно решение за сузбивање на корупцијата како крајно негативна општествена категорија и феномен. Меѓутоа, имам стравување дека судбината на овој закон може да биде истоветна како и на други безброј закони. Затоа сметам дека треба да се најдат можности и начи-ни на максимално можно ниво финансиската положба на надлежните органи и служби, компетентни според законот за откривање на корупцијата и криминалот во целина и после тоа перманентно да се

бара максимална одговорност за доследната примена на законот. Во Законот за јавните обвинителства, Законот за инспекции и внатрешни работи, за управува-ње со јавниприходи и слично има изрични одредби за тоа како да се постапи со службените лица носители на јавни и други функции, кои во нивното работење ги злоупотребуваат службените овластувања, вршат пречекорување на истите, даваат , примаат или посредуваат при давање поткуп и слично. Сметам дека е потребно да се заостри политиката , прекршочната политика односно кривичното гонење и , следствено, казнената политика. Наместо да се додадат нови принципи кои всушност не се нови од обласа, кои се регулирани со постојни закони и особено со оптоварување на и онака оптоварената државна администрација со нови институции , со што имам чувство дека ке се овозможи натамошно затајување и запоставување на извршувањето на законските овалстувања и задачи на постојните државни органи, компетентни за откривање и сузбивање на овој вид криминал , како што се инспекцијата, Службата за внатрешни работи, Јавното обвинителство, судовите и сл. Ако се истапува пред се со фактот , предложениот закон предвидува и откривање на сторителите и преземање на постапка пред надлежниот орган, а сметам дека единствено судот може да утврди вина за корупција во постпака регулирана со закон« парламентот не би можел да утврди таква вина, особено за носители на јавни функции кои не се негови членови. Парламентот како законодавен дом не би било целесообразно истовремено да се стави и во улога на орган на јавно правен прогон, бидејки за тоа постојат со закон определени институции. Овде е ризикот што претходно го спомнав, на паралелизам на некои институции и закони, за што и министерот нагласи дека мора во таа смисла да се повлече една јасна линија меѓу овие можни колизии. Бидејќи во вооj закон, според мое мислење,се инкорпорирани повеќе законски прописи од други закони, кои се во сила и се применуваат, не сумсигурен дали предлагачот размислил или сигурно можеби ќе размисли доволно за евентуалната колизија меѓу прописите од овој закон и прописите на други закони. Бидејки законот се носи во редовна процедура, како што рече министерот, во три фази, што одговара и на компетентноста и комплексноста на истиот, мислам дека истиот адекватно ќе се збогати, за да биде конзистентен и што е уште поважно, да биде функционален и да ги даде очекуваните резултати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Азис Положани.

Збор побара пратеникот г-дин Златко Стојменов,а да се подготви пратеникот г-дин Горѓи Спасов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господин претседател, дами и господа пратеници, господа министри, импулс за ова мое излегување денес ми се чини е состојбата во која се наоѓа мојата околина, состојба на живеењето на граѓаните, состојбата на стопанството и ми се чини дека излегов со посебен импулс да кажам некој збор за овој закон.

Со големо задоволство и чувствувам посебна желба еден ваков закон да биде донесен. Неможам а да не изразам силна поддршка на чинот на процедурата за негово доенсување. Мислам дека таа процедура ќе започне од овој момент. Неможам, а уште еднаш да не укажам на неговото значење како еден сегмент , еден момент за воспоставување на нови квалитети на елементите на правната држава. Верувам дека еден ваков закон и низа други закони кои се предвидени, заедно со овој закон , ќе донесе еден нов квалитет за формриање на инструментите на правната држава за контролирање на корупцијата.

Немислам да навлегувам во материјална дискусија за самиот закон, во стручноправната расправа на законот, бидејки тој ќе минува во процедура, во фази на јавна расправа, така што повеќе би сакал да кажам за овие аспекти на поддршка, за самиот чин на негово донесување.

Сакам да нагласам дека ваквиот закон може да биде само придонес на квалитетот на еден систем , кој претендира да корелира со системите кои ги почитуваат и несуваат европските норми и стандарди. Сметам дека донесувањето на ваков закон е доблест и добра намера на оваа Влада, особено што го донесува и иницира на почетокот на својот мандат. Секако, тоа е дополнителен квалитет на иницијативата за ваков закон.

Се надевам и верувам дека со дополнување на останатите законски регулативи, кои овде беа спомнати од министерот за правда и оние акти кои  мисли да ги донесува Владата, уште повеќе ќе се зајакне борбата против корупцијата и воведување на правилата на правна држава од поквалитетен тип од она што го имавме досега.

Со ваквиот закон сеповеќе ќе се санкционираат ваквите појави на корупција, а уште повеќе се надевам дека ќе се зајакне превентивната функција за појавата на корупцијата, посебно за личности на јавни функции. Со тоа верувам дека ќе се даде импулс за борба против организираниот криминал, кој секако познато е, јавна тајна е, дека влече конци , влечеше посебно конци до високите структури на власта што силно и масовно беше изразено во минатиот период , за време на владеењето на претходните влади.

И покрај чувството на задоволство за донесуваше на закон-от и за иницијативата за ваква позитивна законска процедура и за донесување на ваков позитивен закон, не можам  а да не кажам дека сепак ми е жал и мислам дкеа не е добро што еден ваков закон или вакви акти не се донесуваа во претходниот период. Тоа се факти, особено во пе-риодот на изминатите години на владеење на претходната Влада и морам тоа да го споменам заради фактот што општ е впечатокот дека во овој период се случија големи дејствија на криминал, посебно организиран криминал и чинови на буквален грабеж и разграбување на материјалните добра, уништување и обезвреднување на сите добра на државата. Во тој период се случи уништување на стопанскиот, социјалниот и економскиот аспект на живеење на граѓаните. Се случија нерасчистени големи афери, се случија и други слични случки кои останаа нерасчистени до денденес сепак , тоа беше организиран криминал. За мене е неспорно дека во основата на ваквите случки. можеби и почетокот и суштината на ваквите случки, беше токму инволвираноста на високи јавни функционери и личности по разните линии и канали на таканаречениот бизнис, привилегија само за одредени структури блиски до власта во тој период и ми се чини тука некаде беше почетокот на непринципиелноста на ваквата власт, како и почетокот на деструкцијата на еден систем , една состојба ивладеење на една правна држава. Тогаш настана ми се чини и деструкцијата на спроведување на законите во оваа држава и мора да се признае, она што може да се каже , кога се јавува овде опонирање околу доенсувањето на тој закон дека ми се чини и опозицијата раз-мислувала за ваков закон, кога веќе го ставала во процедура во минатиот период. Меѓутоа, факт е дкеа таа не најде сила , доблест или имаше друга причина штоне доенсе еден ваков акт во нејзиното делување, заради што имаше многу дупки низ кои се појавуваше организираниот криминал. Дали се работеше за проблеми при доенсувањето на законот или не сакаа да го доенсат, тоа тие ќе кажат.

Ова го зборувам исто така иритиран од состојбата во средината во која се наоѓам јас, од состојбата во коај се наоѓаат сопанските субјекти во државата. Мојот град Штип е град на колапс, многу социјала со многу социјални проблеми затечени од минатото, со страотно уништување на материјалните добра и тоа се факти кои се гледаат и нетреба да си постојано меѓу луѓето за да ги знаеш. Сето тоа е една социјална катастрофа што му се случува на населението, а од друга страна ми се чини дека корупцијата на јавните личности беше почетокот на линијата на прјавата на многу новокомпонирани и нови богаташи, кои секако денес го иритираат народот, а  ќе кажам се блиски до структурите на претходната власт.

Сепак на крајот би сакал да дадам позитивна енергија на она што го кажувам од говорницата, бидејќи сакам да завршам со позитивна енергија за донесување на законот, да поддржам една ваква иницијатива и принципиелнсх  да застанам зад сите вакви иницијативи кои претпоставувам ќе доведат до подобро делување на правната држава и до стапување на правилата на играта, блиски до нормите, кои ќе не доведат поблиску до нормите на Западна Европа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот г-дин Златко Стојменов.

За збор се јави пратеникот г-дин Ѓорѓи Спасов.

Јас ги молам пратениците и ги потсетувам дека расправа се води во оваа сала и да бидат присутни во оваа сала, затоа што сепак се работи за еден од многу значајните закони.

Пауза ќе направиме, само да се исцрпи расправата по оваа точка.

Повелете, г-дин Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани минситри, дами и господо пратеници, еден од главните пропагандни слогани на владината коалиција во време на изборите и едно од ветувањата за првите сто дена на таа коалиција беше дека ќе донесе антикорупциско законодавство во Македонија. Денес, кога ја утврдуваме потребата за довесување на овој закон, кој носи наслов Закон за спречување на корупцијата, време е да кажеме дека со него Македонија нема да добие ново антикорупциско законодавство, туку само уште една мала помош во рамките на правниот систем за откривање и спречување на корупцијата. Сепак на крајот би сакал да дадам позитивна енергија на она што го кажувам од говорницата, бидејќи сакам да завршам со позитивна енергија за донесување на законот, да поддржам една ваква иницијатива и принципиелнск да застанам зад сите вакви иницијативи кои претпоставувам ќе доведат до подобро делување на правната држава и до стапување на правилата на играта, блиски до нормите, кои ќе не доведат поблиску до нормите на Западна Европа.

**ЃОРГИ СПАСОВ**: (Продолжение)

Како што министерот Камбовски забележува во овој закон, системот на антикорупциското законодавство кај нас и во многу други земји во светот го чинат закони од областа на материјалната и процесното здравствено.право, од една страна, со кои се обезбедува репресијата на корупцијата и низа закони од областа на управното, финансовото, граѓанското и трудовото право со кои се обезбедува превенцијата од корупцијата.

За да им биде појасно на граѓаните, поимот антикорупциско законодавство подразбира постоење на низа закони со кои се спречува и се казнува злоупотребата на службената положба, односно нејзиното искористување за лични и користољубиви цели. Од овие закони, несомнено од голема важност е Кривичниот законик кои Македонија го донесе уште пред 2 години и во кои на современ начин се дефинирани кривичните дела од областа на злоупотребата на службената положба и од областа на овластувањето. Но освен инкриминирањето на тие дејствија со закон, донесени се во Македонија во овој период и Закон за јавни набавки, Закон за државна ревизија, со кој е воведен државен ревизор, потоа закони за финансиско и банкарско работење, воведена е институцијата народен правобранител, донесен е и закон за избраните пратеници, кој што дополнително ја спречува изборната корупција и многу други закони со кои е создадена солидна, правна рамка за борба против коурпцијата. Покрај ова, донесени се и низа етички кодекси, така што здруженијата на разни професии донесоа етички кодекс за судирите, етички кодес за однесувањето на полицајците, етички кодекс за однесување на царинците и сл., чие непочитување повлекува и дисциплинска одговорност.

Заради сето ова, во заклучокот на Европската комисија чии што препораки ги цитираше министерот Камбовски, во нејзиниот увод се вели дека Европската комисија и Советот во Европа заклучуваат дека покрај сите проблеми со кои Македонија се судри во процесот на транзицијата, Владата на РМ забележа значителен напредок во своите напори да им се спротивстави на корупцијата и организираниот криминал. Ова посебно се однесува на прогресот остварен во модернизацијата на легислативата, на пример новиот Кривичен законик кој 1996 година и во тој контекст извештајот ги набележува напорите на Владата за создавање модерна правна рамка за полесна акција против корумпираните лица и криминалците.

Од тука, овој закон не претставува антикорупциско законодавство, туку само уште еден помошен инструмент во борбата против корупцијата. Пратеничката група на СДСМ со задоволство ќе го поддржи овој закон, од три основни причини затоа што во него се воведуваат прво етички кодекс за однесувањето на јавните функционери, кој што е многу важен за оваа држава и кој што недостасуваше, а кои што во некои земји е составен дел

на тасканареченииот закон за државните службеници.

Второ, што со овој закон се воведува уште едно тело на државно ниво со кои што граѓаните ќе можат да ги доставуваат своите прислужби во врска со сомнение за јавните функции од страна на функционерите и

Трето, што се воведува евиденција на имотот на јавните фунќционери и носителите на јавните овластувања, која што на посебен начин може да докаже дека станува збор за дело на корупција во однос на тие лица.

Од таму, тие инструменти сметаме дека. се значајни во рамките на оваа корупција и со самиот факт што овој закон тоа го

носи и ја заслужува поддршката од СДСМ. Мегутоа, треба да бидемесвесни сите во РМ дека успешноста за борбата против корупцијатане зависи само од тоа, добри и строги закони, туку и од низафактори што влијаат врз степенот на рашireноста на таа појава.

Меѓу другото, од нивото на економскиот развој и нивото на платитена државните службеници и на судиите.Ако во една земја на една страна имате судии со 20 0 ДЕМ плата и државни службеници на високо нивокои ги даваат сите можни дозволи за изградба и тн. по 200-300 ДЕМ плата, а на другата страна имате огромен број на луѓе со големо богатство, тогаш веќе се создадени големи услови да процури корупцијат во рамките на таквите општества.

Втората работа е несомнено и една од причините е тоа што е ниското ниво на демократската свест и развојот на односите во Републиката, големите проблеми во откривањето на овие дела, заради тоа што настануваат, заради незаинтересираноста на странките што учествуваат на таквите дела за да бидат тие откриени и она што е многу важно, за да биде успешна борбата против корупцијата во една земја е потребно да постои пред се, изразена политичка волја за нејзините случувања.

Со овој закон, ќе дадат само за илустрација, мислам дека врз основа на овие три инструменти што се воведуваат во законодавството во Македонија, ќе се обезбеди, меѓу другото, да се зачува достоинството во вршењето на јавните функции. Овој закон не е само во функција на прогон на луѓето, туку времено обезбедување на сигурни докази за тоа дека голем број на јавните функционери често ја обавуваат својата функција и Македонија има функција низ ваквите закони да го гарантира и да го зголемува постојано угледот на јавните функционери и функцијата политичар да ја настапи достојна и почитувана професија во оваа држава. Несомнено по примената на овој закон во извесно време нема да бидеме соочени со паушалните оценки за некои кои во изминатиот период практично биле злосторници дека ја упропастиле земјата, го уништиле народот и тн., затоа што за таквите оценки ќе треба да предложат сопствени аргументи.

Кога дојдов до тоа, дека сепак за применување на еден ваков закон најсуштествена е политичката волја, сепак, ќе потсетам на неколку примери, кои што ми се чини не говорат во прилог на постоењето на таква политичка волја од страна на новата владина коалиција. На пример, со овој закон се забранува примашето на блиски роднини во администрацијата. Овичниот човек на кои му го нудиме денес на антикорупциско законодавство, треба да проверува дека Владата е сериозна во своиет намери тоа да го спроведува. Но истовремено, на тој човек му се соопштува дека Владата на својата претходна седница го именувала на пример, синот на потпретседателот на Собранието од редовите на ВМРО-ДПМНЕ за директор на Царинската управа. Или дека министерот за здравство ја именувал сопругата на министерот за внатрешни работи за директор на Поликлиниката "Чаир". А кој сакате да ми верува дека постои политичка волја за такви нешта. Или можеби, со тоа ќе се престане по донесувањето на Законот, па затоа тој се предвидува да се донесе во три фази.

Со овој закон, исто така, се зборува дека ќе се воведе подобра контрола во рамките на јавнтие набавки, а целата јавност зборува дека во моментот вилата на премиерот се реновира без распишан јавен тендер за нејзиното реновирање. Со овој закон се потсетува на забраната од изборната корупција која што е веќе содржана во Кривичниот закон и законот за избор на пратеници. Но прашање е дали не е извор на корупција ако некој од партиите потпишува договор со измамените штедачи за враќање на парите во замена за добивање на

нивните гласови, или ветува откупна цена на тутунот од 7 или 8 марки, откуп за грозјето за еднас марка по колограм, или една милијарда долари, која наводно е договорена со земјите учеснички. Несомнено политичката волја е една димензија многу суштествена, за да се знае дали Владата и нејзините институции сериозно ќе ги применуваат законите кои ги донесуваат.

Но покрај тоа, уште поважна работа е составот на таканаречното ново државно тело, што треба да се бори против корупцијата која со овој закон се нарекува национална комисија за спречување на корупцијата.

Во законот што го подготвуваше претходната Влада, а во кои исто така учествуваше г-динот Камбовски, имаше предложено дека националната комисија треба да се состои од 5 члена и тие да бидат правници со високи морални вредности, докажани практично со сопствената чесност во општеството, кои би биле именувани од Собранието, меѓутоа, двајца од нив би биле именувани на предлог на претседателот на Републиката, тоа значи не политички пристрасни личности, двајца би биле именувани од страна на Собранието од кои што еден обавезно по предлог на опозицијата и еден од нив би бил именуван по предлог на Владата. Во таа насока, може да се создаде политичко тело кое што ќе истражува секоја корупција и пред се корупцијата на функционерите во рамките на власта. Сегашниот предлог што ви се дава со законот се предвидува таа комисија да биде составена од 7 члена, за кои што пишува дека ги именува Собранието, двајца на предлог на Собранието, двајца на предлог на Врховниот суд, а за тројцата не пишува на чиј предлог тие ќе бидат именувани. Од таму практично практиката на овие комисии покажа дека тие можат да завршат некаква работа во општеството, доколку имаат целосна политичка независност, доколку е составена од луѓе кои ги знаат работите во сферата на правото и доколку сопственото практично однесување гарантираат една чесна постапка во спроведувањето на сите случаи за пријава на јавните функционери. Така на пример самата комисија, која формирана е со еден ваков сличен закон во Романија и на чие чело се наоѓа премиерот на таа држава, досега нема откриено ниту еден случај на корупција во Романија.

Според тоа, сметам дека тоа треба да се измени и треба да се изменат уште најмалку 3 основни работи за кои што веќе беше говорено од некои од моите претходници. Законот опфаќа преголем број на луѓе. Тој дозволува секој граѓанин на некој начин да и се обраќа на националната комисија и во врска со сеској граѓанин што користел некаква странска помош или стипендија да поднесува некои извештаи до националната комисија. Тој ги зафаќа не само јавните функционери, туку влегува практично во работата на трговските друштва, во работата на приватните претпријатија, што мислам дека всушност ќе доведе многу лесно до целосна блокада на работата на таквата национална комисија. Ако сакаме таа национална комисија да сработи нешто, ќе мора да се сконцентрира на она што се нарекува висока политичка корупција. Политичка корупција од страна на високите политички функционери и навистина го следи само она, што би можело да биде како пример за сите оние кои што во рамките на таа сфера исто така ќе се обидат да направат нешто. Затоа што, со сите овие закони што ги набројав, постојат механизми да се прогонува, да се открива и да се спречува корупцијата на сите други нивоа. Истовремено како што беше исто така предложено, треба да се избегне паралелизмот. Законот предвидува низа извештаи што сега се доставуваат до управата за јавни приходи, да бидат истовремени доставувани и до националната комисија, низа извештаи што се доставуваат до Државната изборна комисија или Комисијата за буџет, исто така да и се доставуваат до националната изборна комисија, навистина воведува паралелен колосек, двојни обврски на граѓаните од она што го имаат како обврска во другите закони. Мораме да ја ослободиме од таквата баласт и комисијата, за да можеме навистина со едно такво тело да направиме еден обид за исчерко во сферата на превенцијата и санкционирањето на таканаречената корупција во политиката.

И последната работа која што е многу значајна, која што тука беше спомната, тоа е дека овој закон мора да има одредба за заштита од лажни обвинувања. Имено, исто така

треба да подлежи на санкција оној што некој лажно некого ќе обвини за корупција. И експертите кои го читаа овој закон, таквата сугестија ни ја дадоа, таквата одредба треба да биде содржана, да не се претвориме во општество во која секој секого ќе обвинува и да водиме непрестани процеси за проверка н имотот, за проверка на однесувањето, за проверка на вмешаноста во различни корупциони дела, да не ја претвориме државата во едно целосно собириште, кое што дополнително, всушност, наместо да обезбеди поголема доверба во решавањето на јавните функции да се доведе кон одбивност кон вршењето на јавни функции и до бегање на луѓето од нафаќање да вршат одговорни јавни функции во државата. Ете со тие забелешки сметам дека РМ, сепак ќе добие уште еден правен механизам, кој што е значаен, и мислам дека заслугата за еден приод несомнено ја има министерот Владо Камбовски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа предлог законот за спречување на корупцијата е еден од првите кои што се наоѓаат пред нас, како пратенички состав идеен проект кој што заслужува особено внимание.

Големо внимание би рекол до проста причина што се обидува да регулира, односно стави во одредени канони една специфична област, структура, група на интереси и луѓе кои по дефиниција раководат со државата и се обидуваат така што тој би бил нормален и не би бил тежок за крепење.

Говорејќи го ова, не мислам на оваа или на онаа политичка партија, туку на политиката како општество социолошки феномен, кои сакале дас признаме ние или не, во многу делува, влијае врз секој еден поединец, кој како единка во крајна линија ја сочинува о создава државата.

Се поставува прашањето, дами и господа, дали треба да се додржи платформата кој што некој со сила се обидува многу долго време да ја воспостави, поврзувајќи ја по секоја цена политиката со зло и користуљубивост. Точно, политиката и злото, наспроти слобдата и човеовите судбини никаде на потеатрален и праволшебен начин не се сретнуваат од места како што е ова Собранието на РМ. Политиката и дел од инволвираните функционери во неа знае да ги злоупотреби човековата судбина. Тоа е една ситуација, односно состојба која треба да се размислува, да се најде достоинствен одговор кој што ќе биде заштита од разорните последици на политичката дејност, особено врз поединецот. Една од нив според мое длабоко убедување е токму предлог законот за антикорупција, кој што се нафатил да ја практицира државната јавна работа, односно да се занимава со политиката му ја скратува можноста да не ја злоупотреби за своја сопствена добивка.

Сметам дека ние по ова прашање, ако до крај ја изведеме импликацијата ќе се согласиме дека то може да биде, ако е праведно втемелено едно од основните прашања за политиката и државните јавни работи да се доживеат и прифатат на некој начин позитивно.

Можеби уште поголем проблем е како да се излезе од сферата на декларативното, односно неефикасното. Ние слушнавме дека предлог законот е добар, но дека ќе биде тешко применлив и дека лесно може да остане во рамките на обична декларација. Тоа е навистина проблем кој што има и логична втемеленост во нашите уште свежи сеќавања на минатата владеачка гарнитура, која се што работеше беше нештата да ги сведе на декларација и ништо повеќе. Веќе е време таквиот период да го оставиме зад нас и кога размислуваме или донесуваме ваков проект да ја гледаме позитивната негова страна низ призмата кон и за граганинот, знаејќи дека тој навистина ќе ги постави работите, мисласм на предлог законот во состдојба на ред, во спротивно ќе санкционира.

Од друга страна слушравмее дека одредени делови на предлог законот, односно сфери задираат во сферата на човековите права и слободи. Мене ми се чини дека кога зборуваме за овој предлог закон дека станува збор токму за обратна ситуација, во која што земајќи ја предвид областа што е во прашање сферата на човековите права и слободи, на некој начин се заштитуваат правата, односно се зголемуваат, а на поединецот му се отвора простор за поголема сигурност, кога се замислува пред поимот на државата. Зошто? Затоа што кога тој ќе дојде во директрен допир или судир, со нејзините претставници, поради било каков сопствен интерес, не навлегува во тоа како, тој нема да има

потреба да поткупува, потплатува или подмитува, сеедно кој збор ќе го употребиме. Ваквото одење со принцип против непринципиелноста, наместо одење на човек против човека, остава простор на сомнежот, наместо простор на сомнежот дека системот ќе почне да функционира. Навистина постојат повеќе закони кои на овој или оној начин го допираат ова исто поле, но разгледувањето и усвојувањето на еден ваков закон, никако незначи дека нема или не може да се преиспита нивната евентуална колизија, за едноставно да се отстрани, а еве и денеска министерот за правда го најави тоа такво усогласување. Законитоста, довербата еднаквоста и јавноста се термини кои само ја зајакнуваат позицијата на она што сега ние трагаме, некорумпираноста. Не трагаме само ние. Трагаат и граѓаните дами и господа. Ако ние не му се поклониме на моралот, кој што на овие 4 постулати што ги вградуваме во законот им е заеднички именител, ќе продолжиме и понтаму да читаме по насловите на весниците и слушаме на теле-визијата за големите финансиски афери, за блиските фирми до власта, што стекнале толку и толку добивка аз себе, за злоупотребата на јавните фондови, примери општо познати. Да му се поклониме на моралот, зашто единствено тој според Кант може да го пресече Гордиевиот јазол во кои политиката знае да се заплетка, а ми се чини и нас да не заплетка како актери во неа. Да се свртиме конгморалот незаборавајќи ја категоријата на преиспитување исто така. Преиспитување во насока на секојдневно потсетување на основните идеи кои не донесоа во истата.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**
(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Само така позицирани ќе бидеме спремни да го одштаееме овој закон исто како да го нема, односно ќе се ослободиме од димензијата на корупцијата од, во и кон нас.

Ова не води кон, можеби, најбитното што сакам да го кажам. Апсолутно сум убеден дека крајот на корупција во кој што безрезрервно сакам да верувам доага. А, со него убеден сум дека им доаѓа крај на сите мафијашко рекетарски структури во државата, кои беа дел од др-жавниот криминал до изборите. Стоп на корупцијата за тие исти структури ќе значи излегуваше на бришан простор, бидејќи државната закрила или високи функционери веќе нема да го штитат за процент, за било каква добивка криминалот со цигари, алкохол, со дрога, па дури и со бело робје. Сомнителниот морал на таквите луѓе односно неморал дове-дуваше до блут и разврат во нашата средина, кој што и тоа како трагично го имаат доживеано некои млади души безнадежно заплеткувајќи се во лажниот сјај и фасада, која што единствено го отвора патот кон сопствениот пекол.

Никој драги дами и господа, од нив не заслужува таков крај. Целиот тој бизнис до сега некој го заштитуваше. Затоа, неслучајна беше паниката на таквите структури после изборите која се создаде, мислам на паниката после промената на власта, која што набргу се претвори во бескрајна желба да се најде простор како да се пристапи на новата власт.

Вака гледајќи го делот каде што се предвидени санкциите од Законот помислувам дека тие на некој начин се недоволно остри, одноено се благи. Ми се чини дека предлагачот требало да ни предложи далеку поостри санкции за оној кој што имал намера да се офајци од корупцијата, односно од својата политичка функција, посебно за евентуална вплетканост со организираните обидиизa тргување со цигари, алкохол и дрога. Но, поконкретно за санкциите ќе говорам вовториот дел, односно кога ќе оди законот во втората фаза. Продолжувајќи, ми се чини дека вака поставени работите ќе ги срушат надежите на сите оние кои што денеска очекуваат нешто од новата власт дека е потребно, што знам, да се даде половина милион или можеби милион денари, марки, долари и да се чекаат крајно спокојно изборите после четири години. Како што некои денеска мислат дека ќе биде доволно да се пристапи на некои државни функционери, на овие државни функционери од новата гарнитура, со тоа што ќе ги поткупат и ќе би-дат спокојни и никој нема да ги дира. Затоа, посебно сум радосен ко-га гледам дека овој закон се носи, односно дека нешто ќе почне да се придвижува во таа насока.

Значи, не ни е потребен овој закон само како закон, туку како општ принцип. Да се преиспитуваме постојано себеси низ призмата на моралот, услов без кој не смее да се може во политиката, според мене.

Пред самиот крај, дури и најсилниот обид нештата да се релативизираат тука ќажани, нема да може да оспори две работи.

Прво, конечно се става до знаење на сите дека овие проблеми треба да се решат. Од некаде мора да се почне.

Второ, дека е потребно да се најде лек за оваа болна состојба во која Македонија се најде. Нема да ни биде лесно, ама од некаде мора да почнеме.

Јас би се сложил со господинот Спасов дека успешноста со борбата, односно во борбата против корупцијата зависи од човечкиот фактор и мислам дека можам да го убедам дека изразената политичка волја и човечкиот фактор ги има на оваа страна, односно оваа власт што денеска ја формира Владата и луѓето што ја поддржуваат таа Влада, односно пратеницит екои што кренаа рака за неа.

Ми се чини дека го интересираше односно нешто спомна за лажни обвинувања, односно нешто спомна односно да се вгради нешто во законот, тоа можеби можеме да го разгледуваме, меѓутоа, мораме да внимаваме да не се сфати тоа како конотација, односно како еден механизам да ги заплашуваме тие што би сакале да тргнат против некого во било какво обвинување за корупција.

А, доколку ве интересира, ми се чини дека постои, и вие знаете, Анкетна комисија за истражување на јавните набавки и таа ќе даде одговор за се она што го прашувавте вие дали постои криминал и колкав бил тој. Тоа му е познато на народот и на секој еден лаик му е познат, меѓутоа, ќе ви одговори наскоро и Анкетната комисија. Ми се чини дека на господинот Ѓорѓи Спасов можам да му заблагодарам конечно пред мене кажа една дискусија во која што не ја спомна Бугарија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господин Филип Петровски.

Молам;,дали уште некој бара збор да се вклучи во расправа-та по законот?

За збор се јави господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, почитувани пратеници, што е тоа што ме натера да излезам и да дискутирам во функција на поддршка на законот за антикорупција.

Прво, актуелната Влада, нејзините министри, директори на јавни претпријатија, функционери од сите ешалони и тн., да престанат да размислуваат дека функцијата на која се наоѓаат избрани или именувани ги искористат за своите лични интереси. Едноставно кажано да престанат макар и потсвесно да размислуваат дека со престанокот на функцијата на која се наоѓаат треба да ја напуштат побогати за стотици илјади или милиони, се разбира, долари или марки. Нека не се поведуваат по примерот на претходната гарнитура на СДСМ, чија главна непишана девиза беше, народот барем така вели, лапај се што можеш и не мисли на друго. За да не може некој да ме обвини дека говорам напамет ќе ве потсетам на антологискиот, што би рекол, Ким Мехмети "настап на Бранко Црвенковски од говорницата на оној другиот македонски Парламент", како тогашен премиер по повод афетата ТАТ "и свети СДСМ да биде, ќе одговара според законите на државата". Со што според мене, најотворено призна постоење на организиран криминал во Република Македонија. Со тогашниот настап многумина увери дека ќе почне со чистката на криминалците во сопствените редови, а можеби и пошироко. Но, очигледно е дека тогаш суепа да ја изработи македонската јавност, но и самиот себе свесен или несвесен дека тоа е почетокот на крајот на владеењето на СДСМ, без разлика што зад себе ја имаа некогашната најголема инвестиција, денес партиската книшка 001 актуелниот претседател на Република Македонија господинот Киро Глигоров, кој за жал, со прст не мрдна во функција на сузбивање на криминалот во

државата. Едноставно се премолчуваше криминалот можеби и поради лични интереси. Тоа е моја претпоставка.

Следствено сметам дека законот за антикорупција ќе биде и првиот чекор за расчистување со октоподот промовиран од веќе екс премиерот на Владата на Република Македонија господинот Црвенковски. Значи, октоподот беше главен двигател за време на владеењето на СДСМ и тоа е јавна тајна, господо. Впрочем, господата од СДСМ имаа шанси во своето седумгодишно владеење да го донесат овој закон и да расчистат со многуте криминални дејанија во државата. Но, ништо од сето тоа. Не сакаа, затоа што криминалците, не оние обичните, повештите, посуптилните, би рекол, кои се криеја зад функциите на министри или нивни заменици беа и сеуште се во нивните редови. Човекот во тренерки, за кој наголемо се пишуваше во медиумите дека прв ги лапна парите од ТАТ во висина од седум милиони германски марки, така се пишуваше во медиумите, ако не се лажам сеуште се наоѓа во редовите на СДСМ. Можеби некој од вас ќе ме демантира, тоа е ваше право. Но, најверојатно тие пари не ги добил како наследство од вујче од Америка или од продавање на арпаџик на кванташки. Кванташки и пред малку беше спомнат, но ова е во друга смисла. Туку, со потпис на одреден до-кумент, договор и нешто слично, за што господата добивале дебела провизија. Впрочем, не е и никаква тајна дека министрите на СДСМ дебело се нафатираа, што би рекол народот, се офајдија. Чест на ретки исклучоци. Но, да не должам, вториот момент кој ме натера да излезам на говорницава е да ги потсетам сите оние високи и пониски функционери како не треба да се работи. Пример нека не им бидат аферите и финансиските скандали кои беа македонско секојдневие за време на владеењето на СДСМ. Следствено, колку за потсетување што беше тоа што ја преокупираше македонската јавност во минатите години презентирана преку медиумите. Бездруго, малку позитивно, негативности еден куп. Афери, финансиски скандали, мито и корупција и редица други негативности, кои одат на сметка на веќе бившата позиција олицетворена, нормално, во ликот на СДСМ. Дека медиумите, барем оние независните не пишувале напамет говори и дупката, која е озваничена пред ден, два од 90 милиони германски марки во Министерството за . здравство. Каде, според мене, се правени и најголемите, како што вели и нашиот народ далавери. Еве неколку конкретни примери за тоа, за да не можете да ме обвинувате дека говорам на памет.

Пример број еден, добавувачот Алкалоид од Скопје, впрочем, може ова и да го проверите по ваши канали испорача рентген филмови до Министерството за здравство од фактура број, малку ќе ве замарам со бројки, но мора така да биде, 02914746 до фактура 02657247 со вкупна факторна вредност од 4.960.886 денари. Набавената количина сведена на тендерски цени од декември 1995 година, се работи за набавката јануари 1996 година, би изнесувала 1.991.000 илјада денари. Разликата помеѓу фактурната и тендер цената изнесува 2.928.000 денари. Од што произлегува дека фактурната цена е повисока за не многу 149% од тендер цената. Дали се работи за грешка при пресметките, не знам, но според мене повеќе од очигледно е дека се работи за класична корупција.

Пример број два, од истото министерство, добавувачот и во Медика од Скопје испорачал филмови по следните фактури: 003441 и 00 33374 со вкупна вредност од 634.200 денари. Набавената количина по тендерски цени од декември 1995 година би изнесувала 219.870 денари. Разликата помеѓу фактурната и тендер цената изнесува 414.000 денари, од што произлегува дека е направена разлика од 188% над тендер цената. Коментар, мислам дека е излишен.

Пример број три, од истото министерство, се работи за набавка на рентген филмови, развивачи и фикси во 1996 година. Добавувачи фирмата д-р Пановски од

Скопје. Тој испорачал филмови по следните фактури, почнувајќи од 0017, следуваат уште девет фактури по ред, заклучно со фактура 0004 91 со вкупна фактурна вредност од 10.460.000 денари. Набавената количина по тендерски цени од декември 1995 година би изнесувала 3.955.000 денари, односно разликата меѓу фактурната и тендерската цена е 6,5 милиони денари, што значи дека е направена разлика од 164% над тендер цената, односно околу 200 илјади германски марки само по овој основ. Набавените развивачи и фиксили по горенаведените фактури во вредност од 999.000 денари по тен-дер цена би изнесувале 358.624 денари. Направена е разлика од 641.000 денари или фактурните цени се повисоки за 178%.

Пример број четири, од горенаведеното министерство. Добавувачот од Алкалоид Скопје спорачал, последните фактури, ќе поч-нам 02029, следуваат уште седум фактури завршно со фактурата 025075,со вкупна фактурна вредност од 2.924.000 денари. Набавената количина по тендер цената би изнесувала 2.279.000 денари, односно напра-вена е разлика од 645.000 денари, процентуално од 28% над тендер цената .

Дека митото и корупцијата беа најнормална работа се гледа и од горенаведените примери. Кој од ова најдебело се офајдил, господ знае. Попатно само да спомнам дека во истиот период на големо се говореше, а и пишуваше дека тогашниот министер за здравство Филипче е жив фатен на граница со торба пари, нормално од германска провинции, За да бидат работите уште појасни би сакал да ви презентирам неколку примери, еве, од Министерството за одбрана нека биде. Исклучиво како поука, а во функција од неопходноста на донесување на законот за антикорупција. За што, всушност се работи.

Врз основа на наредбар?а. на министерот за одбрана,заведено под доверливо број 20-1516/1 од 19 септември 1994 година и неговото овластување под број 20-1516/2 од истата дата 19 септемвррт 1994 година, извршена е вонредна контрола на материјално финансиското работеше во Секторот за финансиски работи во времето од 19 септември 1994 година до 17 октомври 1994 година. Што вели вонредната контрола? Опфатен е периодот на материјално финансиското работење во Секторот за финансиски пработи во период од 1 април 1992 година до 17 октомври 1994 година. Контролата е извршена по инспекциска метода по след-ните прашања. Најверојатно, има и стручњаци, кои што ќе објаснат што значи тоа инспекциска метода.

Прво, одобрување на аванси при набавка на материјални средства.

Благовременост при правдањето на дадените аванси.

Трето, комплетност на исплатната документација.Четврто, приоритет при вршење на исплата на обврските кон доверителите. Што утврди Комисијата во текот на контролата? Контро-лата на договорите од Секторот за набавка и од други органи кои се евидентираат и чуваат во Секторот за одбрана утврдено е дека во над 80% во договорите договорена е исплата на аванс во висина од 30 до 100% од договорената вредност. Така, според евиденцијата во сметководниот центар по пат на аванси од Министерството за одбрана на над-ворешни партнери во 19 92 година се исплатени средства во износ од 30.000.000 денари. Значи еден милион марки.

Во 19 93 година 250.000.000 денари, тогашни околу 10 милио-ни марки. И во 19 94 година до денот на контролата исплатени се средства во висина од околу една милијарда денари, тогаш скоро 40 милиони марки, односно 50% од вкупните расходи на Министерството за од-брана. Индикативно е што речиси во ниту еден случај не е регулирано плаќашето на камата на одобрениот аванс. Давани се пари, што би се рекло, чаирски на жими мајка, а дури потоа се склучувани договорите за набавка на материјални средства за потребите на Министерството за одбрана, разбира се, што би рекол нашиот претседател мил и драг, во четири очи, евентуално по потреба во шест очи.

Комисијата констатира дека Министерството за одбрана,таму станало практика договорите да се склучуваат уште пред да се покрене набавката и пред да биде потпишан министерот за одбрана. Тогаш министер беше Владо Поповски. Еве еден конкретен пример.

Примерот на договорот со Еуроинвест, 11 Октомври од Прилеп тежок 2,7 милиони долари, кој во Еуроинвест е заведен на 5 септември, едноставно не е почитувана процедурата. Во Министерството за одбрана на 15 истиот месец, значи со 10 дена задоцнување, а рефератот за набавка кој го потпишува министерот е заведен на 21 септември. Очигледно измешани беа работите, се почнуваше секогаш од позади. Коментар немам на оваа работа. Следниот пример е доста интересен и претставува класичен пример на злоупотреба на функцијата.Се работи за следното, дами и господа. Со договорот број 31/III од 31 јануари 199 4 година заклучен со Интерлап од Скопје, договорена е испорака на медицински апарати во вкупна вредност од 99.491 американски долар, со исплата на аванс од 100% и рок на испорака од 60 дена по уплата на авансот.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОСКИ:**

Авансот е платен по профактура бр. 31/1 и тоа на ден 7.03. 1994 година 1.500.000 денари, на ден 9.03.1994 година 1.000.000 денар и на ден 22.03.1994 година 2.220.000 денари. До денот на корнторлата авансот на беше оправдан иако апаратите медицински се примени од Интерлап на 15.09.1994 година, односно со 177 дена задоцнување. Прашањето е кој беше интересот на Министерството за одбрана или одредени персони во тоа министерство без каматно да ја кредитираат горespоменатата фирма, а тоа се пари на Македонските даночници, господа.

Што се случи со договорот склучен меѓу Министерството за одбрана"МВР АСИБА и МГ" за набавка на 100 минофрлачи, 10.000 мини и 10.000 калашникови. Имено записниците на инспекцијата на Минситерството за одбрана велат дека овој договор воопшто не е остварен, туку претставува фиктивно покритие. Според договорот "Асиба" беше обврзана да го набави спомнатото оружје во вкупна вредност од 2.520.000 САД долари, од кои 70% или 1.760.000 САД долари за потребите на Министерството за одбрана и 30% или 756.000 САД долари за потребите на МВР. Со овој Договор не е договорено никакво давање на аванст од страна на Министерството. МеРутоа до Минситерството за одбрана од страна на МВР е доставена профактора на износ од 63.755.000 денари за набавка на посебна опрема. Плаќањето е извршено директно преку Буџетот, преку Минстерството за фианнсии, на товар на Министерството за одбрана.

Вака следувало појачањето: На 20.10.1993 година 61.200.000 денари, на 8.11.1993г. 1.860.000 денари и на 25.11.1993 година 695.000 денари. Плаќањето е извршено однапред без документација, а меѓу МВР Министерството за одбрана и Министествтото за финансии е потишан договор за акцесија. Правдањето на авансираните средства во моментот на контролата во висина од 63.750.000 денари во книговодството на Министерството за одбрана се води како нерасправен или непокриен.

Од авансираните средства дадени на МВР во висина од 866.000 САД долари дозначени се на фирмата "Никејг" форте, за набавка на 25 моторни возила Камер, меѓутоа до денот на контролата МВР нема доставено ликвидна материјална документација за правдање на авансот. Значи сердствата дадени за купување на оружје не се искористени наменски, туку се користат за купување на моторни возила во нов дого. вор со "Никејн" од Скопје во износ од 1.637.000 САД долари.

Гореспоменатите примери се само мал сегмент, дами и господа, од она што е констатирано од Секторот за инспекциски работи. Се надевам дека таму седат стручњаци не седат шалабајзери.

При вршењето на вонредна контрола во материјално финансиското работење на Министерството за одбрана, се означени како воена тајна, доверливо, заведени под број 29-1515/1. Која е причината криминалните дејствија да се означуваат како воена тајна, познато му е само на тогашниот министер Владо Поповски, можеби на неговиот наследник. Едноставно кажано човек треба да е, кажам еден израз морон за да не увиди при систе овие

далавери не е правено, што би рекле Турците Санабана, или тебе мене.

Сето ова гореизложено може да биде и повод за органите ки треба да ги разјаснат сите овие девијантни криминални појави, во еден повик до јавниот обвинител за покренување на постапка во функција на заживување на Законот за антикорупција. Се надевам дека набрзо ке имаме и конкрени резултати,а веке се работи за тоа , а и првите пресуди од типот на екс првиот човек на НАТО Вили Клас кој скоро е осуден за примање на мито. Но, да не се почне од ситните риби, туку од оние најкрупните кои беа и главните протагонисти на политиката на лепливи раце, кое стана и генерална политика на СДСМ во нивното 7 годишно владеење. Реков чест и част на ретки исклучоци. Октоподот не беше фатен, но сенадевам дека набрзо ќе се најде во некоја од тавите во Идризово.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Александар Флороски. Дали некој друг бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и госпoда пратеници, госпoда министри.

Не е потребно големо образложение за да се оправда потребата од донесување на ваков закон, поготово исцрпните примери кои беа изнесувани, и кои сигурно се повеќе од нив на работа на Комисијата на јавни набавки, евентуално и на другите органи на прогонот на државата, поготово што беа изнесувани со конкретни показатели што се случувало. НО; во секој случај би сакал да дадам свој придонес по однос на тоа што треба д асодржи Законот и уште некој елементи кои се потребни за да се постигне целта која што се сака со овој Закон.

Пред се, сакам да обрнам внимание на една појава која што е присутна кај нас, која што е сеуште далеко за разрешница. Имено се работи за фианнсирањето на политиките партии и за една јавна или пректиена корипција која што постои помеѓу нас самите. Мора да признаме сите тука заедно дека не би можеле сите да вршиме кампања, сите заедно ние овде, но ние малку помалку затоа што имавме малку помала можност да се корумпираме и сигурно дека не би можеле да ги извршиме елементарните потреби на нашите потреби по однос на претставувањето на кандидатие. Ова го кажувам со намера да иницирам од страна на Владата донесување на закон за финансирање на политичките партии за да се спречи, зошто да не го кажам и тоа, можеби и политичкото коримпирање односно корумпирањето на политичките партии.

Втора работа што е потребно да се направи е спречуваето на вршење на други дејности, на носители на високи држав ни функции, или нивна поврзаност со одредени работи каде што тие имаат или удел, или влијание. Мислам дека тоа е исто така една важна работа со која ке се соочи и сегашната Влада.

Доколку во Владата има министри кои имаат одредени дејности, не може да ме убеди никој дека тие нема да го искористат своето влијание за да извршат одредени работи. Мислам дека ова е исто така еден важен дел со кој, одколку навистина Владата има намера сериозно да се зафати со субивање на корупцијата и појавите поврзани со неа треба да го спречи овој дел околу вршеше на други функции на функкјционери, носители на јавни функции.

Трета работа која што исто така мислам дека е многу важна за да се постигне саканата цел е децентрализтација на управата, односно деконцентрација на власта од министерствата односно од носителите на јавните функции на пониските нивоа и нИвната контрола за работата на пониските нивоа, затоа што вака како што е сега министерот одлучува за сите работии кои што се вршат во министерствата, директорот на јавните претпријатија е одговорен и за штрафовите што се набавуваат за некоја подрачна единица каде што можеби тој и не знае каде е. Се додека е тоа така бидете убедени дека нема да се постигнат саканите цели, кој знае какви закони да пишуваме овде. Затоа еден од предусловите, повторувам уште еднаш е деконцетрација, децентрализација на власта и соодветна контрола над нив.

Една работ акоја што исто така им оди во прилог на носителите на јавни функции, односно на државната управа и администрација се нерешените проблеми, односно недефенираните состојби кои владеат во одредени области, како што е урбанизмот, како што се инфраструктурата и некој други дејности, поради каде што поради тоа што не се решени состојбите со

носењето на урбанистичките планови, со изведувањето на разни работи на инфраструктурата, грагаите се приморани на некој начин да се саногаат и да дојдат до тоа што им е желба, непример, дозволи за градење или замижување за градење или за некој други работи, што, мора да признаеме дека состојбите такви какви што се им одат во прилог на тие што одлучуваат.

На крајот би сакал да кажам своја сугестија по однос на националното тело што се претендира да се формира за сузбивање на корупцијата.

Колку што сум упатен на некои примери во држави кои се соочени многу порано со вакви состојби и кои што пермаментно се соочуваат, да не се залажзуваме дека оваа власт ке биде имуна на тоа Оваа работа се решава само на еден начин, не со махоризацкја, не со некои паритети по однос на одредени состојби кои што се моментални на политичката сцена, туку со еден однос, колку од позицијата, толку од опозицијата и со едно консензуално решавање по сите примери односно сознанија до кои ке се дојде, во однос на инволвираноста на некои одредени функционери. Така што тука мислам дека би требало од двете страни да се оди со три од позицијата, три други члена од опозицијата и претседателот на тој комитет да биде или претседателот на Владата или претседателот на Собрнаието кој на некој начин ке биде координатор на работата на ова тело,а не да има право на глас. Мислам дека на овој начин ке се постигне ова тело да работи соодветно и навистина да се занимава со сузбивање на тоа што е криминал и корупција истовремено.

Јас се надевам Министерството за правда кое што е носител на овој Закон ке ги има предвид овие укажувања и ке ни понуси закон кој ке биде многу поблиску до целта што сака да се постигне .

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор по оваа точка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Начинот на кој е изработен законот го прифакам како материјаг за дискусија пред ова Собрание, начинот како се распределени главите исто така има смисла. ЗПК дадовме сугестии до предлагачот како одредени решенија или да останат во законот или да се разрешуваат со правилникот за работа. Мегутоа овде што е главно. добиваме една одговорност, покрај физичките лица и правните лица за одговорност во сферата на политиките, јавните набавки и јавниот интерес и други правни лица.

Господа Законот се до некаде решил за откривање на овие дејствија. По мое мислење правните последици од овој закон се работени од интерес на нарачателот на овој текст што е изработен повеке од годинадена, од Правниот факултет во Скопје. Ако ги земите казнените одредби, тоа се само парични казни кои не соодветствуваат со преземените дејствија кои претставуваат, така да кажам, елементи на корупцискиот дел. Земете само еден пример. Ако на недозволен начин се употреба средства и се добијат избори, предвидена казна за правното лице 20.000 денари. Последицата од такви избори е нелегитимно избран пратеник. Моја сугестија е да има правна последица и по политичка партија и по кандидатот. Ако се докаже тоа дека е тоа направено и ако се докаже дека на секој валјак, или на некое друго вредство од градежништво стои лик на пратеник, а средствата се плаќаат, дали од средствата на општината, дали од Министерство, дали од било кој а не поминале преку Фондот односно преку сметката на партијата или кандидатот, да се смета какл злоупотреба и изборнтие резултати да бидат нула (О).Така избран пратеник нема мандат.

Претходната власт, веројано имајки ги и начинот и средствата како ке се употребат за изборите, нормално казнените одредби се да кажам симболични. Најголемата казна е 200.000 денари, а тоа се однесува кога се во прашање потешки повреди, од друг а не од изборниот елемент. Поради ова на предлагачот во изработка на Нацртот му предлагам посебно да се позанимават со правната последица од злоупотреба на одредбите на овој Закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Стојановски за неговото излагање.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следноит заклучок.

1. Собрнаието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за спречување на корупцијата,

2. Владата на РМ ке изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон, при што ке ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаит ена рабонтита тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклулок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собрнаието на РМ да се достави до Владата на РМ и до Министерството за правда.

Дали има приговори во врска со предложениот заклучок?(нема) Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака(83)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собрнаието го усвои предложениот заклучок.

Почитувани дами и господа пратеници,јас имам предлог,

не знам дали ке ми го прифатите да направиме една пазза до 16,оо часо^г и по 16,оо часот да ја продолжиме сендицата.

Предлагам пауза до 16,оо часот.

(По пауза)

(Седницата продолжи во 16,20 часот)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Преминуваме на точката 2 Предлог за донесување на закон за престанок на важењето на Законот за зголемување на вработувањето со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

има збор г-динот Бедредин Ибраими, министер за труд и социјална политика и потпретседател на Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван г-дин претседателе дами и господа пратеници, во декември 19 97 година во рамките на мерките на макроекономската политика за 199 8 година, во врска со проблемот на вработувањето и невработеноста а заради финансиско растоварување и стимулирање на работодавците при вработувањето на нови работници на неопределено време беше донесен закон за зголемување на вработувањето што државата презеде обврска придонесите на платите по однос на ПИО, Здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност да бидат на товар на Буџетот на РМ.

Иако беше најавено дека со овој Закон ќе се овозможи вработување на голем број на невработени лица во РМ од 1.1.1998 година, од кога се применува законот, па до 23.XII.1998 година, по основ на овој закон беа вработени вкупно 33.918 работници на неопределено време. Значи половина од тоа што беше најавено пред да се донесе овој закон. Бројката од 33.000 не се реални вработувања, а тоа ќе го кажам малку подоцна .

Од овој број 21.188 се вработени, евидентирани лица во Заводот за вработување како невработени лица најмалку една година, 6.886 се невработени лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај 2.050 работодавци кои започнале со вршење на нова дејност, 506 невработени лица на кои им престанал работниот однос како технолошки вишок и карактерситична бројка, 496 невработени лица корисници на социјална парична помош. 82 невработени со психовизички недостатоци и 2.710 невработени лица со измените и дополнувањата на законот за зголемување на вработувањето.

Со досегашната примена на овој Закон не се остварени

очекуваните ефекти. Ефектите беа само во однос на вработените на кои им престанал работниот однос поради стечај , на вработените на кои им престанал работниот однос по основ на економски, структурални и слични промени и се поставува прашашето која е другата структура на вработените по овој основ.

Јас можам слободно да кажам дека постојат индиции, дека поголемиот дел од овој број и останатиот дел претставувцат фиктивни вработувања т.е. вработувања на лица од потесното семејство на работодавците, кои мора да се признае тоа право го користеле, го искористиле и

успеале да ги вработат лица со тоа што тие фактички не биле ангажирани во процесот на трудот, туку државата плаќала придонеси а на работодавците најверојатно овие вработувања им послужиле на лесен начин извлекуваат средства од нивните жиро сметки по основ на трошок за вработени односно на име на плати.

Користам прилика од оваа говорница јавно да ги повикам сите тие работодавци кои не по нивна вина го искористиле овој закон и направиле такви вработувања да бидат солидарни со целокупните ангажирања на оваа држава, да бидат солидарни со социјалните случаи во РМ , кои ги има во голем број , да изнајдат начин да од стапување на сила на овој Закон да изнајдат начин како да им престане работниот однос на лицата кои фактички и реално не се ангажирани во работниот процес.

Освен тоа имаше определени проблеми во примената на Законот и во смисла на неефикасно искористување на средствата од Буџетот што беа наменети за плаќање на придонесите за нововработените согласно Законот кај одделни работодавци кои нередовно и со задоцнување ги исплаќаат платите на вработените.

Заклучно со декември 1998 година исплатени се вкупно 596 милиони денари од кои за ПИО 420, за Фондот за здравство 153 милиони денари и за Заводот за вработување 22 милиони денари за вкупно 22.043 вработени по основ на Законот за зголемување на вработувањето. Фактички за овој број државата ги плаќала придонесите по основ на овој закон.

Каде е разликата од 11.000 новвработените. На тие луѓе или не им се исплаќала плата, за да им се исплати плата треба да го прикажат во Заводот за платен промет за да државата ја исполни својабта обврска да им ги исплати придонесите, што значи дека има индиции дека одредена категорија на граѓани во РМ по основ на овој закон се вработени од страна на работодавците се искористуваат , а работодавачот не им исплаќа плата.

Заради остварување на принципите на пазарниот начин на стопанисување во нивната примена и во сверата на вработувањето, како и стимулирање и поттикнување на вработувањето преку економски развој и продуктивно вработување потребно е насочување на средствата во одлучување за развој на мали и средни претпријатија ставена на работодавците во еднаква положба во задоволувањето на своите потреби

од работната сила и пренамена и насочување на средствата од Буџетот за развојни цели и создавање услови за вработување на невработени корисници на социјална помош. Значи, целта на законот е стимулирање на продуктивно вработување преку економски развој, рационално користење на средствата и подобрување на лошата структура на расходите во Буџетот, растоварување на буџетските расправи за намената утврдена во Законот и организација кон развојната функција на Буџетот, како и ставање во еднаква положба на работодавците при вработувањето на работници, не е случај со Законот за зголемување на вработувањата поради што и се предлага истиот да престане да важи.

Кои се основните решенија на новиот закон, т.е. закон за престанот на важење на Законот за зголемување на вработувањето. Тој е многу мал закон по обем, но ефикасен. Се состои од четири члена каде што првиот член зборува дека престанува да важи Законот за зголемување на вработувањето.

Интересен е членот 2 од Законот што се предлага во смисла дека стекнатото право на работодавците согласно Законот за зголемување на вработувањето чие престанување се предлага според кој вработил работник според законот продоожува и понатаму да ги користи правата за надоместување на средствата за плажање на придонеси до 31 декември 1998 година, до кога била важноста на овој Закон.

Втората многу интересна одредба која може да отвори

одредена полемика во Собранието е ангажираноста на ова Министерство и оваа Влада во заштита на вработените по основ на овој закон откако ќе истече рокот за кој државата е должна да ги плаќа придонесите така да во функција на доследна примена на Законот и заштита на вработените предлагаме со Законот да ако на работникот вработен согласно овој Закон кој редовно и со успех ги извршува работните задачи му престане работниот однос со отказ од страна на работодавецот работодавецот е должен да ги надомести средствата за

платените придонеси за времето за кое го користел правото на ослободување за работникот.

Полемиката може да биде во однос на тоа дали е во согласност со Уставот оваа одредба, меѓутоа поаѓајќи од една здрава логика ако работникот кој е вработен од одреден работодавец по однос за Законот за зголемување на вработувањето цели две години бил успешен во остварување на резултатите и во извршување на работата се поставува прашање дали може работодавецот после истекот на рокот 31 декември 19 99 година да каже дека не е задоволен од работата на работникот и да донесе соодветен акт да му престане работниот однос. Значи , членот 3 од Законот кој се предлага да се донесе е токму во функција на заштита на работниците кои се вработени по основ на Законот за зголемуивање на вработувашето.

Во однос на финансиските средства овој Закон не повлекува никаква обврска за обезбедување на финансиски средства, туку напротив ќе овозможи одредено штедење на буџетски средства, нивно штедење и рационално користење, како и усмерување на буџетските средства кон развојот и продуктивното работење.

Поради овие причини предлагаме овој законѕда се усвои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потрептседателот на Владата Бедредин Ибраими.

Молам кој друг бара збор?

Има збор г-динот Борислав Трпковски.

**БОРИСЛАВ ТРПКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пред Собранието се наоѓа предлог за донесување на закон за престанок на важењето на Законот за зголемувањето на вработувањето со Предлог на закон.

Овој закон покренува едно многу важно, суштествено прашање односно го покренува проблемот на вработувашето и невработувањето. Фактички прашањето за невработеност е негација на поимот вработување. Проблемот со невработувањето беше многу експониран во изборната кампања од сите политички партии без исклучок. На овој проблем поедини партии го градеа својот имиџ и рејтинг. Да не заборавиме коалицијата за промени предвидуваше во првите 100 дена да вработи 10.00 0 нововработени лица.

Дека проблемот со вработувањето не е чиста македонска проблематика може да се каже дека со овој проблем се судираат скоро сите источноевропски земји кои се во транзиција и преструктуирање на своите стопанства од планско во фаза на стопанство.

Со овој проблем во последнава деценија се судираат и развиените западноевропски замји поради што Европската унија овој проблем го третираше и заседе ставови за ублажување на проблемот на невработеноста. Да не заборавиме дека во СР Германија новата Влада ја градеше својата програма и на прашањето на ублажувањето на проблемот на невработеноста и веќе оваа Влада има донесено и соодветни акти за зголемувањето на вработеноста во Германија.

Проблемот на вработувањето односно невработувањето е чисто економски, но со политички реперкусии пгаго значи дека на овој проблем треба да му се обрне посебно внимание од страна на Владата и Републичкото собрание. Во развиените западноевропски земји проблемот со вработувањето е ставен како економско и политичко прашање и затоа државите го третираат со воведување на соодветна законска регулатива. Согласно уставните определби во кои што нашата држава покрај другите квалификативи се третира како социјална држава и е задолжена да го третира овој проблем и уредува со Закон во интерес на подобрување на економската положба на граѓаните.

Со ова сакам да потсетам дека проблемот на вработувањето треба да се свати како крувијално прашање како за граѓаните така за државата РМ.

Пред да ги изнесам ефектите од Законот кој се предлага да се укине би се осфрнал и на причините што доведоа до големата невработеност на нашата држава. Според статистичките податоци бројот на невработените се движи околу 240 до 250 илјади, а според показатели на некои политички партии околу 300 илјади. Сметам дека е точен оној број што го покажува званичната статистика.

Причините за невработеноста се од објективен карактер и неможе да се препишува вина на поедини политички фактори. Предмет е на еконономистите да направат точна анализа за проблемот на невработеноста.

Јас лично сметам дека причините на невработеноста треба да се бараат во следните области.

Пред се, поради преструктуирање на стопанството од планско во пазарно, каде се појави вишок на вработени работници. Затворање на голем број на фабрики и комбинати поради непрофитабилност на производството, затворање и губење на поранешните пазари; недостиг на обртни средства во претпријатијата; силна конкуренција на светскиот пазар; ограничување односно затворање на западноевропскиот пазар со разни економски мерки; големиот наталитет во поедини подрачја на нашата земја; продукција на голем број на восокообразовни кадри од високошколските установи, тој број не одговара на потребите на државата и др.

Од ова произлегува дека прашањето за невработеност е

комплексно прашање и задира во повеќе области (економски, политички, географски, социолошки и др.)

Претходната Влада најде сила и се обиде да го реши овој проблем. Таа на крајот на 199 7 година, донесе Закон за зголемување на вработувањето со тоа што влезе во сила овој Закон од 1.1.1998 година. Подоцна овој Закон беше дополнет, изменет со закон во јуни 19 98 година.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Законот беше еден вид поттик за вработување, за лица кои се не вработени и се водат во бироата за вработување како такви преку една година. Измената на законот даде можност да се вработуваат приправници со висока наобразба, без разлика на времетраењето на нивната невработеност. Од друга страна, со овој закон се дадоа стимулативни мерки кај фирмите со цел да го поттикнат вработувањето што и се случи. Овој закон даде позитивни резултати и тоа за кусо време. Беа вработени околу 40 илјади нови лица и ако продолжеше да се применува овој закон и во наредните години, проблемот со невработеноста во Македонија, во голема мерка би се ублажил.

Во дадееното образложение на Предлогот на законот за престанок на Законот за вработување, овие успеси на поранешната Влада се минимизираат, а бројот на вработените во текот на 1998 година се евидентираат на 33 илјади вработени, која бројка сметаме дека не е точна. Имајќи предвид дека сепак јас доаѓам од непосредното производ-ство, ќе посочам соодветни податоци за ефектите од овој закон, при што посебно би се осврнал на прашањето на вработувањето во општина Тетово.

Во 1998 година, од примената на Законот, во нашата општина се вработени 4.371 нововработен и во однос на 1997 година кога беа вработени 3.139 вработени, тоа претставува дури и цели 28% поголемо вработување од донесувањето на Законот од 1.01.1998 година.

Предлогот на законот за престанок на Законот за вработување, од предлагачот како причина се наведува наводно оптоварувањето на Буџетот на Република Македонија. Мислиме дека ова не е никакво оптоварување на Буџетот на Републиката, туку напротив за вработување и поттикнувањето на вработувањето има и соодветни средства за поддршка од многу меѓународни и светски финансиски институции што се во функција на зголемување на вработувањето во Република Македонија. Или пак, сметаме дека со добра волја и можност можат да се најдат решенија при конструирање на Буџетот. Сигурно дека проблемот со вработувањето треба да најде свој приоритет, со оглед на тежината на проблемот што го оптоварува нашиот граѓанин, односно невработените во Република Македонија.

Проблемот со невработеноста Владата сака да го реши, наводно, со внесуваше нови странски инвестиции во нашата земја. Меѓутоа, не треба да се заборави дека ова прашање е прашање на иднината, а прашањето на невработеноста е прашаше на сегашноста, што не трпи одлагање.

Со предложениот закон фактички се стопира понатамошното вработување, а Владата едноставно не нуди нови законски проекти за решавање на овој проблем во република Македонија.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Борислав Траповски.

Збор има г-динот Мерсел Биљали, а потоа збор бара г-динот Нано Ружин.

Има збор г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Со сето мое позитивно расположение во овој Предлог, односно во овој Закон, да видам проект што ќе биде надвор од политичките интереси, односно што ќе биде надвор од партиските интереси и од партискиот маркетинг, меѓутоа, не можев да се убедам во тоа.

Искрено кажано во понудениот проект не можев да дојдам до аргументи, барем јас, тие аргументи што стојат тука, не можат да ме убедат дека, сепак, во овој проект односно, во овој Предлог има економска логика, дека во овој Предлог има социјално оправдување или има одредени интереси што се однесуваат на интересите на граѓаните. Барем не стекнав такво убедување од образложението што стои во Предлог на законот, односно Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон. Иако од министерот тука слушнавме некои аргументи кои што можебк заслужува да се исслушаат, меѓутоа сепак јас сум убеден дека на Предлогот му недостасува едно сеопфатно образложение и анализа со еден реален пристап за ефектите и резултатите од примената на овој Закон.

Ми се чини дека се сака, кога кажав на почетокот дека овој проект го гледам пред се од политички сегмент, ми се чини дека се сака да се девалвира, односно да се омаловажи или да се дискредитира една работа што, меѓутоа може да се смета како позитивна работа.

Искрено, јас, исто така како пратеник од минатиот состав имам причина да не бидам задоволен со одделни постапки на минатата Влада, како што исто така имам причина да бидам задоволен со некои постапки од сегашната Влада. Меѓутоа, анблок да се отфрли еден закон, да се укине еден закон без соодветни и сеопфатни анализи, јас мислам дека е до крај несериозно и до крај нечесно и политички штетно.

Според се уште важечкиот закон обврската на државата се состоеше во тоа да се надоместат придонесите на нововработените лица на неопределено време од лицата кои се евидентираат како невработени и тоа да се покрие од средствата на Буџетот на Република Македонија.

Во образложението на Предлогот, меѓу другото стои дека понатамошната примена на овој Закон ќе ја влоши состојбата во однос на Буџетот, односно ќе се влоши состојбата во однос на расходите на Буџетот, а исто така се кажува во основните начела на кои се засновува Законот, меѓу другото, дека со укинувањето на се уште важечкиот Закон ќе се обезбеди една рамноправна положба помеѓу работодавачите итн.

На сите мислам дека им е познато дека значителен дел од средствата, од буџетските средства одат и за социјални примања. И тука, веројатно секој паметен, помеѓу алтернативата дали тие средства да се земат во готово од лица кои ги примаат во име на социјална заштита или пак тие средства да се компензираат на друг начин така што и да овозможиме на едно лице да се активира, да се опфати во процесот на производството, работењето итн., значи да се создава нова вредност и нов капацитет итн., веројатно умниот човек ќе се определи за второто.

Во однос на втората констатација дека постојниот закон ја нарушува рамноправноста помеѓу работодавателите односно работодавачите, мислам дека и ова до крај не е поткрепено со фактите, од причина што општо е познато дека насекаде во светот е познато постојат законско административни мерки и согласно на уставите на тие држави и законите на тие држави кои се преземаат како интервенции за да се постигне некоја цел, првенствено економска и социјална цел. Дали тие интервенции се однесуваат на таканаречената позитивна дискриминаци; што има за цел на одредена група или одреден социјален слој на луѓе да им дава некоја предност, или пак тие интервенции се однесуваат на даночните олеснувања, се со цел да се стимулира одредена гранка и дејност итн.или пак се дава за плаќање на одредени надоместоци, миелам дека тоа не е наша иновација. Напротив, тоа е една практика што се применува во повеќе демократски држави во светот.

Јас ќе бев за овој закон, дури бев подготвен да го поддржам овој

закон, условно, Владата да понудеше нов проект. Јас мислам дека и од поранешниот состав не се сеќавам дека ние сме донеле закон за укинување на закон, туку секогаш сме имале нов закон и закон за изменување и дополнуваше на закони итн.

Меѓутоа, без оглед на тоа да имавме некој проект од кој ќе се убедев дека ќе се воведе некој поавансиран статус или посветла состојба, некој поусовршен, поаналитичен и порационален проект, веројатно јас ќе бев за тој проект.

Значи, практично, за сега алтернатива немаме. Сето тоа се води во смисла на ова дека воглавном ова не чини, ама ние не знаеме што чини. И, мислам дека последиците од укинување на овој Закон ќе ги сносат повеќе малите претпријатија, а тие се особено во понеразвиените подрачја во Република Македонија, односно во Западна Македонија.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Мерсел Биљали.

Збор има пратеникот Нано Ружин.

За збор се јави и пратеникот Илија Филиповски.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници.

Укинувањето на овој Закон кај мене предизвика уште едно силно чувство да трошам одредени сегменти на размислување токму околу целата социјална анемија што денеска ја живееме во Република Македонија. Со тоа би сакал да истакнам дека, еве, еуфоријата од изборите заврши, триумфализмот повеќе не го гледаме помеѓу припадниците на Коалицијата за промени, па дури ни меѓу оние кои гласаа. Утринава се кажа дека можеби се наоѓаме пред некој нов авантуризам, можеби кон една страте-гија без компас. Тоа најдобро го почувствувавме во интервјуто на премиерот пред два дена, што можеме да го оцениме за песимистичко, полно со страв, со емоции, со повлекувања, со, речиси, поетска констатација дека можеме само да се надеваме на нешто.

Разочарувањето, присутно на секаде, наместо промени и демократија кон подобро, откриваме еден распрснат и сив пејсаж, една психоза на напнатост во општеството што асоцира на времињата на Макартизмот. Дури, можеби нема да претерам некои доживуваат одредени морници и "ноќи на долгите ножеви", на "црни комесари", особено во МРТ (реакции од страна на пратениците од коалицијата) во Нова Македонија, во Електростопанство, но и на секаде во општеството. Постои една напнатост што можеби вие не ја чувствувате, бидејќи веќе се одвојувате од народот.

Премиерот, во експозето истакнат ќе се намали стравот на граѓанинот од помислата дека политичарите со своите постапки ќе го нарушуваат нивниот мир. Беа промовирани промени, како некој нови социјални утопии. Што останува од тоа? Откупот на тутунот? За кој што ветувавте огромни суми и дури правите асоцијации дека СДС.

(Реакции од страна на пратениците)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, држете се за дневниот ред.

**НАНО РУЖИН:**

... дека СДС е организатор на тие демонстрации. Јас велам, доколку не е Социјалдемократскиот сојуз, јас сум Социјалдемократскиот сојуз да биде организатор на тие демонстрации затоа што онака како што јас ја сфаќам социјалдемократијата, тој е природниот сојузник и на тутунарите. Пензиите ги смаливте за 10%, студентите воопшто немаат пристап кон ветените кредити, хајки по работните места, една општа социјална анемија. Каде се трабантите и гласоговорниците, бидејќи за време на владеењето на Социјалдемократскиот сојуз продуктивно беше да се критикува.

Денеска, молк! Како од дел на новинарите, така и дел од интелигенцијата.

И, еве сега имаме една генијална идеја, укинување на Законот за зголемување на вработувањето, еден ирационален предлог. Зошто?

Ќе зборувам како професор по социјална политика. Доколку овој Закон беше предложен од Министерството за стопанство и да кажеше има таква и таква економска неоправданост, можеби и ќе не убедеше. Меѓутоа, кога го предлага Министерството или министерот за труд и социјална политика, а ќе се согласи дека социјалната политика корените ги наоѓа во чувството за милосрдие, за

хуманост, во религијата, практично се појавува како едно чувство на издавање на моралноста, на едно нарушување на деонтологијата на ова Министерство или, веројатно сме, како што веќе сме по се единствена земја во Европа, веројатно сем единствената земја во Евраопа која укинува одредба што има за цел да го зголеми вработувањето. Дури да биле вработени и 10.000 и 15.000, меѓутоа рековте 33 се. Значи, ирационалност.

Се прашувате зошто? Па, затоа што немате господо никаква социјална стратегија. Самиот премиер призна, економскиот развој за него бил најдобрата социјална политика. Грешка. Во тој случај Америка нема да има потреба од социјална политика бидејќи има извонредно развиена економска политика, значи нема потреба од социјална политика. Меѓутоа., како што знаете и Америка и Франција и Велика Британија и покрај економската развиеност имаат силна социјална политика.

Од друга страна, тоа веќе го знаеме од праксата, незнам Вас зошто Ве натераа Вие да го повлечете овој потег, меѓутоа, кога го повлекувавте требаше да понудите нешто. Вие велите дека го повлекувате Законот, ги повлекувате бенефициите, меѓутоа не предлагате други бенефиции, што е непојмливо во социјалната политика. Веројатно дека еден таков негативен пристап кон нешто што создава позитивни елементи во општеството ќе наиде на големо незадоволство и кај народот.

Освен тоа, дел од народот, можеби дел од работодавците нема да ја сфатат суштината на Законот. Можеби некој по механика ќе почне да отпушта луѓе. Затоа мислам дека е неоправдан овој чин што го правите.

Конечно, во програмата и некни во Комисијата рековте, ќе измислите, ќе предложите закон за вработување на социјалните случаи. Таков закон, дами и господа, за вработување на социјалните случаи ќе биде прв пат во историја на една држава некој специјално да вработува социјални случаи. Инаку, на пример Америка или поразвиени нема да има потреба од тоа да се занимаваат со сиромашните. Веројатно и тие ќе направеа еден закон за вработување на социјалните случаи и ќе немаа социјални случаи. Меѓутоа, и покрај целото богатство тие имаат социјални случаи. Зошто? Затоа што, прво, кај тој вид популација, кај тој сегмент популација постои еден вид и ментална неподготвеност заради состојбата во која се нашле, да не се вклучат во самиот процес на вработување.

**НАНО РУЖИН:** (Продолжение)

Второ,ќако ќе гичутврдиме, по кои критериуми кој е социјален случај , а кој не. Јас Ви реков минатиот пат имате во Македонија луѓе кои се корисници на социјалната помош, меѓутоа кои не се невработени. На пример примаат илјада швајцарски франци од роднина и пријател, а имате луѓе кои работат за 100 марки. Но, тоа не се социјални случаеви, за Вас, меѓутоа, усепеале да се вработат по овој закон. Може да се направи една дискриминација, тоа што го реков на Комисијата.

Конечно, очекував и сеуште очекувам од Вас разбитеја оваа наелектризирана, напната состојба околу работните места, околу статусот на луѓето, имате пријатели еве слушнавме синот на потпретседателот на Собранието станал директор на Царинската управа. Советувајте го барем со позитивна енергија да не ги критикува оние 20 луѓе што им се закани дека ќе ги отпушти од Собранието или нека го следи примерот на Павле Трајанов чија жена ја именуваа за директор на Поликлиниката меѓутоа на никого не му се закани дека ќе брка од работа.

Според тоа, која е тезата која може да ја очекуваме во иднина? Дали да се надеваме на милијардата или да ви цитирам она што напишал за Дојчецајтунг на 26 јануари за Македонија. Па вели вака: "Тие веруваат во хороскопите, во ѕвездите, во стаклените топки, брчките на рацете, талозите од кафето". Јас велам чув од денеска дека и во Тајван се гледало, ама на чај. Затоа побрзајте можеби ќе имате добри искуства таму. Но, бидете сериозни, не шегувајте се , ова е Балканот тоа го вели еден грчки поет надреалист Никос Ендонопулос, бидете реалисти, а г-дине министре можете слободно да го повлечете законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа беше г-динот Нано Ружин.

Има збор пратеникот г-динот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господа министри, почитувани колеги пратеници.

Јас прво сакам да се осврнам на ефектите од примената на Законот. целта на законот е зголемување на вработувањето и тоа 50 илјади за 2 години од 1998 и 1999 година. Од образложението по законот видливо е дека во 1998 година се вработени 33.918 работника, а од информацијата што ја поседувам од Републичкиот завод за вработување во 1998 година по основ на законот вработени се 35.128 работника.Во текот на јануари до 26.о1.1999 година вработени се уште 3.600 работника односно јануари 1998 јануари 1999 година по Законот се вработени 38.737 работника. Не треба да се биде голем математичар за да се ут-врди дека во 1998 година вработувањето по Законот било 40% поголемо а со тој тренд доколку продолжи Законот во 1999 година ќе имаме вра-ботување по овој основ некаде околу 70 илјади работника односно 20 илјади повеќе тоа што беа предвидуваша по основ на Законот. Спрема тоа,образложението по Законот, образложенијата на г-динот министер за труд и социјална политика апсолутно не се точни.

Што се однесува до забелешките од предлагачот досега се вработени само 496 социјални случаи исто не држи, бидејки овој Закон не е за вработување на социјални случаи, туку е Закон за зголемено вработување во Република Македонија.

Второ, ќе се осврнам на недостатоците на Законот за кој зборуваше министерот. Во дневниот печат, а и денеска се заканува со докажување дека Законот има слабости. Фамилијарно вработување, фиктивни вработувања, користење на бенифиции од државата и слично. Може да иманекои пропусти. Но, подобро би било предлагачот односно г-динот министер да предложи решенија за елиминирање на тие слабости, а не да се заканува да ги докажува слабостите. Сега се прашувам дали може во услови на стапка на невработеност од 27% или 30% никој таа стапка не ни ја дава денеска или како во предизборието се зборуваше од страна на коалицијата за промени дека 40% е невработеноста да предлага укинување на Закон кој очигледно дава ефекти и кој за државата е веројатно најефтиното решение, а во исто време да не предлага никакви нови решенија. Мислам, коментар не е потребен.

Трето, што прави Европа, што прави Америка на проблемот на вработувањето. Ако во една Западна Европа имаме просечна невработеност од 10 до 12% што тие земји прават. После победата на социјалистите во Франција, социјалдемократите во Германија, лабуристите во Англија констатирајќи дека еден од најголемите проблеми во Европа е невработеноста, седнаа и се договорија за ревизија на политиката на Европската унија кон ова прашање. Канцеларот Шредер на месец дена пред избор на нашата Влада на 14 јануари на прес конференција ги истакна мерките кои до 14 јануари беа преземени од страна на Сојузната Влада во Германија, аистовремено најави мерки кои се во процедура на донесување за вработување на нови 100 илјади млади работници во Германија. А што меѓу тие мерки постои? Има ослободување од основниот данок по основниот закон во Германија, има паушално плаќање на пензиско инвалид-ското осигурување на 12% се намалува за новоработените. Има по основ на здравственото осигурување одредени бенифиции. Има други бенефиции, има излагање од 12 страници, господа пратеници, некој во нашата држава треба да го земе тоа и прочита, мислам дека тоа би било Министерството за труд и социјална политика и врз основа на тоа да предложи свои мерки во нашата држава за решавање на овој проблем.

Пред некој ден читам, но незнам точно каде, претседателот Клинтон предлага 300 милиони долари помош за црната метарулгија во Америка заради тоа што станала неконкурентна и 10 илјади работници отпушта. За да се спречи отпуштањето на работниците предлага на Конгресот да одобрат 300 милиони долари помош за црната металургија.Што нашата Влада предлага? Кој е финансискиот ангажман на државата по законот?

Предлагачот изнесува податок дека во 1998 година од Буџетот се потрошени 596 милиони денари или претворени во марки 18 милиони 625 илјади ДМ за вработување на 33.918 работника. Почитувани колеги, ќе се согласите дека кај нас за да се отвори едно работно место потребни се минимум

10 илјади ДМ, а да се отворат 34 илјади работни места потребни се 340 милиони ДМ со бројки и со букви. Ако ангажираните средства од Буџетот 18 милиони 625 за вработување на 33.918 вработени ги ставиме во однос со потребните средства за остварување на тоа вработување, се добива податок дека државата овие вработувања ги стимулирала со 5,5% Дали г-дине министре тоа е многу или е малку? Но, овде е многу важно да се истакне следното. Државата треба да ангажира средства од Буџетот за полнење на фондот запензиско инвалидско осигурување и Фондот за здравство, не само по своја волја туку по барање на меѓународните финансиски институции. Владата треба да знае дека со укинувањето на законот во тие фондови ќе треба да плаќа исто толку колку што до сега се плаќаше и за овој закон. Значи, Буџетот на Република Македонија во 1999 година нема да биде ослободен од плаќање спрема Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, спрема Фондот за здравство ни за еден денар помалку. Дали се исплати на оваа Влада да прави вакви непромислени потези? Мислам дека би било добро Владата уште еднаш ова прашање подобро го анализира.Овде процедурално би ставил една забелешка. Овој Закон требаше, меѓу другото, да биде разгледуван и од Комисијата за Буџет, бидејки се финансира од Буџетот. На таа Комисија аз Буџет ќе можеше да се дискутира за овие прашања и Владата ако не знае требаше да разбере дека нема да има ослободување на Буџетот ако го укине овој Закон. Овој Закон требаше да биде разгледуван и од Комисијата за економска политика, бидејќи мислам дека овој закон е развоен. Зошто тоа не е направено треба да кажат претседателите на тие две комисии.

Јас уште би го кажал следното дека со овој Закон во текот на 1998 година активирани се голем број на капацитети што беше заложба на сите партии во предизборието, но беше заложба и на коалицијата за промени. Дали значи дека отстапува од тие ветувања?

Второ, со овој Закон се помага развојот на мали и средни претпријатија. Не треба многу да се политизираат некои прашања, туку треба да се земат податоци од Заводот аз вработување да се видат по претпријатија колку претпријатија мали и средни на база на овој Закон се развиваат. Спрема тоа , мислам дека најдобро би било предлагачот овој Закон да го повлече, да го анализира уште еднаш, бидејќи ни еден од фактите кои ги изнесува предлагачот дека не се остварени ефектите по Законот, не е точно.

Второ, дека социјални случаеви не се вработени, треба да предложи мерки ако мисли со овој закон да ги прошири тие мерки.

Дека не се развиваат малите и средни претпријатија. Не е точно.

Рестартирањето на нови погони. не е точно. Спрема тоа, ни еден факт кој го наведуваат во образложението не држи. Ако тоа е така, тогаш би требало, ако не се работи за тоа дека овој закон е донесен од Владата на Социјал демократскиот сојуз па дај ќе го повлечеме заради тоа, ако објективно гледаме , ако конструктивно се гледа на проблемите треба да се повлече овој закон и уште еднаш да се разгледа во Владата и повторно да дојде проширување на мерките за зголемено вработување во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Филиповски.

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Љупче Ристески, а потоа министерот за образование.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Несомнено дека невработеноста во Македонија е проблем број еден, тоа е горлив проблем и околу решавањето на овој проблем секогаш имало различни концепти и различни видувања, меѓутоа, со промената на власта во Македонија дојде на власт коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и ДА кои имаат спротивен концепт од оној кој досега го имаше СДСМ и како резултат на тие концепти сигурно дека ќе има разидувања во нашите мислења и во нашите видувања како ќе ги решаваме проблемите. Јас сум убеден дека со еден закон посебно со закон кој го донесуваме на некој начин декларативно закон без некоја материјална финансиска поддршка како што е овој закон за вработување на

досега важечкиот Закон сигурно во Македонија не може да се реши проблемот со вработувањето. Навистина, за да се реши овојпроблем, треба да се создаде еден вистински економски амбиент во кој стопанските субјекти ќе можат да обезбедат развој и да обезбедат нови вработувања.

Овде се манипулира многу околу термините дали се нови работни места, дали се вработувања , дали се вистински вработувања или се само евиденции на вработувањата кои беа фактички пополнети работни ,. места пред донесувањето на овој Закон со самото донесување на Законот тие работни места се легализираа на некој начин, работодавците ги пријавија своите вработени така што цена од 18 милиони ДМ во една година за евиденција на само 30 илјади вработени јас сметам дека е навистина голема цена , а доколку овој закон продуцираше создавање на нови работни места и отворање на нови работни места и ако овие 32-3 илјади работни места бројка со која во моментов се манипулира беа навистина нови отворени работни места, тогаш ќе речевме дека навистина овој Закон има ефекти и дека состојбата со вработувањето во Македонија е подобрена и дека навистина бројка од 33 илјади вработувања е бројка која треба да се респектира. Меѓутоа, тоа не е така, тоа се само враборувања кои се единствено евидентирани.

Треба да се пријаде кон проблемот и од еден друг агол и да се согледа еден друг аспект. Зошто Македонија се најде на дното од скалилото од европските земји според бројот на невработентие? Кој придонесе за тоа? Одговорот е многу јасен затоа тшо во минатиот период, во претходните 7 години власта која ја имаше Социјал демократскиот сојуз гаеше концепт по секоја цена да дојде до државниот капитал или општествениот, како што се нарекуваше,да го земе во свои раце,да го присвои елита од Социјалдемократскиот сојуз да стане вистинскиот крем на новиот капитализам и во даден момент кога за тоа оцени дека е поволна политичката клима да дели милостиња пред народот.

Тоа беше социјалната политика која ја водеше СДСМ во периодот додека беше на власт.

Во играта на зборови и во предизборните ветувања во предвечерието на изборите токму една година пред парламентарните избори со една добро смислена игра СДСМ се обиде за себе да обезбеди податоци кои ќе ги експолатира масовно за време на кампањата, а тоа им беше потребно да се евидентираат неколку нови вработувања, наводни, а јас ги нарекувам само евидентирани вработени кои вокампањата беа масовно експонирани, бидејќи сепак требаше да се покаже дека таа Влада нешто работела , има некои позитивни ефекти.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Меѓутоа, ефектите од работата на таа претходна Влада се јасни, јасно му е на секој граѓанин колку работни места им отвори СДСМ и затоа околу овие податоци не треба многу да спориме.

Сметам дека овој закон, Законот за зголемување на вработеноста е чисто лицемерство на СДСМ, ништо друго. На еден работник да му се одземе работното место, да му се одземе се она што го создавал во еден период, во најдобриот период од својот живот, на работниците кои целот работен век го поминаа на работните места градејќи фабрики, градејќи станови и со неколку вешти манипулации и вешфо донесени закони за наводна транзиција и приватизација да им се одземе се, и тие исти луѓе да зстанат пред вратите на службите за социјално здравствено осигурување во заводите за вработување и сега од оваа говорница да се покажува душебрижништво за нив како некој многу е загрижен доколкку овој закон се укине и дека со вработувањето ќе биде крај во Македонија, мислам дека е дури повеќе од лицемерство.

Што се однесува до укинувањето на овој закон, исто така треба да се потенцира јасно дшса дејствијатаоод овој закон апсолутно не се укинуваат, затао што и во текот на цела 1999 година вработените кои се вработени по основ на овој закон ќе бидат, како и досега, односно нивните работодавци ослобдени од сите давачки. Тоа значи сите вработени кои се евидентирани во никој случај нема да бидат загрозени нивните работни места, затоа што државата и понатаму си ги презема обврските кои досега ги имаше. Навистина Македонија е сиромашна земја, навистина во Македонија има многу невработени, меѓутоа, за да се подобри оваа состојба услов број еден во оваа држава е во Македонија еднаш

за секогаш да сепрестане со крадењето и со криминалот. Македонија најмногу е осиромашена од крадењето.

Ги преживеа Балканските војни, ги преживеа двете светски војни, меѓутоа, уште една голема катаклизма ја најде оваа напатена несреќна и сиромашна држава во периодот од 1992, 1993 до 1998 година. Во овој период на целата држава и е направен таков грабеж каков што не се памети во историјата, како што верувам голем број и од окупаторите го немаат направено досега. Затоа, не е вистина дека социјалната анемија којаденес ја има во Македонија е продуцирана токму сега после изборите. Социјалната анемија е резултат на дефицит од материјалнтие добра кои досегашната власт му ги украде на овој народ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Љубче Ристески.

Господине Новковски, вие барате збор, повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (од место)

Не е претставник на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не е претставник на Владата, меѓутоа, е заинтересиран околу вработувањето, па тука има нешто околу овој закон за вработувањето. Да си каже човекот, член на Влада е.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Ако ми допуштите да ви дадам една информација, бидејќи видов овде имаше луѓе од опозицијата заинтересирани за читање. Мислам дека ќе имате доволно време во овој период да читате малку повеќе, да дознаете некои работи. Нема потреба да се гледа на кафе, ќе си прочитате, еве, ќе ве упатам каде. Или на чај, сеедно, како сакате.

На пример, овој извештај, уште не е укоричен, од Светската банка, таму има сериозни луѓе кои не работат по политичка директива како во поранешнтие комунистички земји, туку применуваат научни методи Во оваа смисла, прво да ве информирам дека постојат два вида на податоци за вработеноста. Едните се административните, оние што ги користевте само, каде што се зборува за 240 илјади невработени. Тие се применливи само во социјалистичките земји. Во земјите со пазарно стопанство тие немаат никаква смисла. Таму, нормално, се прават анализи, анкети на работнта сила, преку кои се добиваат податоци. Такви анкети во Македонија се спроведуваат 3 години од страна на Светската банка. Точниот податок за 1996 година е 32% на невработеност според овој документ од Светската банка. Тоа е просечниот процент. Инаку, најзагрозената категорија, тоа е она во која се најсиромашните, тие што се главно со основно образование. Таму невработеноста е 40%. Тоа се оние 40% за кои сте слушнале. Тие фамозни 40% се однесуваат на најзагрозената категорија со основно образование.

Што се однесува до распределбата, исто така, да речеме има многу голема неправилност на распределбата во јавниот сектор. Во приватниот сектор има нормална распределба, додека кај јавниот сектор има во две горни групи каде што има преголема распределба односно има огромно оптоварување во државната администрација, каде се преоптоварува буџетот во повисоките слоеви. Значи, тоа е еден начин да се решава сиромаштијата.

Друго, веќе спомнав дека се нај загрозени од образование и тоа значи дека инвестициите во образование се начин за решавање на проблемите, и тн., јас ќе ве оставам сами да си ги прочитате овие работие. Ви благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Новковски.

Дали уште некој бара збор во врска со оваа точка на дневниот ред?

Господинот Поповски бараше збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, почитувани господа министри, мислам дека од последните две излагања конечно станува јасно дека нема ретерирање од овој потег на Владата. Меѓутоа, во мојата кратка дискусија би сакал да истакнам неколку работи.

Прво, не добивме аргументиран одговор со аргументите дека Законот е добар. Се разбира дека добивме напади кон партијата кои не се секогаш проблем да се направат. Меѓутоа, штосот е да се даде аргументиран одговор дека овој закон ако се укине, ќе биде подобро за невработените, за државата, за економијата и за Буџетот на РМ.

Друга работа за која би сакал да се искажам е следната. И господинот Филиповски тоа го укажа. Останува фактот дека Владата не ја чини ништо овој закон во Буџетот, иако господата министри упорно не убедуваат. Тоа е јасно уште кога се донесуваше законот и овој закон, иако се укине, персоналниот данок на плата на нововработените и понатаму нема да се уплатува по еден друг закон за нововработените во извесен временски период и тоа останува по друг закон.

Второ, факт е дека за невработените државата преку Фондот аз вработување обезбедува бесплатна здравствена заштита, односно им доделува таканаречни плави или зелени картони. Значи, овој закон и да се укине, повторно сега држават ги дава на работодавците тие бенефиции да ги плаќа директно во Фондот за здравствено осигурување, и тие да се осигурани, ако не ги плака државата, оние кои ќе останат невработени, повторно државата преку Фондот за вработување ќе мора да им ја гарантира нивната здравствена заштита по основ на невработеност, што значи дека тука нема заштеда. Има заштеда во фондовите на државата од еден во друг, што на крајот се сведува на исто, дали оди од Буџетот спрема Фондот за здравство или спрема Фондот за вработување со намена за здравство, тоа на крајот на краиштата е сеедно.

Второ, во пензискиот фонд, и оваа Влада мислам дека веќе се соочи според вашите изјави во врска со разговорите со Светската банка, особено со ММФ, со фактот дека државата и натаму ќе мора да ја гарантира ликвидноста и стабилноста на Пензискиот фонд на Македонија. Таа стабилност досегашната Влада, еве ваква каква што ја претставивте, ја гарантираше со сериозни издвојувања од Буџетот кои бе накаде на нивото јас неможам да се сетам на точната бројка, меѓутоа, мислам дека е милијарда и осумстотини милиони денари, за да ја гарантира ликвидноста на Фондот, нешто на што ќе инсистираат сите кредитори на Македонија. Во таа структура само половина од средствата беа по основ на буџетски ибврски кон пензионерите (воени пензии, додатоци до минималната пензија и тн.), а другите беа токму за ликвидноста. Тие исти средства сега ќе се даваат од државата, само нема да бидат и во функција на работодавците за да вработат некого да ги плаќаат овие дотации

Сметам дека овој закон е резултат на некаква одлука која еве остана скриена за нас и за јавноста. Очигледно дека аргументите, како и за еден закон за кој порано разговаравме, Законот за амнестија, беа се до еден критичен момент едни, додека премиерот не кажа дека се некои сосема други аргументи, на крајот. Така што имам впечаток дека министерот Ибраими, кој го почитувам како човек се разбира, меѓутоа, со кој не се согласувам како со министер за труд и социјална политика з овој конкретен повод, имам впечаток дека не ни даде сериозна аргументација, ни за нас, ни за сите во Македонија дека овој закон треба да биде укинат и дека нема ефекти. Напротив, тој има аргументи и ефекти, особено од фактот што 33 илјади и 900 вработени не се малку. Ако, кога се донесуваше законот, беше некаде околу 260 илјади невработени во РМ. Овој закон немаше да го реши тој проблем, меѓутоа, штосот беше оној цикличен дел од невработпеноста во Македонија, кој е резултат на транзицијата, да го лекува. И мислам дека тоа успешно го правеше, колку е тоа можно, со тоа што 15% од невработените успеа да вработи. Се разбира, со приливот на нови вработени тој процент ќе се релативизира. Меѓутоа, останува горчливиот вкус дека ќе се укине еден закон кој е добар за Македонија. Некако немаме впечаток дека прво, тој нема никаква политичка боја., да се разбереме и, второ, останува еден впечаток дека немаме некако доволно аргументација зошто овој закон сега ќе се укине

И трето, за што би сакал да укажаем е една политика на Владата која како сите влади во светот кога се на избори или кога се на доверба во Парламентот за нивно гласање, упатуваат на намалување на даноците кон граѓантие и стопанството. Мислам дека оваа Влада по втор пат во овие нецели 100 дена прави сериозен обид да ги зголеми даноците во државата. Со оглед дека нема понудено никакви намалувања на даноците, јас одговорно тврдам дека со донесувањето на овој закон, кој очигледно е договорен некако без основа и без доволно аргументација, ќе се зголеми повторно одданочувањето во РМ, затоа што неплаќањето на придонеси и дасноци од страна на работодавците во 1998 година и 1999 година по основ на овој закон се

укинува, односно значи дека тие од утре, односно од 8 ден од како ќе стапи Законот во сила ќе бидат дополнително оптоварени со даноци и придонеси кои по овој закон беа ослободени. Што значи само по овој основ во Република Македонија се зглемуваат оданочувањата, овојпат врз стопанските субјекти или врз претпријатијата, како еден аргумент наспроти аргументот дека Законот требаше, по мое длабоко уверување да се продолжи. Се сеќавам на една расправа кога г-динот Зибери беше министер за труд и социјална политика, кога Собранието без разлиока на токашната позиција опозиција, во иста бројчана структура отприлика, гласаше едногласно за Законот, затоа што беше добар. Тогаш се постави прашањето дали е можно оваа проекција на Владата да биде подолгорочна отколку две години. Тогаш г-динот Зибери кажа дека Владата има согледувања дека Законот може да проработи и ако тоа се случи, тие се подготвени 1999 година при крајот, кога Законот завршува со важност, слична мерка да предложат и од 2000 година натаму. Таа сфера на предвидувања сега е сфера на реалност, значи ефектите од Законот се случија. Тие не треба да се предвидуваат, тие се реалност и нема никаква потреба да се укиние Законот.

Да се вратам на прашањето за оданочувањето. Владата веќе еднаш намалувајќи ја цената на нафтата и нафтените деривати во Македонија не пропорционално ја намали, што значи прво со одлука, односно со закон се обезбеди дека учеството на акцизите во цената на нафтата останува на исто номинално ниво, што значи ако порано во еден литар нафта учеството на акцизите за државата односно даноците беа 60%, тие сега се згоелмија на 60 - 70%, значи 10% се намали цената, меѓутоа, даноците останаа исти. Тоа значи оданочувањето по основ на намалувањето и тоа ќе го покаже статистиката во Македонија, нема потреба за тоа да се разговара. Едноставно, на вкупниот промет со нафтените деривати оданочувањето сега ќе биде поголемо од порано. Сега по овој основ и оптоварувањето на стопанството, затоа што само тоа може да вработува по овој закон бидејќи нестопанството е исклучено, повторно ќе биде зголемено. Работодавците, приватни или во процес на трансформација, ќе мора да плаќаат даноци кои не се мали. Вие знаете дека тие се на нивото од 60 - 70% по еден вработен, што значи дека и во овој случај ќе се зголеми апсолутно и релативно нивото на оданочувашето на државата и на населението и на работодавците. Мислам дека ова е втора мерка со која ние на мала врата во Парламентот, особено она што го ветивме дека ќе има намалување на даноците, го работиме во спротивна насока.

Иако сигналите се јасни, можеби не е лошр министерот во име на Владата како предлагач да размили оваа фаза да биде првата фаза на Законот односно Предлог за донесување, да се повлече Предлог законот, за да може евентуално уште во една дополнителна консултација и со аргументите кои беа изнесени од г-динот Трповски, Филиповски, Ружин и од вашите колеги кои дискутираа, да согледа дали навистина е добро, затоа што не се работи за доброто на еден закон кој Вие гледам тенденциозно го нарекувате "Законот на Црвенковски". Тоа е закон на Република Македонија кој дава резултати. Нека се вика и Закон на Георгиевски, само оставете го на сцена да функционира. Може да ја разгледаме и варијантата Собранието да го усвои како Предлог за донесување на закон, за уште една дополнителна елаборација со сите да се направи, за да се провери дали навистина ќе има дополнителни ефекти ако се повлече за Владата, или напротив ќе има полоши ефекти за Македонија.

(Во мејѓувреме со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието г-динот Томислав Стојановски)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа, Денес пред нас е еден конкретен предлог, со кој Владата предлага да се укине Законот за зголемување на вработувањето, мерка која според мислењето на повеќе дискутанти денес овде е доста не популарна и која навистина не оди во прилог на она што беше кажано во текот на предизборната кампања, нашироко експлоатирано и околу што се водеа големи лицитации која партија колку вработувања ќе направи во текот на својот мандат, во текот на една година, во текот на сто дена и тн.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (ДРОДОЛЖЕНИЕ)

Од проста причина што прашањето на невработеноста и прашањето на вработувањето е едно од невралгичните прашања и посериозните со кои се соочува Македонија. Не само Република Македонија, туку, повеќето земји во транзиција и поодделни развиени земји. Само за ваше потсетување ќе потсетам дека со овој проблем денеска и членки на Европската Унија сериозно се соочуваат, па така на пример една Германија, еден од гигантите на економскиот развој во светот, има најголема стапка на невработеноста од Втората светска војна до денес. На сојузно нивоово оваа земја дури оваа стапка изнесува над 11%. Вог Франција која исто така се смета за една од поразвиените земји, членки на Европската Унија, таа стапка се приближува кон 15%. Во Италија таа стапка е 17%, во Шпанија над 18% и тн. Со еден збор сакам да кажам дека прашањето на невработеноста е актуелно прашање во целиот свети прашање за кое бара должно внимание од секоја влада од било која земја, вклучувајќи ја и Владата на Република Македонија. Затоа само ќе ве потсетам дека во изборната кампања имаше ветувања од стра-на на коалицијата која победи дека ќе го преполови бројот на невработеноста, односно стапката на невработеност ќе ја сведе на реални 20%, со што се ценеше по нивни извори: дека е таа над 40%, ако не и 60 % и затоа му заблагодарувам на министерот за образование што конечно ги потврди моите напори во ова време да докажам дека стапката на невработеност во Република Македонија се движи околу 31%. Со конкретни факти и верификација од една меѓународна финансиска институција, како што е Светската банка, од анализи кои ги прават тие, и од анализите на АЕЛО, тоа е Меѓународната организација на трудот, која исто така направи една анкета 1996 година, па дојде до слични

резултати.

Што се ветуваше и што се прави?

Вие знаете дека по однос не нневработените се предлагаше, односно се ветуваше дека таа ќе се преполови.

Таа може да се преполови многу тешко со вакви мерки. Со овој проблем треба да се соочиме и ќе се соочиме многу подолго. Таа бара мерки од делот на економската политика, за која се надевам дека ќе имаме прилика да разговараме кога ќе се предлага пакетот, како што знаете дека е одложен од објективни причини за три месеци, со мерки од даночната политика, фискалната политика, со мерки кои значат растоварување на давачките на работодавачите од страна на држа вата.

Ние тогаш сметавме дека цената на трудот во Република Македонија по однос на зафаќањата е прилично висока, затоа меѓу другото со донесувњето на Законот за вработуваше кон средината на 1998 година се предлагаше мерка, со која сите работодавци беа ослободени од плаќањето данок кој во вкупната стапка на зафаќање од државата по однос на плаќање на личен доход е многу висока, некаде изнесува 23 % и тоа важи до 3 години по донесувањето на Законот.

Имајќи предвид дека се предлага една ваква мерка, виза ви Законот за зголемување на вработувањето, за очекување е еден ден пред Собранието да се најде на преиспитување и одредбата на Законот за вработување по однос на ослободувањето за плаќање на персонален данок. Доколку е така, а така е, дека се ветуваше значи преполовуваше на невработеноста, се пропагираше исто така, дека ќе се намалат даноците, ќе се намали царината, ќе се намали цената на електричната енергија, нафтените деривати и тн. , а од друга страна ќе се зголемат платите, ќе се зголемат пензиите, ќе се подобри животниот стандард и тн., сега сме сведоци дека сосема обратно се прави; И мене ми е јасно зошто така се прави. Зашто реалните можности на државата не дозволуваат поинакви решенија. Колку за потсетување ќе го цитирам министерот сегашниот за финансии, кој меѓу другото вели: државните расходи ќе бидат крајно рестриктивни, ќе нема К-15 за администрацијата, пензиите нема да се зголемуваат, социјалната заштита ќе ја до биваат само оние на кои навистина им е најнеопходна, државата нема веќе да ги покрива загубарите и тн. Списокот на зтворени славини според министерот за финансии е долг, а резовите што ќе ги погодуваат многумина. Од тоа нема бегање вели министерот и ако има потреба ќе се избори по цена на оставка. Сега

проценете што се ветуваше и што се прави. Не е проблемот за тоа. Јас повторно тврдам дека Владата мора да се соочи и конечно реално да ги проценува состојбите за да може конструктивно да постапи и да носи конструктивни решенија. Затоа можеби поентата избегнувајќи ги политичките мотиви кои можеби можат да се присутни во конкретното решение, мислам дека суштината беше изнесена од страна на пратеникот Илија Филиповски. Можеби овој сегмент должи внимание од страна на Владата малку подлабоко да се анализира, зашто доколку се чита добро и внимателно, причините за донесување на законот и образложениеото ќе видите дека реална причина поради која се предлага ваква мерка е единствената проценка од страна на Владата дека тоа носи големи давачки на Буџетот, односно големи трансфери виза ви фондовите. Но доколку се знае дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, а по сила на нештата и Заводот за вработување перманентно се соочуваат со дефицит на средства. Колку за потсетување на сегашната Влада во текот на 1997 година со Буџетот беа предвидени 300 милиони денари како трансфер на Буџетот виза ви Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а ние завршивме со дефицит од 540 милиони, што во вкупната маса значи над 800 милиони дефицит од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигуруваше. Додека во образложениеото на Законот стои дека заради досегашните вработуваша по основ на овој закон, а по кој се ослободени работодавците да ги плаќаат придонесите се потрошени вкупно 596 милиони денари. Математиката е чиста. Значи уште повеќе пари државата треба да дава за да ги покрива дефицитите на фондовите, зашто мора да признаете и оваа Влада, без оглед чија е, мора да ги исплатува пензиите, мора Фондот за здравствено осигурување да им пружи здравствена заштита и да ги покрива трансферите виза ви снабдувачите со потребните средства и таа позната работа. И кога ќе се гледа од овој аспект, апсолутно државата не губи ништо. Но добива. Добива, зашто во прв ред се намалува бројот на невработените па макар еден дел тоа биле и фиктивни и од црната берза на трудот, па макар да се тоа и фамилијарни вработувања, зашто на крајот на краиштата ако градиме концепт на пазарно стопанство, тогаш не важи критериумот чија е фирмата, односно кого вработуваш, бидејќи сосема обратна девиза важи. Но освен што ќе го намалиме бројот на евидентираните кој број, убеден сум, и вие сте повеќе убедени од мене, фиктивно се наоѓа на списоците на Заводот за вработување, заради искористување на надлежностите кои согласно Законот за социјална заштита законот за вработување и осигурување, во случај на нев-работеност ги користат преку статусот, односно евидентирањето во Заводот за вработување, а тоа во прв ред е прашањето на обезбедување здравствена заштита, но и социјална помош и други принадлежности кои согласно позитивните акти на Република Македонија мора да ги пружи државата. Морам тука кога сум да го изнесам сосема обратниот став во однос на причината за донесување на овој акт дека не се исполнети целите поради кои се донесол овој закон. Јас ќе го потсетам министерот дека имам посвежи податоци и тие бројки не се точни кои беа изнесени тука. Напротив, во текот на 19 98 година и овие 20 дена од 1999 година во Република Македонија се вработени 71.566 вработени компарирано со податоците за 19 97 година, тоа значи три пати по-веќе вработувања, односно зголемување за 300% на стапката на вработените по однос на евидентираните. Или само по основ на Законот за зголемување на вработувањето 38.972, околу 40 илјади нови вработувања. Па центи господа пратеници дали Законот ги исполнува целите или не. Но прашањето не е тоа. И кога не би биле вакви ефектите, многу подобро е да постоеше ваков закон и да можеше стопанството, односно стопанствениците да ги користат бенифициите што ги нуди овој закон, отколку да се укинуваат и во исто време да не се нуди никакво решение. Беше најавено и во Комисијата за труд и социјална политика дека и тука ќе се носи нов проект, со кој исклучиво ќе се вработуваат социјални случаеви, односно лица социјално загрозени. Покрај тоа што може дебело да се оспорува прашањето на уставноста и законитоста на ваквото решение, што веројатно би било предмет на расправа пред Уставниот суд,

јас со двете раце би го изгласал таквиот закон, само нека се понуди пред Собранието и на тој начин да им се помогне на социјално загрозените лица. Меѓутоа, да се носи акт со кој престануваат ваквите бенифиции, а кои ги користеле 40 илјади граѓани во Република Македонија, се реактивирале повеќето од веќе изгаснати фирми и капацитети во државата, дапми се ускратува и статусот и можноста утре на други, навистина е спорно прашање. Како тоа ќе изгледа на крај ќе видиме, веројатно тоа прашање ќе предизвика и други негативни импликации, но убеден сум дека вакви решенија не одат во прилог на развој на демократските односи, запазување на социјалната компонента и димензија на карактерот на државата, кој по сила на Уставот е дефиниран и конечно спротивно е на досегашните ветуваша пред изборната кампања.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитувани господа пратеници, со предлагањето на овој закон Владата нема никаква намера да омаловажува, или пак да негира резултати на одредени проекти кои се преземени од поранешната Влада. Овде на големо за жал, се манипулира со бројката на вработени по основ на овој закон. Јас не знам ако по господинот Зибери излезе некој друг, веројатно ќе каже 48 илјади се вработени по основ на овој закон. Јас уште еднаш морам да подвлечам дека реалната бројка на вработени по овој закон ние 22.040 вработени за кои државата за 12 месеци платила 596 милиони денари. Значи не е ни бројката 33 илјади, ни бројката 38 илјади колку ја спомна господинот Зибери, а да не зборуваме за бројката 70 и неколку илјади вработени. Вие господа, како го поставивте прашањето излегува дека вие сте ја нашле формулата и тоа во очи на XX1-от век како да се реши проблемот на невработеноста, односно како да се зголеми бројот на вработувањето. За жал, морам да констатирам дека ако ова вака и го сфаќаат граѓаните на Република Македонија ќе излезе дека со укинување на овој закон од вечерва, откако ќе се изгласа тој закон, престануваат било какви активности. Во Македонија веќе нема да има вработувања, нема да има инвестиции, нема да има нови работни места, нема да има исплата на пензии и тн. Не смеете така да се однесувате, пред се, неодговорно. Како оваа Влада мисли да го реши проблемот со невработеноста. Сигурно не на овој начин. Ќе го реши согласно развојната функција на Буџетот на Република Македонија со овозможување на инвестирање на стран капитал во оваа Република, која за жал, овие осум години не се даде прилика на ниеден странски инвеститор, од проста причина што поради политички причини, поради импровизации, поради неспособности се создаваа разни други тензии, за сите заеднички овде во Македонија, разни политички партии да не седнат и да разговараат и да изнајдат начин како оваа Македонија, пред се да ја извлечат од економската криза, како да обезбедат услови за развој, како да обезбедат нови работни места. Некој рече дека државата нема да биде ослободена од придонеси. Точно дека нема да биде ослободена од придонеси, бидејќи државата и понатаму ја држи обврската и за овие вработуваша до сега државата до крај на 1999 година ќе продолжи да си ги плаќа овие придонеси. Но со овој зафат државата попречува да се зголемат тие трошоци, особено на тие фиктивни вработувања, за кои сега јас ете чув, незнам од кај им се информациите, јас треба повторно даседнам да разговарам со моите соработници и со вашите соработници господине Зибери, тие мене ми даваат некои други податоци, незнам од каде им се тие податоци. Значи ќе треба за ова прашање сериозно да се расправаме во моето министерство како процуруваат информациите. Проблемот ќе настане откако ќе престане обврската на оваа држава да ги плаќа придонесите, т.е. 31.12.1999 година. Да видиме како ќе се однесуваат тие работодавци кои по основ на овој закон вработија по мене точна бројка 22.040 работници, по некои овде 33.000, а по еви-денција на Зибери 38.000. Во функција на заштита на овие работници, со овој закон предлагам и заштита на тие работници, работодавецот да не смее и по истекот на оваа законска бенифиција поради

незадоволителни резултати да донесе акт, решение да му престане работниот однос на работникот, кој е вработен по основ на овој закон. Во однос на тоа се спомнува проект, кој е предмет на расправа како да се изнајде начин на вработување на социјални случаи ист како вие што сте го нашле господа, бидејќи во четири члена, овој ваш закон е против уставен. Земете и убаво прелистајте го да видите дека во четири члена е противуставен. Тоа ви е член 4, тоа ви е членот каде што правите дискриминација помеѓу работодавците, бидејќи Законот позитивното право во Република Македонија никаде не прави разлика дали е тоа приватен работодавец, или пак државен работодавец, туку го спомнува терминот работодавец. Вие со овој закон сте овозможиле само на приватниот работодавец. Па ќе речете од каде сега логиката државата да вработи и да плаќа за нив придонеси во Фондот. Токму тука е логиката. Зошто да не си земе приватниот работодавец, па да се стави во касата на државата. Значи вие сте го направиле спротивното. За приватниот работодавец се плаќа во касата на државата. Исто така, социјалните случаи се во голем број. Се движат околу 52.000. Можеби оваа Влада ќе предложи таков закон за вработување само на невработени корисници на социјални случаи. Тоа нормално ќе го направи во консултација, пред се, со своите други два социјални партнера, тоа е Синдикатот и Стопанската комора, тоа ќе го направи во консултација со Секретаријатот за законодавство во Владата на Република Македонија, тоа ќе го направи и во консултација со комисиите во Собранието на Република Македонија.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ**: (продолжение)

Ако изнајдеме заеднички јазик ќе успееме да донесеме таков закон под услов Уставниот суд и нам да ни проглда низ прсти, таа да не покрене постапка за оценување на уставноста на аконот што ке го донесеме, бидејќи за ова има дебели докази и аргументи да покрене тавка псотапка и со време да го укине, а не сега да предложи оваа Влада овој Закон да се укине Тана што Владата и понатаму останвува при својот предлог законот да биде прифатен, изгласлан и донесен, со тоа штоке престани да важи овој закон и никој од граганите во РМ не треба да се плаши дека од утре нема да има вработување. Напротив, од утре ке почнуваат вработувањата. И тоа, почитувајки ги пазарните законитости, почитувајки ја развојната функција на Буџетот на државата, овозможувајки странски инвестирања во државата, зашто тоа ние и го направивме, состојабата ја релаксиравме и тоа ке го овозможиме и во РМ ке има и развој и вработувања. Благодарам

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеки, пратеници и министри!

Г-дине Ибраими, јас мислам дека овие податоци се од ресорите во Вашето Министерство, Завод за вработување во РМ и тие кажуваат дека за периодот јануари 1998 година и јануари 1999 година вработено е 71.309 работници, од кои по основ на Законот 38.737, а по основ на редовно вработување 39.572. Според тоа, би било добро и вие да ги следите исто тие податоци. Тоа е прво.

Второ, јас пред малку кога дискутирав реков дека во Германија канцеларот Шредер на 14 јануари излезе со комплетни мерки како за социјалната политика, особено во делот за вработувањето. Има еден цел елаборат од 12 страници, од кои половината е за вработувањето. Во Германија проблемот на вработувањето односно на невработеноста е 11%. Кај нас, вие рековте дека 34%, а јас имам некои податоци од порано 27%, но тука е. Значи, кај нас проблемот е многу поголем отколку во Германија. Па извинете, новата власт во Македонија дојде само 1 месец подона во однос на власта во Германија. Вие во идно време ни ветувате ке донесеме закони, ке направиме ова, ке направиме она. Вие денеска најдоцна требаше да излезете со овок Закон што го предлагате за укинување да предложите нови мерки Парламенотт да ги види тие мерки што ги предлга Владата. Ние, практично, само на некој голи ветувања треба да очекуваме со социјалните партнери вие да се состанувате, да наоѓате решенија годината ќе помине.

Според тоа, мислам дека проблемот е толку сериозен што на него мора Владата, Министерството, ние во пратеничките клупи нај сериозно да работиме, и најбрзо да работиме. Очекуваето на заеднички вложувања,

господа, јас мислам ако во 2000 година дојдат резултати, тоа ке биде добро. Затоа што, треба да се направат елаборати, физибилити студии и не знам што друго. Но што правиме, градиме термоелектрана или ако градиме рафинерија, ке немаме вработувања . Така што, не може ние овој проблем кој е најгорлив во ова држава и на кој пробалем вие ги добивте изборите да зборуваме во идно време ние ке предложиме господа, предложете имавте време. благодарам..

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Зибери

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека по однос на податоците се разјасни ситуацијатаод каде се и мислам дека не е добро да се заканува министеротод говорницата дека ке ја преиспитува таа работа од каде се.Од проста причина што Заводот аз вработување, ако не знаете,е државна институција од јавен карактер итаа е должна соодветно да им служи на сите грагани, а дотолку повеке на пратеници. Тоа е една работа,

Втора работа, не е никаква тајна дека Заводот за статистика издава месечен извештај за сите области во државата, вклучувајки ја и областа на вработувањето и тука не е ништо спорно. Јас не го познавам како таков минситерот за труд, г-динот Ибраими, напротив, го познавам како многутолерантен и широко град и затоа, навистина не е добро од говорницата да се заканува зошто некој од пратениците располага со податоци. Напротив, Министерството е должно да не инфомира, да не снабдува со податоци, со информации, со материјали итн. И, тоа е ред во секоја држава, мора да биде и овде. Инаку, ова не е никаква исклучивост. И мене ми се случило како минситер пратениците да компаритаат со податоци во Заводот за вработување и тоа било сосема нормално. Но, што се однесвуа до прашањето на спорните одреди на овој закон, кои се подудараат со Уставот во однос на ставаието во нерамноправна положба на фирмите и работодавците кои ги користат бенефициите односно ослободување од плакање на придонесите визави јавните претпријатија и други установи, мислам дека е тоа сосема јасна работа. Би било нелогично кога јавни претпријатија, државни установи би биле ослободени од плаќањата, односно тоа значи вадеше и ставање во ист кош. Тоа не е случајно така направено.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;**

За збор се јави г-динот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Предолго дискутиравме за овој Закон, убедувајќе не дека пратениците од СДСМ се единствено заинтересирани за зголемување или одржување на бројот на работниците. Во предизборната кампања кажувавме, и тоа го ветувавме и тоа ќе го исполниме. Не се минати, не знам 60 тина дена од изборите, бараме целата Програма да биде реализирана. Се брани Законот не знам зошто. Мислам дека овој Закон беше донесен како една од мерките на претходната власт за подготовка за предизборието. Како што беа доделени учебниците, како што беа зголемени пензиите од 8 до 10%, меѓутоа, овој Закон имаше и одреден ефект. Но, мислам дека овој Закон, иако имаше одредена позитивност е искористена и завршена. Мислам дека фуницијата на овој Закон веќе не може да донесе ефекти. Нормално е пред јавноста да се пропагира мерката која што некој ја донел. Но, нормално е до колку таа мерка го постигнала она за што е донесена, треба и да заврши.

Што се однесува до бранењето, ако овој Закон по кажувањето на г-динот Филиповски продолжи со оваа пропорција, ако е тоа број ката 33, не влегувам во точноста кој број е, ако е тоа 33.000 да го оставиме овој Закон да важи 5 години и ќе немаме невработеност. МеЗѓутоа мисла дека не е излезното решение во оваа администараивна мерка. Излезното решение е точно во она што го нуди Програмат аза обнова и развој. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали има уште некој да се јави за збор?

Ако нема, дозволете ми да си дадам самиот збор.Законот за зголемување на вработувањето беше донесен и се спроведе онака како што се спроведе. Ќе говорам за конкретни мерки.

Во 1998 година некаде при крај на март и средината на мај почнаа да идат по јавните гласила да се забрза вработувањето, акција за вработување и да постигне зенит во предизборната кампања. И така и стана. Ќе дадаам три податоци, за Крива Паланка, Куманово и

Кратово за кој имам сигурни податоци. Во Куманово се вработија по тој Закон 1.200 невработени луѓе. Во Крива Паланка 650 луѓе и во Кратово 40 луѓе Господа пратеници, од овие 2.250 вработени до денеска уште не примил плата, освен што беа гласачи на изборите. Идејата на овој Закон не беше да се реши социјалниот момент на невработените, туку беше идејата овие луѓе да се доведат во поголема штетна и незавидна положба. Во што се состои тоа? Овие луѓе имаа обезбедување преку Заводот за вработување. Отидоа во тие текстилни фабрики и таму ниту имаат плата, ниту имаат било што да примат, затоа што за нив не се плаќа. Немаат социјално осигуруваше, немаат здравствено осигурувае, немаат плата. Кажете што добиле тие луѓе. Ако сакате да продолжиме ова да го правиме и понатаму јас ќе се придружам на Вашата страна, само кажета ни на тие луѓе како да им објасниме дека еднаш немале ништо а сега немаат апсолутно ништо. Во овој момент, го разбирам г-динот Филиповски кога кажа за едно работно место се потребни 10.000 ДМ. Ке ми беше мило ако било кој од тогашната Влада излезеше овде и кажеше, ние како Влада и тогаш на власт се спремивме и вложивме толку пари за отворање на нови работни места и таму овие луге ги вработивме, без оглед дали ја нарушиле ендаквоста на пазарот. Тоа не е проблем. Ја нарушиле или не, има помало зло, за поголемо зло, или за подобро. Тогаш, ќе имаше оправдување. Не вложиле ниту еден денар, отерале можеби повеќе од 15.000 луѓе, кои имале било каква социјална помош преку Заводот за вработување, сега се никаде и ние оправдуваме оти не реално вработување е историски чин, историски момент кога во Македонија се решило невработувањето.

Сега говориме за уште еден друг паралелизам. Не знам дали е точен или не, и на Министерот и на бившиот министер, тие на исто месето министрувале дека имало вработуваше реално 38, а со овој Закон 22.000, па, нека се 31 или 32.000, но што се добива? Се добива една реална слика онаму каде што вработувањеата биле со реално плаќање е поголема од ова кај социјалното ораќање. Сега што се добива Буџетот, навистина, се откачил од 15.000 луѓе, од кои Владата претходна ги измамила оти ги вработила, државата нема никаков товар во Буџетот, а тие се на улица. Дали таа тогашна Влада и сегашниве пратеници имаат и сега намера уште некој да остават на тој начин на улица. Ние сакаме да го прекинеме тој пат и да биде релано вработување. Значи, имаме вложувања и од каде г-динот Филиповски говореше со вложувања тоа го чини, а пропушти да каже дали Шредер не даде пари за вработување. Или, само рече ќе се вработат 100.000 луѓе и тоа е завршена работа. Развојната политика, развојниот момент на светот ќе има смисла само ако се вложува во реално остварувањеена прогоди, а не во претпоставени. Овие се причините, колку што јас ги разбрам од Владата.

**БЛАГОЈА ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитаувани пратеници, немав намера да дискутирам, бидејќи навистина, имаше многу добри дискусии по оваа проблематика, меѓутоа, една работа што сепак од оваа говорници некои работи кога ги изнесуваме, ние сепак сме пратеници, без разлика од која мнозинска или онаа пропорционална листа, сме претставници на граѓаните на Македонија. Немам точен податок и не сум барал колку во Куманово по основ на овој Закон се вработени, меѓутоа, слушнав од потпретседателот се некаде 1.200. Во"Киро Фетак" немаше да бидат 1.200 луѓе. Значи, во Куманово се вработнеи од вашето изла-гање, има тонска снимка некде 1.200, а можеби и повеќе, или помалку, тоа не е битно, во Куманово од тие 1.200 ако се вработени, 680 се вработени во "Киро Фетак" и сите тие вработени до ден денес примаат плата секој месец.Од 1 септември "Киро Фетак" работниците ги презеде "Еуротекст", платата до 1 септември им беше 200 марки, а сега им е просечна плата од 300 марки.

Второ претпријатие во Куманово кое има вработено по овој основ е конфекцијата "Биброк". Таа вработува некаде 370 луѓе и тие сеуште немаат задоцнето да примиле плата. Само да кажам дека не е точен податокот дека изгубиле социјално, изгубиле здравствено, останале без плата. Поради јавноста да знае да ја знае вистината. А, дали овие во "Киро Фетак" 680 луѓе, бидејќи беше во стечај три години во 1994 и 1995 година падна во стечај сега се обнови, претходно беше со 720 вработени, сега има 680 вработени. Дали и натаму може да опстанува после воведување на овие даноци што треба да се воведат, тоа ќе биде на крајот на

1999 година, познато. Меѓутоа, сакав само тоа да кажам дека овие луѓе што се вработени во "Киро Фетак" примаат плата и има луѓе кој во 1994 и 1995 година кога отишле во стечај тогашните кои го воделе "Киро Фетак", не е битно, останале должни на некои 10 плати неплатени, 11, 12, тие се надвор од "Киро фетак". Зборувам за ова по вработување по Законот дека редовно се исплатуваат плати. Само да биде точен подстокот , ништо друго.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе донесеме податок дали е тоа така, или не е, што друго да кажеме. Тука нема никаков проблем.

Дали уште има некој кој би побарал збор? (никој) Ако нема кој уште да се јави за збор, предлагам на Собранието да го донесе слендниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Законот за престанок на важење на Законот за зголемување на вработување.

Кој е за Предлог, молам да крене рака? (60)

Кој е против? (28)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен со 60 гласа "за", 28 против, а воздржани нема.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:
(продолжение)

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (28)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот .

Отворам претрес по текстот на законот.

Дали некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (61)

Дали има некој против? (25)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Законот е усвоен со 61 глас за, 28 против и 1 воздржан.

Минуваме на точката 3 Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за мултинационалните мировни сили на Источна Европа со дополнителен протокол, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието по Спогодбата и дополнителниот протокол ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

Има збор министерот за одбрана, г-динот Никола Кљусев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувани пратеници Влада ви донесува предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за мултинационалните мировни суили на југоисточна Европа, со дополнителен протокол што го утврди на својата седница на 26 јануари 1999 година. Кон предлогот на донесување на закон истовремено поднесува и предлог на овој закон и предлага по нив да се расправа на оваа седница.

Истовремено ве известуваме дека Владата ги повлекува предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата за мултинационалните мировни сили на југоисточна Европа, со предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за ратификација на дополнителниот протокол на спогодбата за мултинационалните мировни сили во југоисточна Европа и ви доставува единствен текст кој што е предмет на денешнава расправа.

Тргнувајќи од определбата за придонесување кон регионалната безбедност и стабилност и за зајакнување на добрососедските односи меѓу државите во југоисточна Европа меѓу кои: Република Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Романија, Турција и Италија одпочнаа процес на договарање уште во 199 6 година кога во Тирана се сретнаа министрите за одбрана на својата прва средба, а потоа во 1997 година се организира втората средба во Софија, за да во Скопје на 26

септември 1998 година, да потпишат спогодба за мултинационалните мировни сили на југоисточна Европа.

Заради имплементирање на Спогодбата, министрите за одбра-на на државите потписнички, на состанокот одржан во Атина на 12 јануари 199 9 година потпишаа дополнителен протокол. Со него се конкретизира и се утврдува начинот на функционирашето на овие сили. Договорено е менливоста на седиштето на штабот на мировните сили партиципираат сите земји членки на југоисточна Европа, првото седиште е како што е познато во Пловдив, со неливост потоа во Турција, Романија, Грција и сл. Ние од своја страна имаме делегирано неколку члена во штабот на оваа единица и од своја страна во сите активности партиципираме во креирањето на оваа единица во кои партиципираат сите земји членки на југоисточна Европа, првото седиште е како што е познато во Пловдив, со неливост потоа во Турција, Романија, Грција и сл. Ние од своја страна имаме делегирано неколку члена во штабот на оваа единица и од своја страна во сите активности партиципираме во креирањето на оваа единица.Бидејки со Законот што се предлага се создаваат услови за влегување во сила на предметниот меѓународен договор, се предлага предлог законот да се претресе на истата седница на Собранието, на која ќе се претресува и Предлогот за доенсување на закон согласно член 316 од Деловникот за работата на Собранието на Република Македонија.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници.

Со оваа точка од дневниот ред на денешната седница навлегуваме во блокот 12 точки врзани за закони за ратификација на договори и спогодби што Република Македонија ги има потпишано или на билатерален план со поедини земји, или н амултеларен план со поедини меѓународни организации. Само минатата година Собранието во претходниот состав ратификуваше повеќе од стотина вакви спогодби и со тоа се зголеми фондот на законите кои што станаа дел, или на меѓународните договори кој што станаа дел од нашата меѓународна регулатива, а кои што се исклучително битни за да се создаде солидна правна основа за да оствaруваме успешна билатерална или мулилатирална соработка.Во овиедванесетина точки и денес имаме слични закони за ратифиакција на договори или на спогодби кои се врзани или за создавање услови на соработка на економски план, како што се спогодбите за изведување на двојно одданочување, или спогодбите за промоција и заштита на инвестициите, или исклучително важни спогодби како што се двете спогодби што денес прв пат доаѓаат за ратификација,а се резултат скоро на тригодишни преговори врзани за решавање на имотно правните односи со државите кои настанаа од поранешна Југославија, или пак спогодби, како што е Спогодбата за социјално осигурување со некои држави, со која што се овозможува да можат нашите граѓани кои што в немал број работат надвор од државата да си ги остварат своите права од оваа исклучително важна област. Меѓутоа овие спогодби кои што ги донесувавме во минатиот состав, па еве и денес почнуваме со еден таков блок на спогодби, поминуваат секој пат со широка поддршка и без многу расправа. Има повеќе причини, сигурно за тоа, а општ е интересот да се создаде што поширока правна основа за соработка и на билатерлан и на мулилатирален план, што како што гледате, иако овие закони се исклучително значајни се содржат само од три члена. Во првиот член се кажува дека се ратификува одредена спогодба или договор. Во вториот член се кажува дека содржината на тој закон всушнсот е или спогодбата или смаиот договор и во третиот член се кажува од кога стапува во сила. Оттука најверојатно и сите тие поминуваат без поголема расправа. меѓутоа денес сметам дека еден од тие закони за ратификација на договорите заслужува да биде поеебно одбележан и тоа е токму овој закон за ратификација на спогодбата за формриање на мултинационалните сили од Југоисточна европа. Имено има повеќе причини за кои зборуваше и министерот за одбрана, но сакам да укажам само на неколку моменти:

Прво РМ се определи за активна соработка на регионален план на сите полиња и се определи за активна соработка на регионален план и на едно од најчувствителните полиња врзано за одбраната и безбедноста кои што се повеќе и повеќе имаат интегрален карактер.

Оттука и идејата за регионална соработка на полето на одбраната и безбедноста дојде од Република Македонија уште во 1995 година и таа идеја за многу кратко време не само што беше поддржана, туку дирекно беше преточена во формирањето на форум за соработка помеѓу министрите за одбрана на зејните од Југоисточна Европа кои членуваат или во НАТО или пак во Партнерството за мир.

Со оглед на придонесот на РМ , како што веќе беше кажано третата средба на министрите за одбрана се одржа во РМ, во септември оваа година и во знак на признание во Република Македонија се потпиша Спогодбата за формриање на мултинационалните сили.

Меѓутоа она што ме предизвика да излезам на говорницата и посебно да побарам да се одбележи овој закон е тоа што РМ со ратификацијата на овој меѓународен договор за прв пат во својата историја станува депозитар на меѓународни договори и не може да се претпостави колку години ќе поминат во иднина за повторно Република Македонија евентуално РМ стане депозитар на било кои меѓународни договори. Оттука имаме посебни причиниовој Договор посебно да го одбележиме и посебни причини да изразиме задоволство што оваа држава доби признание за својот придонес кон мирот ис табилноста во регионот, за регионалната соработка на полето на одбраната и безбедноста и што стана за прв пат во својата историја депозитар на меѓународни договори на овие 8 земји , 4 земји од нив членки на Партнерството за мир, 4 од нив членки на НАТО.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бар азбор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, му предлагам на Собра-нието да го усвои следнито заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за доенсување на закон за ратификација на Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа со дополнителен протокол.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали иман еквој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам, да крене рака?(69)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам отшт претрес по Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали иманекој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за мултинационалните мировнисили на Југоисточна Европа со дополнителен протокол, со 69 гласа.

Минуваме на Четврттата точка Предлог за доенсување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на науката и технологиите помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија, со Предлог на закон.

Предлогот за доенсување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работнтие тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го доенсе следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за доенсување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на науката и технологиите помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија.

(Со седницата; продолжи да раководи Саво Климовски, претседател на Собранието)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кој е за, молам да крене рака? (68) Дали има некој против ? (Нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен со 68 гласа за. Дали Собранието го усвојув апредлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака) Дали има некој против?

(Нема) Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот за законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

**САВО КЛИМОВСКИ**: (продолжение)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон и Предлогот на законот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници се за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на спогодбата за соработка во областа на науката и технологиите помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија.

(да прекинеме денеска со работа)

Јас би сакал денеска да ја завршиме седницата ако е можно, или пак точката за јавните набавки која е предложена од група пратеници.

Тоа е Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на министерствата, Владата и Собранието, бидејќи тоа влијае на работата на Комисијата, затоа што е врзано со рок.

Според тоа, ако се согласувате сега да преминеме на точката 15, а потоа се ратификации на документи и можеме да ги одложеме.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Нашиот предлог е да продолжиме со работа утре.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Незнам дали е вообичаено да продолжиме утре, но можеме во вторник, во среда да продолжиме бидејќи е викенд и не е вообичаено во петок да продолжуваме.

Минуваме на точката 15 Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на министерствата, Владата и Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката, Мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Група на пратеници, главно од Пратеничката група на СДСМ поднесување предлог на одлука за измени и дополнување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на министерстсвата на Владата и на Собранието на Република Македонија. Како што гледате таа денеска е на дневен ред.

Имено јас би сакал само да потсетам на предисторијата во врска со конституирањето на Анкетната комисија во врска со ова исто прашање, каде што меѓу другото во првиот предлог што беше поднесен од предлагачите, а еден од нив ако не се лажам беше г-динот потпретседател на Собранието, г-динот Томислав Стојановски, каде што меѓу другото стоеше дека временскиот термин на опфатна работа на испитување на јавните набавки во Република Македонија ќе биде од 8 јануари 1991 година заклучно со 19 ноември 1998 година. Тоа беше првичниот предлог кој беш9 ставен во извесна процедура во самото Собрание, меѓутоа дополнително тој ист предлог на негова

интервенција беше видоизменет и се стави дека формирањето на оваа Анкетна комисија, односно нејзиниот состав ќе се занимава со јавните набавки во периодот од 7 септември 1991 година заклучно со 19 ноември 1998 година.

Нормално бидејќи и тогаш, а и сега би сакал да потсетам Дека не гледаме аникаква причина, имајќи ја во предвид самата суштинска задача на остварувањето на овие анкетни комисии каде што нивните наоди може да послужат за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции, не гледаме причина зошто и од кои причини се избегнува да се опфати периодот на работењето на експертската Влада од 8 јануари 1991 година заклучно до 7 септември 1992 година.

И тогаш не видовме односно и од предлагачите и од расправата не се увиде кои се тие причини зошто се избегнува, дали нешто се крие од тој период од работата на експертската Влада и не сакаат да се опфатат.

Заради принципиелност, меѓу другото, заради тоа што тие наоди во врска со Анкетната комисија треба да послужат ако се утврди нечија одговорност да се покрене таа одговорност, а ако нема таква работа да се симне едноставно хипотеката или политичката дискриминација врзана врз работата на тие личности.

Во таа смисла јас тогаш реков и сега зборувам кога би бил на местото на господата Никола Кљусев, господата Димитар Димитров, кој што половично го обавуваше тој мандат, г-динот Мартин Треневски, г-динот Ѓорѓи Наумов лично би бил за тоа и би се придружил на една таква иницијатива да биде опфатено и работењето на нивната работа во тој период.

Според тоа предлогот се состои токму во тоа дека Собранието нема никакви причини, особено Пратеничката група во позиција да го избегнува заради принципиелност, а во тоа претпоставувам Дека е и гдинот раководител на таа Работна група и би се согласил да бидат опфатени.

Впрочем незнам што е причината меѓутоа ако ми дозволите јас би се вклучил или би потсетил на г-динот Флоровски кој најшироко елаборираш во врска со Законот за антикорупција каде што меѓу другото споменуваше Дека треба да се воведе со тој закон или на Некој начин да се утврдуваат одговорностите на носителите на јавни функции. Сигурно мислам дека ни на крај на памет не му паднало да врши некоја селекција на временскиот рермин кој таа работа ќе го опфати, бидејќи не најдовме некаква причина.

Дотолку повеќе што деновиве морам да признам, бидејќи во една од дискусиите беше споменато дека во Република Македонија не постои само материјална корупција, туку постои еден вид духовна, културна корупција итн., јас би сакал овде уште еднаш да потсетам Дека на ништо друго не ми личи, туку последните изјави, настапи на дел од овие министри кои што беа токму во периодот на Експертската Влада, г-динот Наумовски, каде што деновиве ние сме сведоци на еден јавен Тендер, но на кој што ќе се врши јавна нарачка за нова историја на Република Македонија, за нов правопис, за нов јазик, за ново писмо.

Од овие причини мислам дека има елементи на таква корупција во Република Македонија би било корисно да биде опфатено и делувањето на експертите, односно на Експертската Влада во тој период.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Љупчо Поповски.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг Н9 бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам Дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на министерствата, Владата и Собранието на Република Македонија.

За продолжувањето на седницата ќе бидете известени дополнително по писмен пат.

(Седницата прекина со работа во 18,50 часот).